Во училиштето се планираше и спроведуваше поединечно следење на напредувањето на наставниците и нивното вреднување преку работата на тимот за ,,Професионален развој на наставниците во училиштето“, како и следењата од страна на директорот и стручните соработници во училиштето преку посета на часови. Врз основа на добиените повратни информации од извршената самоевалуација на училиштето, како и врз основа на извештаите од посетени часови, наставниот кадар, стручните соработници и директорот ги идентификуваа слабите и јаките компетенции преку скалата за самопроценка. Секој од нив изработи Личен план за професионален развој, така што компетенциите се имплементираа во Планирањата на стручните активи на училиштето.

### 20.4. Хоризонтално учење

Во нашето училиште се креира училишна политика за хоризонтално учење, имајќи предвид дека истото е особено важно за подобрување на квалитетот на наставната дејност. Во оваа смисла, се планираат и реализираат повеќе активности. Имено, се практикуваат различни начини за пренесување и размена на знаењата и професионалното искуство. Се негуваат форми за поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу

наставниците, преку одржување ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки со цел зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација, почитувајќи го мислењето на секој поединец.

## 20.5.Кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште. Процесот на кариерен развој на наставниците/стручни соработници, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставник/стручен соработник-ментор и наставник/стручен соработник-советник. Воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

1. Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
2. Професионалните стандарди за наставник-ментор
3. Професионалните стандарди за наставник-советник

Во рамките на кариерен развој во нашето училиште има еден наставник кој е избран за наставник - ментор.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето се оствaруваше на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Семејствата и родителите на нашите ученици во првото полугодие од учебната 2025/2026 година беа редовно и навремено информирани и вклучени во сите активности кои ги планираше и реализираше училиштето. Родителите редовно се информираа за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби како и на седниците на Советот на родители. Со цел подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците, училиштето ги вклучуваше родителите за надминување на пројавените проблеми.

Преку соработката на одделенскиот наставник родителите навремено беа информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектираните проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаа увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето. **Прилог бр.20**

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, родителите електронски преку е – дневник, меил адресите и вибер групите кои ги формираа заедно со одделенските и предметни наставници се известуваа за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците. На веб - страницата на училиштето родителите транспарентно се информираат за термини и консултации со наставниците, за индивидуалните напредувања на учениците по одделни наставни предмети. Во соработка со нив, се посвети внимание за надминување на пројавените проблеми со успехот и почитувањето на кодексот на однесување. Одделенските и предметните наставници, навремено ги информираа родителите за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализацијата, адаптацијата и детектираните проблеми на учениците.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е взаемна. Многу често родителите соработуваа со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираа предавања од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и слично. Но, од друга страна и училиштето се јавуваше како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, превенција на меѓуврсничко насилство – булинг, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично). Подигањето и развивање на педагошката култура на родителите се вршеше преку организирање на стручни презентации и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето. Во соработка со Општина Центар и Асоцијација ХЕРА, Здружение ХОПС и Здружение “Отворете ги прозорците“, учениците и родителите беа информирани за можноста за користење на бесплатни услуги во насока на примање на психосоцијална помош на учениците и нивните семејства. Исто така, од страна на институтот за брак, семејство и системска пракса Алтернатива, училиштето е вклучено во меѓународниот проект Florish преку потпишан меморандум за соработка со Општина Центар. Целта на овој проект е реализација на работилници со ученици и родители во насока на нивно подобро родителство. Според Програмата за советување, психологот на училиштето изврши советување на родителите, а советодавната работа со родителите и учениците (индивидуална и групна) ќе продолжи да се одвива преку вклученост на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето.

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**Локална заедница** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)
Училиштето ја унапредува и продлабочува соработката со Општина Центар. Претставниците во училишниот одбор од Општината присуствуваа на јавни настани кои ги реализираше училиштето, ја следеа дејноста на училиштето, учествуваа во работата на Училишниот одбор.

| Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| Свечена приредба по повод приемот на првачињата | 1. 9.2025 | директор, наставници, ученици, родители, претставници од општина Центар |
| Посета на Македонска опера и балет следење на претставата Петар Пан | 22.9.20225 | наставници, ученици од II одд |
| Свечен прием на првачињата во Детската организација | 7.10.2025 | Општина Центар, наставници, ученици, родители |
| Посета на библиотека Другарче | 15.10.2025 | наставници, ученици од III одд |
| Посета на Халк банка | 31.10.2025 | наставници, ученици од Vодд |
| Учество во акцијата за собирање хуманитарна помош ( прехрамбени продукти) за социјално загрозени семејства под мотото „Помислете и на нас“ а во рамки на кампањата „Денови на гладта“ | 20-24.10.2025 | Црвен крст на Р.С.Македонија, наставници, ученици |
| Одбележување на денот на општина Центар и свечено доделување на стипендии на најуспешните ученици од областа на науката | 5.11.2025 | Градоначалник на Општина Центар, претставници од општината, наставници, ученици, родители |
| Одбележување на денот на општина Центар и свечено доделување на стипендии на најуспешните ученици од областа на културата | 6.11.2025 | Градоначалник на Општина Центар, претставници од општината, наставници, ученици, родители |
| Отворање на лига Центар и свечено доделување на стипендии на најуспешните ученици од областа на спортот | 12.11.2025 | Градоначалник на Општина Центар, Директор претставници од општината, наставници, ученици, родители |
| Инклузивна работилница со корисниците на дневниот центар за лица со попреченост „Порака“ | 13.11.2025 | Психолог, наставник, ученици од VIII одд. |
| Посета на детскиот фестивал „Златно славејче“ | 18.11.2025 | наставници, ученици I-III одд |
| Посета на општина Центар и средба со градоначалникот г.Горан Герасимовски | 19.11.2025 | наставници, ученици од IV одд |
| Предавање на тема Лична хигиена | 20.11.2025 | Доктор од ЦЈЗ,наставници и ученици од III одд. |
| Следење на инклузивната претстава“Сонот на едно дете“ | 2.12.2025 | наставници, ученици V-VIII одд. |
| Посета на библиотеката „Браќа Миладиновци“ | 17.12.2025 | Библиотекар,наставници, ученици IV и V одд , |
| Новогодишен базар | 23.12.2025 | наставници, ученици, родители I – V одд. |
| Посета на дневниот Центар за Церебрална парализа | 25.12.2025 | Педагог, специјален едукатор и рехабилитатор наставници, ученици, |
| Новогодишен училишен турнир во одбојка и фудбал | 19-26..12.2025 | наставници, ученици VI -IX одд. |

## Институции од областа на културата

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година, училиштето ја продолжи својата соработка со: културните институции на ниво на град Скопје, училиштата од Општината Центар, како и со училишта од другите општини на ниво на градот Скопје и надвор од него, со Општината Центар, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, Сектор за основно образование, разни организации кои делуваат во околината.

## Институции од областа на образованието

Во првото полугодие на учебната 2025/2026 година, училиштето соработуваше со МОН, БРО, ДПИ, Сектор за основно образование како дел од Општината, актив на директори на ниво на Општина Центар, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети и др.

| Институции | Теми и проблеми | Стратегии/ Начини на комуникација | Одговорни |
|---|---|---|---|
| **Министерство за образование и наука** | Законски регулативи<br>Решенија за наставни планови и програми<br>Упатства, формулари<br>Согласности за вработување<br>Календар за работа за учебната година<br>Проекти | Дописи, Извештаи,<br>Електронска комуникација | Директор |
| **Биро за развој на образованието (БРО)** | Реализација на наставни програми<br>Учество на семинари и обуки | Дописи, Извештаи<br>Електронска комуникација<br>Работилници | Директор, Стручни соработници, Наставници |
| **Државен просветен инспекторат** | Доследно спроведување на законската регулатива.<br>Уписи на првачиња<br>Водење на Педагошка евиденција и документација<br>Водење на Е-дневник | Дописи, извештаи<br>Електронска комуникација<br>Увиди, Состаноци, Разговори | Директор, Секретар<br>Стручни соработници |

## Невладини организации

Во текот на првото полугодие училиштето беше отворено за соработка и со невладини организации како што се: Детска амбасада, СОС - центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

## Спортски друштва

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, училиштето соработуваше со**:**

- *Младински К.К. Вардар*
- *Таленти Хандбоол*
- *О.К.Газели-Волеј*
- *Џампинг Клеј*
- *Алгоритмика*
- *Еурокидс*
- *Челинџ*
- *Модоарс*
- *Шах-Мат-Атлет*
- *КК Работнички*

## Здравствени организации

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, училиштето во првото полугодие на учебната 2025/2026 година, соработуваше со следните здравствени организации:

1. Школска амбуланта Бит пазар
2. Стоматолошка ординација – Идадија
3. Центар за јавно здравје
4. Центар за социјални работи
5. Фонд за здравство
6. Осигурителни компаниии др.
7. Завод за ментално здравје

**Медиуми** (со цел на промоција на училиштето)

Нашето училиштето става голем акцент на медиумска покриеност на активностите во училиштето. Училиштето има своја веб страница која редовно се ажурира, а информациите се споделуваат и на Фејсбук страната на училиштето.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорни/лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **1. Поддршка на учениците** | во текот на целата учебна година | директор, педагог | директор, стручни соработници и одговорни лица на тимови |
| **2. Ресурси** | во текот на целата учебна година | директор, педагог | директор, стручни соработници и одговорни лица на тимови |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, училиштето ги реализира и спроведе планираните активности, а воедно ќе врши следење и евалуација на акциските планови до крајот на учебната година. Во училиштето се поттикнува соработката помеѓу наставниците на тој начин што севкупната работа на училиштето е организирана преку работата на тимови кои одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Помеѓу тимовите постои отворена комуникација, взаемно почитување и соработка преку организирање состаноци на кои се овозможува конструктивно решавање на проблемите, при што се почитува мислењето на секој поединец.

Во текот на првото полугодие од училишната 2024/25 година во рамките на училиштето функционираа следните тимови

| ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДГОТОВКА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ И АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ 2025/2026 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Временска рамка (месец)** | | | | **Следење** | | | | |
| **Тимови кои работат во училиштето** | 9 | 10 | 11 | 12 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **очекувани резултати** | **одговорно лице** |
| **Детска организација** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | Начинот на спроведу вање и потребните ресурси за активностите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Инструмент ите се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | Очекуваните резултати за активностит е се наведени во посебните акциони планови за работа на тимовите | директор<br>стручни соработници |
| **Тим за естетско уредување на училиштето и училишниот двор** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Ученичко-училишна заедница** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Стручен актив на одделенска настава** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на актив | | | | |
| **Стручен актив на предметна настава** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на актив | | | | |
| **Тим за организирање на ученички екскурзии** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за јавна и културна дејност** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Еко тим** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тим за подобрување на следењето на планирањето на наставата и наставниот процес** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за подобрување на примената на стекнати знаења од обуките** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за работа со надарени ученици** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за подобрување и продлабочување на соработката со родителите** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за професионален развој на наставниците во училиштето** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за инклузија на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за меѓуетничка интеграција во образованието** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за превенција од насилното однесување во училиштето** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |
| **Тим за увид во педагошка евиденција и документација** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | одговорен на тим | | | | |

## 25. Заклучок

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година, училиштето успешно ги реализираше предвидените активности, потврдувајќи ја својата посветеност на квалитетно образование и инклузивност. Нашиот фокус останува на:

**Учениците:** Преку поддршка на талентите, дополнителна настава и воннаставни активности, поттикнуваме критичко размислување и примена на знаењето во пракса.

**Наставниот кадар:** Континуиран професионален развој и тимска соработка за модерна настава.

**Заедницата:** Отворена соработка со родителите, локалната самоуправа и организациите преку проекти за мултикултурализам и хуманитарни акции.

**Управувањето:** Транспарентно финансиско работење и постојано подобрување на наставните средства.

Нашата цел не е само пренесување знаење, туку создавање на одговорни и креативни млади луѓе кои знаат како да ги применат научените вештини во реалниот живот. Посветено работиме со талентираните ученици, но обезбедуваме и дополнителна поддршка за секое дете на кое му е потребна помош. Преку спорт, секции и проекти за мултикултурализам, ги поттикнуваме учениците да ги негуваат различностите и да градат емпатија. Постојано инвестираме во нови наставни средства и во професионалниот развој на нашите наставници, за часовите да бидат интересни и современи. Поддршката од родителите ни е клучна. Благодарение на нашата отворена и искрена комуникација, успеавме да реализираме голем дел од планираните хуманитарни акции и училишни активности. Продолжуваме транспарентно и со визија кон иднината, градејќи училиште каде секое дете се чувствува прифатено и поттикнато да го даде својот максимум.

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 070/296-661, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР.1**

## Извештај за работата на директорот во учебната 2025/2026 година

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и статутот на училиштето, обавува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставата и целокупното работење на училиштето.

| Подрачје на работа | Начин на реализација | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| **1.** Програмско – концепциско | | | |
| **1.1.** Учество во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето | Идеи, анализи, заклучоци | август | наставници |
| **1.2.** Учество во изработка на Програмата за екскурзии | Идеи, анализи, заклучоци | август | наставници |
| **1.3.** Изработка на Полугодишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година | Планирање, собирање податоци, советување, анализа. | јануари | наставници, стручни соработници |
| **1.4.** Распределба на часови по наставни предмети, одделенски раководители, формирање тимови за конкретни работни задачи, комисии и слично | Планирање и реализирање | септември | наставници, стручни соработници |
| **1.5.** Координирање при изготвување организациски распоред и проширена програма за одделенска настава | | | |
| **1.6.** Распоред за реализирање на слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава | Планирање и реализирање | септември | наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.7**.Проучување и анализа на Глобалните тематски планирања на наставата<br>**1.8** Изготвување план за стручно усовршување на наставниот кадар и негова реализација (Организирање на учество на семинари и обуки за стручно усовршување на наставниците) | Планирање и реализирање<br><br>Проучување и анализа | септември<br><br>септември | наставници<br><br>наставници, стручни соработници |
| **2.** Следење на организацијата и реализацијата на воспитно образовната и другата стручно педагошка работа во училиштето<br>**2.1.** Увид во планирањата на наставниците<br>**2.2.** Увид во планирањата за дополнителна, додатна и воннаставни активности и нивна реализација<br>**2.3.Увид во е - дневникот**<br>**2.4.Следење на реализирање на наставата - констатации од увидот на реализација на наставниот час -реализирани посети на час во паралелки од одделенска и предметна настава**<br>**2.5. Разгледување на програмите на менторите и насоки на приправниците во секојдневната работа (во изготвување на годишните, тематските и дневните планирања и реализација на наставата)** | Увид, следење, анализа, заклучок<br><br>Увид, следење, анализа, заклучок<br><br>Увид, следење, анализа, заклучок<br><br>Увид, следење, анализа, заклучок<br><br>Увид, следење, анализа, заклучок | во текот на првото полугодие<br><br>во текот на првото полугодие<br><br>во текот на првото полугодие<br><br>октомври, ноември<br><br>во текот на првото полугодие | наставници, стручни соработници<br><br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br><br>наставник-ментор.<br>наставник-приправник,<br>стручни соработници |
| **3.** Работа со стручни органи и тела во училиштето<br>**3.1** Следење на законската регулатива со кои се утврдени основите на програмите за работа на стручните органи- Наставничкиот и Одделенскиот совет, Стручните активи, одделенските раководители, директорот и стручните соработници. | Изготвување извештаи, почитување на законски акти<br><br>Подготовки,планирање, информирање | во текот на првото полугодие | наставници, стручни соработници , секретар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.2** Планирање и реализација на работата на:<br>**- Наставничкиот совет**<br>**- одделенските совети** | | во текот на првото полугодие | наставници, стручни соработници |
| **4. Аналитичка студиска работа Изготвување информации, извештаи, осврти и анализи за:**<br>**4.1.Опременост на кабинетите и условите за работа во училиштето (училиштето е целосно опремено со училиштен инвентар)**<br>**4.2.Успех и поведение на учениците на првиот класификационен период, крајот на првото полугодие,**<br>**4.3.Следење на реализацијата и резултатите од поставените приоритети во училиштето**<br>**4.4.Реализација на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година**<br>**4.5.Увид во тематските и дневните подготовки за часови на наставниците**<br>**4.6. Насоки, следење и помош на наставниците за реализација на наставата** | Договарање, информирање, организирање, реализирање<br>Планирање, собирање податоци, советување, анализа<br>Планирање, собирање податоци, советување, анализа<br>Анализа, заклучоци<br>Анализа, заклучоци<br>Договарање, информирање,организирање, реализирање | август, јануари<br>ноември,јануари<br>јануари<br>јануари<br>во текот на првото полугодие<br>август,септември,октомври | Административно-технички персонал<br>наставници, стручни соработници<br>стручни соработници наставници,<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници |
| **5. Соработка со родители, ученици и локална средина**<br>**5.1. Планирање и реализирање на родителски средби**<br>**5.2. Планирање и реализирање на форми на соработка со родителите (индивидуални, групни средби)**<br>**5.3. Соработка со ученици за одредени прашања на ниво на ученичка заедница, паралелки, групи или индивидуално**<br>**5.4. Индивидуално советување на родителите чии деца имаа потешкотии во постигнувањата и ученици кои покажуваа несоодветно однесување**<br>**5.5. Следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки,одделение, наставни предмети, пол и етичка припадност и изготвени се извештаи и анализи за секој класификационен период**<br>**5.6. Соработка со Бирото за развој на образованието и МОН**<br>**5.7. Соработка со други образовни институции** | Планирање, следење и анализа<br>Советување,разговори,информирање<br>Советување,разговори,информирање<br>Советување,разговори, информирање<br>Насочување, објаснување, информирање, следење, анализа | во текот на првото полугодие<br>во текот на првото полугодие<br>во текот на првото полугодие<br>ноември,јануари | наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.8. Соработка со локалната управа и Градоначалникот на општина Центар**<br><br>**5.9. Соработка со други институции значајни за работата на училиштето:**<br><br>**- владини организации**<br>**- Центар за социјални работи**<br>**-Општинската организација на Црвениот Крст**<br>**-Фонд за иновации и технолошки развој** | Насочување, објаснување, информирање, следење, анализа<br>Насочување, објаснување, информирање, следење, анализа<br><br>Насочување, објаснување, информирање, следење, анализа<br>Насочување, објаснување, информирање, следење, анализа | во текот на првото полугодие<br><br>во текот на првото полугодие | наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br>наставници, стручни соработници<br><br>наставници, стручни соработници |
| **6. Грижа за професионален развој на наставниот кадар**<br><br>**Личен и професионален развој**<br>- Управување со човечки ресурси<br>- Напредни обуки од ДИЦ:<br>*„Практична примена на законите од областа на образованието“*<br>*„Подготовка и финансирање на проекти“*<br>*„Менаџирање со стрес на работно место“*<br>*„Превенција од корупција-етика и интегритет во образование“*<br>**6.1. Реализација на програмите на стручните активи на одделенска настава**<br>**6.2. Реализација на програмите на стручните активи на јазичниот актив на предметна настава**<br>**6.3. Реализација на проектите во Училиштето –**<br>**- „Меѓуетничка интеграција во образованието“** (реализација на активности со партнер училиштата)<br>**- „Компостирање во училиште за здрава животна средина“-консултативни средби за продолжување на проектот**<br>**-е - Твининг**<br>**-Еразмус +** | Договарање, насочување, објаснување, информирање, следење, анализа.<br><br>Договарање, насочување, објаснување, информирање,<br><br>Договарање, насочување, објаснување, информирање, следење, анализа | во текот на првото полугодие<br><br>октомври-декември<br><br>континуирано цело полугодие | наставници, стручни соработници<br><br>наставници носители на проектот<br><br>наставници носители на проектот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **-За да се развива детскиот ум, потребно е прво да се засади семе<br>-Зелени пораки за Зеленодонија<br>-GLOBE програма<br>-Gift In-Erasmus проект за развивање на потенцијалите кај талентирани и надарени ученици<br>- Проект за медиумска писменост Digi Media** | | | |
| **7. Други работи и работни задачи<br>7.1.Постојана грижа за обезбедување материјално-технички услови за работа на училиштето** | Договарање, насочување, објаснување, информирање, следење, анализа | во текот на првото полугодие | административна служба |
| **7.2.Следење и увид во работата на административната служба на училиштето** | Анализа, следење, почитување на законски акти | во текот на првото полугодие | административна служба |
| **7.3.Следење и увид на финансовото работење на училиштето** | Изготвување извештаи, почитување на законски акти | во текот на првото полугодие | административна служба |
| **7.4.Активно учество во работата на Училишниот одбор и Советот на родители** | Советување, разговори,инфор мирање | во текот на првото полугодие | наставници, стручни соработници |

**Директор: Биљана Билбиловска**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 070/296-661, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**Прилог бр.2**

## Извештај за работата на училишниот педагог во првото полугодие од учебната 2025/2026 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје I – РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | | | | |
| ***Поддршка на учениците во учењето*** | | | | |
| **1.** | Работилници за подобрување на учењето на учениците преку едукација за Модели на успешно учење | прво полугодие | педагог дефектолог | Подобрен успех на учениците |
| **2.** | Индивидуално и/или групно поучување на учениците со потешкотии во учењето | континуирано во текот на учебнта годината | педагог дефектолог | Едукација на ученици за надминување на потешкотиите во учењето |
| **3.** | Врши запишување на ученици и формирање на паралелки | мај-август | педагог | Мотивирани ученици за поаѓање во училиште |
| **4.** | Следење на адаптацијата и напредокот на првачињата | континуирано во текот на учебната годината | стручни соработници, наставници | Подобрена работната атмосфера и дисциплината во паралелките |
| **5.** | Учество во изработка на индивидуален образовен план за ученици со пречки во развојот | август-септември | педагог,наставници, родители, дефектолог | Приспособени наставни содржинисогласно нивните потреби и можности |
| **6.** | Советодавна работа со учениците кои послабо напредуваат и имаат проблеми во начинот на однесувањето во паралелката, комуникацијата и поведението | континуирано во текот на учебната година | педагог наставници | Подобрена комуникација, однесување и поведение кај учениците |
| **7.** | Учествува во работата со талентирани ученици | континуирано во согласност со програмата за талентирани ученици | стручни соработници наставници | Подобрена е работата со талентирани ученици |
| **8.** | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставни и воннаставни активности | континуирано | стручни соработници наставници | одобрено учење и поттикнати ученици за учество во воннаставни активноси Постигнати подобри резултати |
| ***Следење и поддршка на развојот на учениците*** | | | | |
| **1.** | Помош на учениците за справување со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство). Анксиозни однесувања | континуирано во текот на првото полугодие | психолог педагог | Стручна помош и поддршка на учениците во надминувањето на состојбите |
| **2.** | Проверување на брзина и точност на читање на учениците како и нивните предчитачки способности | прво полугодие | педагог | Увид во усвоеноста на техниката на читањето кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Интервенирање при несоодветно однесување на учениците работилница на тема:<br>**-Наша училница наши правила во V одд**<br>**-Правила за разрешување на конфликти во VI одд.** | Ноември-декември | педагог | Разрешени настанати конфликти и проблеми |
| **5.** | **Презентација на тема: Техники на учење во VI одд.** | септември | педагог | |
| **6.** | **Презентација на тема:**<br>**-Превенција од ненасилно однесување во VII и VIII одделение** | декември | педагог | Разрешени настанати конфликти и проблеми |
| **7.** | Интервенирање при несоодветно однесување на учениците работилница на тема:<br>-**Од зборови што болат до зборови што градат во IX одд.**<br>-**Видови и начини на комуникација во IX одд.** | декември | педагог | Разрешени настанати конфликти и проблеми |
| **8.** | Реализирање работилници и други активности со ученици за здрава храна,трговија со луѓе како и работилници за користење на техники за успешно учење | континуирано во текот на првото полугодие | педагог<br>наставници | Здрава исхрана на учениците,како и заштита од надворешни негативни влијанија |
| **9.** | Работилници на теми поврзани со физичкото и менталното здравје (зависности, асоцијално однесување, дискриминација сл.) | континуирано во текот на првото полугодие | педагог | Надминати одредени здравствени состојби кај учениците |
| **10.** | Учество во идентификацијата и реализацијата на воннаставни активности на учениците | септември-октомври | педагог | Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето |
| **11.** | Реализирање активности со Ученичка и Детска организација за практикување демократија и детски права во училиштето | континуирано во текот на првото полугодие | педагог | Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето |
| **12.** | Советување и следење на ранлива група ученици | континуирано во текот на првото полугодие | психолог<br>педагог | Подобрен успех и поведение на учениците |
| | ***Професионална и кариерна ориентација на учениците*** | | | |
| **1.** | Индивидуално и групно советување на учениците за правилен избор на понатамошно образование или професија | континуирано | педагог<br>наставници | Соодветно насочување и правилен избор на учениците за идната професија |
| | **Подрачје II – РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Поддршка на наставниците за планирање и реализација на восп.- образ. процес*** | | | |
| **1.** | Стручна помош и поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес | во текот на годината | стручни соработници | Подобрен квалитет на работата на наставниците |
| **2.** | Помагање на наставниците при изработка на објективни тестови на знаења | во текот на годината | стручни соработници | Правилна изработка на тестови на знаења |
| **3.** | Давање насоки и стручна помош за документирање на постигањата на учениците (групни, индивидуални консултации) | прво полугодие | стручни соработници | Правилно формативно следење и оценување на учениците |
| **4.** | Стручна помош и менторирање на наставници приправници | во текот на годината | педагог | Насочување на приправниците за правилно и одговорно извршување на работните задачи |
| **5.** | Изработување инструменти за самовреднување на наставата | прво полугодие | стручни соработници | Евалуација на работата |
| **6.** | Состаноци со координаторите и одговорните на проектите и организациите во училиштето | во текот на првото полугодие | стручни соработници | Евалуирани активности и издвоени идни приоритети |
| **7.** | Поддршка на наставниците во однос на нивниот професионален развој | континуирано во текот на целата учебна година. | стручни,соработници наставници,директор | Насочени и поттикнати наставници |
| **8.** | Советодавна помош и насоки на наставниците при изработка на нивниот личен план за професионален развој | континуирано во текот на целата учебна година. | стручни,соработниц, наставници,директор | Совладан и добро изработен личен план на наставниците |
| | ***Поддршка на наставниците за работа со учениците*** | | | |
| **1.** | Едукативни работилници за наставници (според потребите на наставниците) | Во текот на годи | стручни соработници | Според потребите на наставниците Подобрен квалитет на наставата |
| **2.** | Следење и стручни консултации со наставниците за примена на активна настава во воспитно-образовниот процес и интеракција У-У | во текот на годината | стручни соработници | Применување на активна настава и интеракција во наставата |
| **3.** | Објаснување и демонстрирање начини на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето | во текот на годината | стручни соработници | Подобрена е работата на наставниците |
| **4.** | Реализација на часови во одделенска настава и опсервација на ученици при замена на отсутен наставник | континуирано | педагог, наставници | Добро организирана редовна настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | Координација на работата во предметна настава како резултат на отсутен наставник | континуирано | стручни соработници | Добро организирана редовна настава |
| ***Поддршка на наставниците за работа со родителите*** | | | | |
| **1.** | Упатување на наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите | во текот на годината | стручни соработници | Подобрена комуникација наставник-родител |
| **2.** | Градење стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци во разни области | прво полугодие | стручни соработници | Активно вклучени родителите во работата на училиштето |
| **3.** | Предлагање содржини за Совет на родители и родителски средби соодветни на потребите | во текот на годината | стручни соработници | Реализирани содржини според потребите |
| **Подрачје III - РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | | | |
| ***Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите*** | | | | |
| **1.** | Реализирање стручни консултации и помош на родителите на учениците со ПОП | прво полугодие | стручни соработници | Информирани родителите на децата со ПОП за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и упатени до релевантни институции за помош |
| **2.** | Реализирање индивидуални консултации со родителите за изработка на индивидуален образовен план и поддршка на децата со ПОП | септември-октомври | педагог<br>дефектолог<br>наставници | Приспособени наставните содржини согласно нивните потреби и можности |
| **3.** | Советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување | континуирано во текот на првото полугодие | стручни соработници | Подобрен успех и поведение на учениците |
| ***Едукација на родители*** | | | | |
| **1.** | Подготвување материјали за едукација на родителите (презентации, брошури, флаери, пишани материјали). | Континуирано во текот на годината | стручни соработници | Корисни и применливи материјали за едукација на родители |
| **2.** | Организирање групни и индивидуални средби за стручна помош и поддршка на родители | континуирано во текот на годината | стручни соработници | Едукација на родители за надминување на потешкотиите во учењето на учениците |
| ***Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето*** | | | | |
| **1.** | Планирање и активно вклучување на родителите во воспитно - образовниот процес | во текот на годината | стручни соработници | Формирање групи од родители за различни области од работата на училиштето<br>Активно вклучени родители во воспитно-образовниот процес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје IV - СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА** | | | | |
| ***Соработка со локалната заедница*** | | | | |
| **1.** | Планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата<br>со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и воннаставни активности) | прво полугодие | педагог<br>наставници<br>родители | Продлабочување на соработката со Локалната зедница и сознанијата во одредени области |
| **2.** | Информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето. | континуирано во текот на првото полугодие | педагог, наставници родители | Унапредување на комуникација со Локалната заедница |
| **3.** | Организирање и реализирање превентивни, хуманитарни и културни активности на Локалната заедница | континуирано во текот на првото полугодие | педагог, наставници родители | Активно вклучување во активностите на Локалната заедница |
| **4.** | Соработување со Локалната заедница при справување со кризни ситуации (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и сл) | континуирано во текот на првото полугодие | педагог, наставници родители | Подигнување на свест за хуманост |
| **5.** | Планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование<br>-**апликација со проект „Мостови на културата“ за добивање грант од МОН за МИО** | Континуирано во текот на првото полугодие | педагог, наставници родители | Продлабочување на соработката со Локалната зедница за интеркултурно образование |
| ***Соработка со стручните институции и организации*** | | | | |
| **1.** | Консултирање институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители за сопствената работа и земање предвид на нивните препораки | континуирано во текот на годината | педагог<br>наставници | Разрешени одредени ситуации и проблеми<br>Подобрен успех за сопствената работа |
| **2.** | Планирање и остварување соработка со училиштата од реонот и пошироко | континуирано во текот на годината | педагог<br>наставници | Подобрен квалитетот на воспитно-образовниот процес |
| **3.** | Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институции за решавање на одреден проблем | континуирано во текот на годината | педагог<br>наставници | Разрешени одредени ситуации и проблеми |
| **4.** | Соработка со стручни институции и организаии- ЦСР, Факултети, МВР,МКФ, ЗМЗ,МЦГО,МОН,БРО | континуирано во текот на годината | педагог<br>наставници | Подобрување на успехот и оведението на учениците, подобрен квалитет на наставата и работата на училиштето |
| **Подрачје V - ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | | | |
| ***Личен професионален развој*** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Внесување иновации во сопствената работа и вршење проценка на нивната ефективност | Континуирано во текот на годината | педагог | Подобрен квалитет на сопствената работа |
| **2.** | Планирање и евидентирање на сопствениот професионален развој | прво полугодие | педагог | Изработен личен план за професионален развој и евидентирани спроведени активности |
| **3.** | Примена во практиката на новините од струката | континуирано во текот на годината | педагог | Подобрен квалитет на работата |
| **4.** | Посета на семинари, обуки, предавања, дебати, работилници<br>-**учество на конференција Friends of Education**<br>-**обука за пилот проект Водич за адолесценција**<br>**-Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество**<br>**-Гејмификација-користење игри за развој на креативно и критичко мислење** | континуирано во текот на годината | педагог | Унапредување на сопственото работење |
| | ***Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето*** | | | |
| **1.** | Прибирање податоци, анализирање на потребите за професионален развој на наставниците | прво полугодие | педагог | Увид во потребите за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници |
| **2.** | Идентификување и предлагање теми за обука во училиштето | прво полугодие | педагог | Поддршка и идентификување на потребите за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници |
| **3.** | Следење на обуки во насока на професионалниот развој<br>**-обука за Медиумска писменост Digi Media** | прво полугодие | педагог | Подобрување на професионалните компетенции на стручните соработници |
| **3.** | Дисеминирање на стекнати знаења и вештини од посетувани обуки<br>-**дисеминација од обука за Медиумска писменост преку Erasmus проект Digi Media** | континуирано во текот на годината | педагог<br>наставници | Унапредување на реализацијата на наставниот процес |
| **4.** | Водење документација за професионалниот развој на наставниците | континуирано во текот на годината | педагог | Следење и насочување на Професионалниот развој на наставниците |
| | **Подрачје VI – АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Анализа и проценка на восп.образ. работа*** | | | | |
| **1.** | Предлагање и учество во акциски истражувања | во текот на годината | педагог | Едуцирање и насочување на наставниците за применување на Акционо- истражување во воспитно-образовната практика зголемување на ефективноста на наставата |
| **2.** | Интерпретирање на сознанијата од акциските истражувања | во текот на годината | педагог наставници | Размена на искуства и сознанија, Подобрување на квалитетот на наставата |
| **3.** | Изработка на извештаи | во текот на годината | педагог наставници | Изработен годишен извештај на училиштето |
| **4.** | Проверка на годишните програми на наставниците | Септември-октомври | педагог наставници | Соодветно изработени Годишни програми |
| **5.** | Анализа и проценка на воспитно -образовната работа | во текот на годината | педагог наставници | Изработување самоевалуација |
| ***Истражување на воспитно-образовната работа*** | | | | |
| **1.** | Анализа и статистичка обработка на успехот и поведението на учениците | Прво тромесечие, Прво полугодие | педагог наставници | Согледување на состојбата во успехот и поведението на учениците и нејзино подобрување |
| **Подрачје VII - УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА** | | | | |
| ***Училишна структура и организација (планирање, следење на настава, педагошка евиденција и документација, евалуација)*** | | | | |
| **1.** | Следење наставни часови, анализирање на сознанијата и предлог мерки за подобрување | во текот на годината | педагог | Квалитетна реализација на наставата |
| **2.** | Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација и предалог мерки за подобрување | во текот на годината | педагог наставници | Правилно водење на педагошката документација и евиденција |
| **3.** | Организирање на работата во училиштето | во текот на годината | педагог | Навремен и непречен тек на активностите во училиштето,подобрување на организацијата во училиштето |
| **4.** | Соработка со стручните органи и тела во училиштето | континуирано во текот на годината | педагог наставници | Подобрување квалитетот на воспитно-образовниот процес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | Водење евиденција за работата со учениците, наставниците и родителите | континуирано во текот на годината | педагог | Документирање на спроведените активности со учениците, наставниците и родителите |
| **6.** | Учествуво во работата на инклузивниот тим во училиштето | континуирано | Членови на инклузивен тим | Подобрена настава за учениците со ПОП |
| | ***Училишна клима, безбедна средина и демократско учење*** | | | |
| **1.** | Учество во работата со ученичката заедница, ученичките организации<br>-**Организирање на Новогодишен турнир во фудбал и одбојка по предлог на ученичката заедница** | континуирано во текот на годината | педагог<br>наставници | Демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето |
| **2.** | Креирање на позитивна социоемоционална клима | во текот на годината | педагог | Организирање предавања и работилници за создавање позитивна клима за работење |
| **3.** | Идентификување и превенирање на случаите на дискриминација и нерамноправност во училиштето и преземање соодветна акција | Континуирано во текот на годината | педагог | Отстранување на секаков вид дискриминација и нерамноправност во училиштето |

**Педагог: Марина Стојановска**

**Прилог бр.3**

## Извештај за работата на училишниот психолог во првото полугодие од учебната 2025/2026 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје I – РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | | | | |
| ***Поддршка на учениците во учењето*** | | | | |
| **1.** | Работилници за подобрување на учењето на учениците | Континуирано во текот на учебната годината | Стручни соработници | Подобрен успех на учениците |
| **2.** | Индивидуално и/или групно поучување на учениците со потешкотии во учењето | Континуирано во текот на учебната година | Стручни соработници | Едукација на ученици за надминување на потешкотиите во учењето |
| **3.** | Врши запишување на ученици и формирање на паралелки | Мај - август | Комисија за упис на првачиња<br>Стручни соработници | Мотивирани ученици за поаѓање во училиште |
| **4.** | Следење на адаптацијата и напредокот на првачињата | Континуирано во текот на учебната годината | Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Подобрена работна атмосфера и дисциплина во паралелките |
| **5.** | Советодавна работа со учениците кои послабо напредуваат и имаат проблеми во начинот на однесувањето во паралелката, комуникацијата и поведението | Континуирано во текот на учебната година | Психолог<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Подобрена комуникација, однесување и поведение кај учениците |
| **6.** | Учествува во работата со талентирани ученици | Континуирано, во согласност со програмата за талентирани ученици | Стручни соработници<br>Наставници | Подобрена е работата со талентирани ученици |
| **7.** | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставни и воннаставни активности | Континуирано | Стручни соработници<br>Наставници | Подобрено учење и поттикнати ученици за учество во воннаставни активности<br>Постигнати подобри резултати |
| ***Следење и поддршка на развојот на учениците*** | | | | |
| **1.** | Помош на учениците за справување со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство, анксиозни однесувања) | Континуирано во текот на учебната година | Психолог<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Стручна помош и поддршка на учениците во надминувањето на состојбите; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - Индивидуални разговори и индивидуална поддршка на ученици и родители;<br>- Работилница **„Разбирање на менталното здравје и ментална хигиена“ - VI и VII одд.** | | | Преку реализираните работилници учениците се запознаа со значењето на менталното здравје и менталната хигиена како важни фактори за здрав и одговорен начин на живот. Се зголеми нивната свесност за препознавање на емоционалните состојби и здрави начини на справување со стрес и предизвици |
| **2.** | Интервенирање при несоодветно однесување на учениците. | Континурано во текот на учебната година | Психолог<br>Стручни соработници<br>Наставници | Разрешени настанати конфликти и проблеми |
| **3.** | Реализирање работилници и други активности со ученици за здрава храна, трговија со луѓе, како и работилници за користење на техники за успешно учење | Континурано во текот на учебната година | Стручни соработници<br>Наставници | Здрава исхрана на учениците, како и заштита од надворешни негативни влијанија |
2ро место за 7мо одделение – 7в одделение
3то место за 7мо одделение – 7а одделение
1во место за 8мо и 9то одделение – 8б одделение
2ро место за 8мо и 9то одделение – 8а одделение
3то место за 8мо и 9то одделение – 9а одделение

Разултати за одиграни натпревари во одбојка:

1во место за 6то одделение – 6в одделение
2ро место за 6то одделение – 6б одделение
3то место за 6то одделение – 6г одделение
1во место за 7мо одделение – 7б одделение
2ро место за 7мо одделение – 7а одделение
1во место за 8мо и 9то одделение – 8а одделение
2ро место за 8мо и 9то одделение – 9а одделение
3то место за 8мо и 9то одделение – 8б одделение

По завршување на турнирот на ден 29.12.2025год. официјално беа доделени пехари за првопласираните екипи, како и пофалници за учество на сите спортски екипи на овој турнир кој беше успешно реализиран.

**Одговорни наставници:**

**Предраг Трајковски, Емилија Јаничиќ, Николче Тодоровски, Јане Стојков**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 070/296-661, e-mail: ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР. 15**

**ИЗВЕШТАЈ**

**за реализиран есенски излет**

На ден 25. 9. 2025 година беше реализиран еднодневен есенски излет во Градскиот парк.

Учениците на овој есенски излет тргнаа од училишниот двор во 8 и 15 минути пеш до Градскиот парк и се вратија назад во училиште во 13 и 30 часот.

На еднодневниот есенски излет учествуваа учениците од училиштето и нивните одделенски наставници.

Посетата на оваа локација беше учениците да ги истражат убавините на природните појави и да воспостават и развијат пријателство низ заеднички друштвени игри, рекреација и забава.

Учениците направија групни прошетки во придружба на своите наставници.

Целта на овој еднодневен есенски излет беше од забавно рекреативен карактер за развивање интерес кон природата и градење еколошки навики кај учениците.

Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности, дружење и споделување добри спомени.

Излетот помина во најдобар ред.

**Одговорен наставник: Даниела Паневска Саздовска**

**ПРИЛОГ БР. 16** **Полугодишен извештај од реализација на акциските планови од проектите во училиштето**
**ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ**

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, во рамките на Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем се реализираа низа активности со цел подобрување на условите за престој и работа во училиштето и поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и еколошки да дејствуваат интегрирајќи ги целите од програмата во воспитно – образовениот процес.

**Цели:**

- Реализирање на еколошкото образование во воспитно - образовниот процес
- Подобрување на условите за престој и работа во училиштето
- Поттикнување на учениците и вработените да ја развиваат својата еколошка свест.

**Извештај за ЕКО ИНТЕГРАЦИЈА во училиште – ЕКО ОДБОР**

Од планираното во годишната програма, ова полугодие ЕКО одборот ги реализираше следните активности:

| **Реализирана активност** | **Време на реализација** | **Постигнати ефекти** |
|---|---|---|
| Состанок на ЕКО одборот | 29.8.2025 | Консултација во однос на програмата |
| Анализа на состојбата на животна средина | 2-4.9.2025 | Сознание за влијанието на училиштето врз животната средина |
| Подготовка на Програма и план на активности | 4.9.2025 | Дискусија за содржините и активностите |
| Формирање на еко патроли од ученици и запознавање со програмата за интеграција на еколошка едукација | 4.9.2025 | Подигање на еко свеста на учениците подготвеност за идни проектни активности |
| Формирање еко тимови (на ниво на секоја паралелка) и задавање на задачи | 4.9.2025 | Подигање на еко свеста на учениците на ниво на паралелка |
| Реконструирање на еко катче и поставување на еко огласна табла | 2.12 2025 | Подигање на еко свеста во училиштето. Зголемување лична одговорност |
| Посебни активности од екологија | 5.9-11.12 2025 | Редовно и успешно реализирање на еколошките активности<br>Подигање на еко свеста кај учениците и поширoката заедница |
| Изготвување на полугодишен извештај | 30.12.2025 | Дискусија и разгледување на реализираните активности за прво полугодие |

Членови на ЕКО ОДБОР:

| | |
|---|---|
| **Јасмина Драгеска - одговорен предметен наставник** | **Маја С. Станковска- член одделенски наставник** |
| **Елена Стојилковска - член предметен наставник** | **Лидија Панова Стојановска- член одделенски наставник** |
| **Даниела Паневска Саздовска - член предметен наставник** | **Јана Трајковска –предметен наставник- новинарска секција и училишен весник** |
| **Благица Блажевска Богдановска - член предметен наставник** | **Радица Миланова – предметен наставник - меѓупредметна интеграција** |

| **Ана Накова - член одделенски наставник** | **Марина Стојановска – педагог** |
|---|---|

**Еколошки содржини поврзани со наставната програма**

**Извештај за реализирани содржини во првото полугодие од учебната 2025/26 година**

| **Реализирана активност** | **Време на реализација** | **Носители/реализатори** | **Постигнати ефекти** |
|---|---|---|---|
| Меѓународен ден на озонската обвивка | 16 Септември 2025 | Одделенски наставници и ученици | Развивање на чувство за околината |
| Поставување на ”Еко катче” за учебната 2025/26 | 17 Септември 2025 | Ученици членови на ЕКО Клуб | Осознавање на значењето на екологијата |
| Миењето раце заштитува од вируси - Како правилно се мијат рацете? (разговор, практична примена) | 23-25 Септември 2025 | Одделенски и предметни наставници | Развивање свест на здрави навики |
| Одбележување на -”Меѓународен ден без автомобили” | 22 Септември 2025 | Одделенски и предметни наставници и ученици | Поттикнување ма нашата одговорност за природата на планетата Земја да остане чиста, незагадена, како да се однесуваме кон истата и што можеме да направиме за да и помогнеме. |
| Важноста на водата - Системи за наводнување, Стар Египет | 25 Септември 2025 | Предметен наставник по Историја и општество и ученици од VI одд | Збогатување на знаењата и потенцирање на важност на водата во Античкиот Свет |
| Одбележување на “Светски ден на живеалиштата | 7 Октомври 2025 | Предметни наставници и ученици од VI, VII, VIII и IX. | Усвоени знаења за значењето на природните живеалишта и нивните жители. |
| Грижа за околината | 8 Октомври 2025 | Одделенски и предметни наставници и ученици | Создавање позитивно еколошко однесување |
| Одбележување на “Меѓународен ден на пешаците” | 15 Октомври 2025 | Ученици од VII, VIII и IX одд | Подигнување на јавната свест за придобивките од пешачењето |
| Меѓународен ден на храната” | 28 Октомври 2025 | Ученици од VII, VIII и IX одд | Подигнување на свет за правилна исхрана |
| Што е компостирање?<br>Што е рециклирање? | Септември - Октомври 2025 | Одделенски и предметни наставници и ученици | Подигнување на свеста кај младите генерации за правилно управување со органскиот отпад во функција на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | заштита на животната средина и здравјето на луѓето. |
| Посета на кабинетот по биологија и хемија (во училиштето) и запознавање со програмата за секцијата по биологија и хемија | 4 Ноември 2025 | Предметен наставник по Биологија и Хемија и ученици од VI и VII | Поттикнување на учениците за емпатија кон природните науки |
| Како селектираме отпад, компостирање, активности, собирање на листови и средување на дворот на училиштето | 13 Ноември 2025 | Одделенски и предметни наставници и ученици | Преку едукација се подигна еколошката свест кај учениците. |
| Светски ден на планините | 11 Декември 2025 | Предметни наставници и ученици од VI, VII, VIII и IX | Збогатување на знаењата за планините во Македонија |

### „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“

Состанок на тимот и предлог активности за новата учебна година. Изработка на акциски план за работа на членовите на тимот и поделба на одговорности. Размена на идеи за реализација на нови активности.

Формирање на идеја за проект, организација на активности, временска рамка, определување на учесници во проектот, поделба на активностите на наставниците од тимот . Изработка на проект **„Мостови на културата“.**

1.12.2025 г. Аплицирање со изработениот проект за Гранд кој поддржува активности во духот на меѓуетничката интеграција во нашата државата, поддржан од МОН.

**Одговорен наставник: Ѓорѓи Ристески**

**Извештај за спроведени активности од Ботаничка градина за прво полугодие од учебната 2025/2026г.**

Ботаничката градина е простор каде учениците ќе напредуваат во знаењата и се подучуваат за научно-истражувачка работа.

Проектот за Ботаничката градина има за цел:

- да овозможи учениците да прават истражувања и да работат интерактивно

-да се потикнува љубопитноста на учениците и да се создава работна навика

-да се подучат да фаќаат белешки, анализа и средување на податоци од кои ќе извлекуваат заклучоци

- учениците се консултираат со ботаничари и еколози од Природно-математички факултет за видови на лековити растенија и нивна територијална распространетост

-поддршка на подобрените достигнувања на учениците во науката и математиката.

Во прво полугодие се реализираа следниве активности:

- **Составување на листа од лековити растенија**

**- Дефинирање на просторот и изгледот на ботаничка градина**

**-Уредување на внатрешниот простор на ботаничата градина (поставување на потребната опрема)**

Активности ќе се реализираат и во текот на второто полугодие вклучувајќи и предвидените експерименти.

**Стручен тим:**
**Предметен наставник - Јасмина Драгеска**

**Предметен наставник - Павлинка Цонева**

**Одделенски наставник - Лидија П.Стојановска**

**Одделенски наставник - Маја С.Станковска**

**Извештај за спроведени GLOBE активности од GLOBE програмата за прво полугодие од учебната 2025/2026г.**

Програмата GLOBE е меѓународна научна и образовна програма која се фокусира на промовирање на научната писменост и градење врски помеѓу луѓето кои ја проучуваат животната средина.

GLOBE има три основни цели:

-зголемување на свеста за животната средина,

-придонесување за зголемено научно разбирање на Земјата (прецизни мерења во повеќе делови на глобално ниво. Со овие мерења се збогатува дата базата на НАСА со што би се правеле по прецизни предвидувања во делот атмосфера,биосфера, хидросфера и педосфера.

-и поддршка на подобрените достигнувања на учениците во науката и математиката.

Со учество во GLOBE, учениците, едукаторите, граѓанските научници и истражувачите можат да се поврзат со глобалната заедница на програмата.

Во текот на првото полугодие со добивање на опремата (метеоролошка куќичка со инструменти) беа започнати и реализирани одредени мерења и експерименти според протоколите на GLOBE програмата и планираните цели од годишната програма со активности.

Во однос на делот АТМОСФЕРА редовно (секојдневно) се вршеа мерења со дадени инструменти.

Мерењата ги вршеа групи од ученици од 6-9то одделение и истите ги внесуваа во соодветна апликацијата.

Дел и од учениците од пониските одделенија имаа можност да ги разгледаат инструментите и апликацијата со цел побудување интерес кон истражувачката работа.

GLOBE истражувањата ќе се реализираат и во текот на второто полугодие.
**GLOBE тим:**
**Предметен наставник - Јасмина Драгеска**

**Предметен наставник - Павлинка Цонева**

**Одделенски наставник - Лидија П.Стојановска**

**Одделенски наставник - Маја С.Станковска**

**ПРИЛОГ БР. 17**

**Табеларен приказ за реализација на наставата во првото полугодие од учебната 2025/2026 година од I до IX одд.**

| **Прво одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Наставни предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Нереализирани часови |
| Македонски јазик | 61 | 61 | / |
| Математика | 62 | 62 | / |
| Природни науки | 29 | 29 | / |
| Музичко образование | 12 | 12 | / |
| Ликовно образование | 13 | 13 | / |
| Физичко и здравствено образование | 36 | 36 | / |
| Англиски јазик | 35 | 35 | / |
| Општество | 13 | 13 | / |
| **Второ одделение** | | | |
| Македонски јазик | 61 | 61 | / |
| Математика | 62 | 62 | / |
| Природни науки | 24 | 24 | / |
| Ликовно образование | 11 | 11 | / |
| Музичко образование | 11 | 11 | / |
| Физичко и здравствено образование | 27 | 27 | / |
| Англиски јазик | 35 | 35 | / |
| Општество | 12 | 12 | / |
| **Трето одделение** | | | |
| Македонски јазик | 57 | 57 | / |
| Математика | 56 | 56 | / |
| Природни науки | 23 | 23 | / |
| Музичко образование | 12 | 12 | / |
| Ликовно образование | 11 | 11 | / |
| Физичко и здравствено образование | 33 | 33 | / |
| Англиски јазик | 33 | 33 | / |
| Општество | 12 | 12 | / |
| **Четврто одделение** | | | |
| Македонски јазик | 84 | 84 | / |
| Математика | 84 | 84 | / |
| Природни науки | 34 | 34 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историја и Општество | 33 | 33 | / |
| Техничко образование и информатика | 18 | 18 | / |
| Физичко и здравствено образование | 51 | 51 | / |
| Музичко образование | 17 | 17 | / |
| Ликовно образование | 17 | 17 | / |
| Англиски јазик | 52 | 52 | / |
| Слободни изборни предмети | 33 | 33 | / |
| **Петто одделение** | | | |
| Македонски јазик | 87 | 87 | / |
| Математика | 87 | 87 | / |
| Природни науки | 33 | 33 | / |
| Историја и Општество | 35 | 35 | / |
| Ликовно образование | 17 | 17 | / |
| Физичко и здравствено образование | 53 | 53 | / |
| Музичко образование | 17 | 17 | / |
| Англиски јазик | 52 | 52 | / |
| Техничко образование и информатика | 36 | 36 | / |
| Слободни изборни предмети | 35 | 35 | / |
| **Шестто одделение** | | | |
| Македонски јазик | 68 | 68 | / |
| Англиски јазик | 52 | 52 | / |
| Германски јазик | 35 | 35 | / |
| Математика | 87 | 87 | / |
| Историја и Општество | 35 | 35 | / |
| Природни науки | 49 | 49 | / |
| Техничко образование и информатика | 45 | 45 | / |
| Музичко образование | 17 | 17 | / |
| Ликовно образование | 17 | 17 | / |
| Физичко и здравствено образование | 51 | 51 | |
| Слободни изборни предмети | 33 | 33 | / |
| **Седмо одделение** | | | |
| Македонски јазик | 67 | 67 | / |
| Англиски јазик | 50 | 50 | / |
| Германски јазик | 35 | 35 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Математика | 70 | 70 | / |
| Историја | 34 | 34 | / |
| Географија | 33 | 33 | / |
| Биологија | 35 | 35 | / |
| Ликовно образование | 18 | 18 | / |
| Музичко образование | 16 | 16 | / |
| Физичко и здравствено образование | 52 | 52 | / |
| Слободни изборни предмети | 32 | 32 | / |
| **Осмо одделение** | | | |
| Македонски јазик | 68 | 68 | / |
| Англиски јазик | 52 | 52 | / |
| Германски јазик | 34 | 34 | / |
| Математика | 66 | 66 | / |
| Историја | 34 | 34 | / |
| Географија | 35 | 35 | / |
| Биологија | 34 | 34 | / |
| Ликовно образ. | 18 | 18 | / |
| Музичко образ. | 16 | 16 | / |
| Физичко и здравствено образование | 52 | 52 | / |
| Граѓанско образование | 15 | 15 | / |
| Физика | 35 | 35 | / |
| Хемија | 33 | 33 | / |
| Слободни изборни предмети | 32 | 32 | / |
| **Деветто одделение** | | | |
| Македонски јазик | 67 | 67 | / |
| Англиски јазик | 50 | 50 | / |
| Германски јазик | 34 | 34 | / |
| Математика | 70 | 70 | / |
| Историја | 35 | 35 | / |
| Географија | 34 | 34 | / |
| Биологија | 34 | 34 | / |
| Ликовно образование | 18 | 18 | / |
| Музичко образование | 17 | 17 | / |
| Физичко и здравствено образование | 51 | 51 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Граѓанско образование | 16 | 16 | / |
| Физика | 34 | 34 | / |
| Хемија | 30 | 30 | / |
| Слободен изборен предмет | 33 | 33 | / |
| Иновации | 18 | 18 | / |

**Реализација на дополнителна и додатна настава во одделенска и предметна настава**

| | **Реализирани часови** | | | | | | | | **Број на ученици** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Додатна настава** | | | | **Дополнителна настава** | | | | **Додатна настава** | | | | **Дополнителна наставна** | | | |
| **одделение** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **I** | **II** | **III** | **IV** |
| **Македонски јазик** | **/** | **6** | **8** | **22** | **/** | **18** | **8** | **22** | **/** | **5** | **3-4** | **10** | **/** | **5** | **2-3** | **3** |
| **Математика** | **/** | **18** | **10** | **18** | **/** | **15** | **12** | **20** | **/** | **5** | **3-4** | **12** | **/** | **4** | **2-3** | **5** |
| **Општество** | **/** | **2** | **/** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4** | **3-4** | **3** | **/** | **3** | **2-3** | **5** |
| **Природни науки** | **/** | **9** | **/** | **12** | **/** | **1** | **/** | **6** | **/** | **7** | **3-4** | **12** | **/** | **3** | **2-3** | **3** |

| | Реализирани часови | | | | | | | | | | Број на ученици | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Додатна настава | | | | | Дополнителна настава | | | | | Додатна настава | | | | | Дополнителна настава | | | | |
| | V | VI | VII | VIII | IX | V | VI | VII | VIII | IX | V | VI | VII | VIII | IX | V | VI | VII | VIII | IX |
| Македонски јазик | **9** | 7 | **10** | **10** | **6** | **13** | **11** | **7** | **10** | **6** | **9** | **17** | **12** | **8** | **8** | **10** | **7** | **11** | **12** | **6** |
| Математика | **21** | **12** | **6** | **6** | **10** | **20** | **11** | **6** | **6** | **7** | **12** | **12** | **10** | **9** | **17** | **12** | **7** | **10** | **8** | **5** |
| Англиски јазик | **/** | **6** | **5** | **6** | **6** | **6** | **6** | **6** | **5** | **6** | **/** | **10** | **11** | **9** | **13** | **/** | **8** | **11** | **8** | **7** |
| Германски јазик | **/** | **3** | **5** | **6** | **3** | **/** | **3** | **6** | **5** | **3** | **/** | **13** | **11** | **10** | **10** | **/** | **10** | **12** | **9** | **7** |
| Природни науки | **/** | **6** | **/** | **/** | **/** | **/** | **14** | **/** | **/** | **/** | **/** | **13** | **/** | **/** | **/** | **/** | **9** | **/** | **/** | **/** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Историја и општество | **3** | **5** | **/** | **/** | **/** | **1** | **6** | **/** | **/** | **/** | **2** | **10** | **/** | **/** | **/** | **5** | **5** | **/** | **/** | **/** |
| Географија | **/** | **6** | **4** | **6** | **6** | **/** | **2** | **9** | **7** | **7** | **/** | **12** | **13** | **12** | **10** | **/** | **7** | **11** | **7** | **5** |
| Историја | **/** | **/** | **5** | **5** | **5** | **/** | **/** | **4** | **4** | **6** | **/** | **/** | **15** | **9** | **10** | **/** | **/** | **11** | **8** | **5** |
| Музичко | **/** | **2** | **/** | **1** | **1** | **/** | **/** | **4** | **2** | **3** | **/** | **2** | **/** | **7** | **11** | **/** | **2** | **/** | **3** | **3** |
| Биологија | **/** | **/** | **5** | **5** | **6** | **/** | **/** | **8** | **6** | **3** | **/** | **/** | **17** | **10** | **10** | **/** | **/** | **/** | **8** | **4** |
| Хемија | **/** | **/** | **5** | **6** | **6** | **/** | **/** | **4** | **6** | **3** | **/** | **/** | **11** | **15** | **12** | **/** | **/** | **/** | **8** | **5** |
| Граѓанско обр. | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **3** | **4** |
| Иновации | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4** |

**ПРИЛОГ БР.18**

**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ на реализирани акции 2025/2026г**

**Целта на оваа програма е:**

**Запознавање на учениците со позначајните датуми, настани и збиднувања;**
**Организирање на манифестации со што ќе дојде до израз креативноста и уметничките афинитети на учениците;**
**Развивање на културните особености и вредности кај учениците;**
**Негување на традицијата и минатото на нашата земја и делата за коишто сведочи историјата;**
**Посета и следење на културни збиднувања во непосредната околина;**
**Запознавање со културното наследство;**
**Програмата е во координација со други подрачја од годишната програма**

По повод првиот училишен ден на 1.9.2025г. во нашето училиште се организира свечена приредба за првачињата. Во програмата учествуваше хорот со вокално-инструментални музички песни составен од ученици од VI и IX одделение како и ученици од V одделение со неколку пригодни ритмички точки. Целта е остварена преку развој на позитивна училишна клима и срдечно добредојде за првачињата со директно обраќање на градоначалникот на Општина Центар господинот Горан Герасимовски и директорката на училиштето.

На ден 3.9.2025г. со голема чест ја пречекавме Министерката за образование, Весна Јаневска, која го посети нашето училиште како дел од нејзината посветеност на унапредување на образовниот систем во нашата земја. Министерката оствари средба со директорката, стручните соработници,како и дел од наставниците и учениците и се запозна со нашите активности, достигнувања и тековни проекти. Таа исто така имаше можност да присуствува на дел од наставата и да разговара со учениците за нивните искуства и идеи. Се сложивме колку е важно вложувањето во квалитетно образование и поддршката на наставниот кадар и учениците. Оваа средба е поттик за сите нас да продолжиме со уште поголема мотивација и посветеност во градењето на подобра иднина за нашите ученици.

На ден 6.9.2025 г.беше одбележан 8 Септември- Денот на независноста и самостојноста на Република Северна Македонија преку изготвување на краток реферат кој содржи информации за значењето на денот, проследување на документарни филмови и изработка на ликовни творби. Целта е развивање на патриотска свест и љубов кон татковината како и проширување на знаењата на учениците за осамостојувањето на татковината и за првиот претседател Киро Глигоров-патронот на нашето училиште.

На ден 15.9.2025г. од страна на учениците од нашето училиште беше одбележан Интернационалниот ден на “Точката”, со цел поттикнување на уметничко и креативно изразување и творење. Токму таа мала точка не потсетува дека секогаш треба да бидеме храбри и да ја ослободиме својата фантазија и креативност.

На ден 22.9.2025г. учениците од училиштето преку различни активности го одбележаа Меѓународниот ден на мирот. Целта беше да се изгради свест за мирот во светот,, Нема добра војна и нема лош мир“. Мирот е нешто што секој од нас може да го даде — со насмевка, љубезен збор и со желба да се разбереме еден со друг. Со нашите пораки и слики ние покажуваме дека мирот не е само идеја, туку нешто што го градиме заедно со срце и раце .

На ден 22.9.2025г. учениците од II одделение имаа можност да ја проследат претставата „Петар Пан“ во Македонската опера и балет. Целта на оваа посета беше да се поттикне љубовта кон уметноста и културата, да се развива естетска чувствителност кај учениците и да се збогати нивното искуство со едно волшебно театарско доживување.

На ден 23.9.2025г. се одбележа Светскиот ден без автомобили, кои се едни од најголемите загадувачи на воздухот. По овој повод учениците беа вклучени во активноста преку едукативно видео за најмалите, литературно и ликовно творење но и преку ученички активности со велосипеди, тротинети, ролерки и скироли кај поголемите ученици. Целта е да се поттикне свесноста од зачувување на чиста, здрава и зелена животна околина, но и примена на еколошки транспортни решенија(јавен транспорт,пешачење,велосипедизам).

На ден 1.10.2025г. учениците од IIIб одделение беа во посета СУГС „Марија Кири Склодовска˝.Во пријатна и топла атмосфера тие се почувствуваа како вистински млади истражувачи, со возбуда ги следеа демонстрациите во лабораториите. Децата со големо љубопитство разгледуваа инструменти и апарати кои досега ги гледале само на слики, а најголемо воодушевување предизвикаа експериментите. Покрај тоа, учениците се запознаа со различните образовни профили што ги нуди училиштето, што им помогна да добијат појасна слика за тоа што значи средношколски живот и колку е важно знаењето кое секојдневно го стекнуваат.

По повод одбележувањето на Светскиот ден на лицата со церебрална парализа, учениците од Vа одделение на ден 6.10.2025г. земаа активно учество на едукативната работилница посветена на прифаќањето, разбирањето и поддршката на лицата со церебрална парализа. Преку креативни активности, разговори и интеракција, учениците научија за предизвиците со кои се соочуваат овие лица, но и за нивните потенцијали, сила и инспиративни приказни. Оваа работилница беше важен чекор во градењето на емпатија тоа, инклузивноста и солидарноста кај младите генерации.

По повод Детската недела, на 7.10.2025г. нашите првачиња заедно со првачињата од сите училишта во Општина Центар положија свечена заклетва за прием во Детската организација, ветувајќи дека ќе бидат добри другари и вредни ученици. Свеченоста се збогати со претставата „Убавата принцеза Галена“, која преку насмевки и поуки потсети дека добрината и храброста секогаш победуваат.

На ден 9.10.2025г. во рамките на одбележувањето на Детската недела, во ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ се одржаа спортски игри, на кои активно учествуваа сите основни училишта од Општина Центар. Нашето училиште беше претставено од ученици од петто одделение, кои се истакнаа со својата борбеност, тимска игра и спортски ентузијазам.

На ден 10.10.2025 год. беше реализирана работилницата „Разбирање на менталното здравје и ментална хигиена“, по повод Светскиот ден на менталното здравје со учениците од VI а и VII в одд., од страна на училишниот психолог и одделенските раководители. Преку реализираните работилници учениците се запознаа со значењето на менталното здравје и менталната хигиена како важни фактори за здрав и одговорен начин на живот. Се зголеми нивната свесност за препознавање на емоционалните состојби и здрави начини на справување со стрес и предизвици.

На ден 10.10.2025г. учениците од Vг одделение преку работилница заедно со својата наставничка и специјалниот едукатор и рехабилитатор реализираа работилница по повод Светскиот ден на менталното здравје. Учениците учеа како мирно да се решаваат конфликти и создаваа пораки за добро ментално здравје под мотото „Залак добрина и храброст“. Преку работилницата се даде поддршка на индивидуите во развивање на вештини за справување со емоциите, подобро да ги разберат, да ги контролираат, да умеат да ги препознаат емоциите кај другите и да изградат подобри односи.

По повод 11 Октомври - Ден на народното востание, учениците од VIII одделение, заедно со училишниот психолог и наставничката Катица Лазовска, учествуваа во креативна и инклузивна работилница со корисниците на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА. Заеднички се изработуваше македонското знаме преку колаж од хартија, парчиња салфетки и многу љубов. Оваа работилница е симболично спојување на вредностите кои ги славиме на 11 Октомври - борба, единство и слобода – со современите вредности на прифаќање, разбирање и инклузија. Веруваме дека вистинската слобода започнува тогаш кога секој поединец, без разлика на различноста, ќе биде прифатен, вреднуван и вклучен.

По повод 11 Октомври – Денот на народното востание, дел од учениците од IX одделение присуствуваа на изложба посветена на 80 години од победата над фашизмот, организирана од Државниот архив на Република Македонија. Посетата им овозможи на учениците да се запознаат со значајни документи, фотографии и сведоштва од Втората светска војна, кои потсетуваат на храброста и жртвата на борците за слобода. Настанот беше едукативен и поттикна разговор за значењето на мирот, слободата и антифашистичките вредности денес.

По повод месецот на книгата на ден 15.10.2025г. учениците од IIIг одделение беа во посета на Библиотека „Другарче", со цел проширување на знаењата за македонски јазик и развивање љубов кон пишаниот збор. Опкружени со мирисот на старите и новите изданија, децата уживаа во приказните и научија колку е важно читањето за развојот на имагинацијата и знаењето.

На ден 15.10.2025г. нашето училиште зеде активно учество во иницијативата организирана од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност „ЕРАЗМУС штафета – кутија во движење“. Целта на оваа акција е да се споделат позитивните искуства од Еразмус+ програмата, преку креативни материјали кои ќе патуваат од едно до друго училиште ширум државата. Во прекрасна, топла атмосфера ги пречекавме учениците од СУГС ,,Никола Карев''. Потоа нашите материјали и пораки ги поставивме во ЕРАЗМУС кутијата и ја пренесовме штафетата кон СУГС ,,Р.Ј. Корчагин''

На ден 16.10.2025г. по повод Светски ден на храната преку реализирање на различни едукативни и креативни активности овој ден беше одбележан во училиштето. Целта е подигнување на свеста кај учениците за значењето на здравата и балансирана исхрана, развивање одговорен однос кон храната и намалување на фрлањето храна.

На ден 22.10.2025г. учениците од IVв и IVг одделение имаа работилница со доктор Кети Бучкоска Матеничарска од поликлиника „Идадија“ на тема „Градба и функција на орална празнина како и правилна исхрана и контрола на внес на шеќери“. Целта беше учениците да се запознаат со градбата и функцијата на оралната празнина, значењето на правилната исхрана и контролата на внесот на шеќери, како и со важноста на редовната орална хигиена за зачувување на здравјето на забите и усната шуплина.

23.10.2025г. Одбележување на 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба преку ликовно и литературно творење од страна на учениците а со тоа и развивање на патриотската свест и љубов кон татковината.

Во текот на месец октомври учениците од IV и V одделение достојно го претставија нашето училиште „Киро Глигоров“ на детскиот квиз „Мислотека 2025“. Учениците покажаа извонредна подготвеност, логичко размислување и соработка – вредности што се подеднакво важни и во учењето и во животот. Со своето знаење, упорност и тимска соработка покажаа дека љубопитноста и желбата за учење носат одлични резултати.

Учениците од нашето училиште преку најразлични активности, посета на библиотека, изработка на книги и други активности го одбележаа месецот на книгата 15.10-15.11.2025г. се со цел да развијат интерес за пишаниот збор како и градење култура за читање на детската литература.

Во период од 20 до 24 октомври 2025г. се одржа традиционалната хуманитарна акција под мотото "Помислете на нас„ и оваа година нашето училиште успешно ја спроведе Кампањата за борба против гладта во соработка со Црвениот крст на РСМ. Целта на оваа кампања е покренување на општото мислење на јавноста за проблемите на сиромаштијата, изнаоѓање фондови за помош на ранливите групи на население и градење на позитивен имиџ на организацијата на Црвен крст и сите субјекти кои се вклучиле во реализацијата на кампањата. Собраната помош ќе биде употребена за подготовка на семејни пакети со прехранбени продукти за социјално-загрозени семејства.

На ден 25.10.2025г. учениците од Iв одделение во рамките на Code week- реализираа работилница за кодирање и учество во меѓународниот проект по повод Недела на кодирањето. Целта е да се развијат основни дигитални вештини и логичко размислување кај учениците.

На ден 27 и 28.10.2025г. нашето училиште беше домаќин на претставници од МОН и БРО, кои одржаа обука за наставниците и стручните соработници за програмата "Вештини за адолесценција". Оваа пилот програма ќе започне да се реализира во повеќе училишта во земјата, меѓу кои и нашето, поточно во паралелките од седмо одделение. Целта е да ги подготви учениците за јакнење на социо-емоционалните врски, да не подлегнуваат на врсничкиот притисок, како и да прават здрави избори.

На ден 30.10.2025г. учениците од Vг одделение имаа ликовна работилница каде училницата ја претворија во вистинско ателје на годишните времиња. Во соработка со креативните студенти од Универзитетот Фонтис – Тилбург, Холандија, тие создадоа колажи што раскажуваат приказни преку боја, форма и фантазија. Инспирацијата и насмевките што ги споија уметниците од две земји ја постигнаа својата цел.

По повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври, учениците од Vа одделение реализираа едукативна посета на Халк банка. Целта на посетата беше учениците да се запознаат со значењето на штедењето, со начинот на работа на банката и со улогата на штедачите во економијата. Претставниците на банката на интересен и разбирлив начин им објаснија како штедењето помага во исполнување на животните цели и како правилното управување со парите придонесува за финансиска сигурност.Учениците активно учествуваа во разговорот, поставуваа прашања и споделуваа свои мислења за тоа како тие би штѐделе.

На ден 3.11.2025г. учениците од Vа одделение се претставија пред Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Преку својата креативност, нашите најмлади покажаа одлично знаење и разбирање за осигурувањето, како и за неговата улога во секојдневниот живот. Настанот беше исполнет со радост, инспирација и детска искреност, а Агенцијата уште еднаш ја потврди својата посветеност во поддршката на образованието и едукацијата на младите.

На ден 4.11.2025г. нашите петтоодделенци од Vа одделение, заедно со нивната наставничка ја претворија сцената во место каде што звукот и движењето раскажуваат приказни. Во соработка со креативните студенти од Универзитетот Фонтис – Тилбург, Холандија, тие подготвија незаборавен музичко-драмски настап исполнет со енергија, емоција и креативност. Целта беше постигната преку инспирацијата, поддршката и насмевките што ги споија младите уметници од две земји во едно волшебно уметничко доживување.

На ден 5.11.2025г. во нашето училиште по повод Денот на Општина Центар, беа доделени стипендии од областа на науката, техниката и посебни вештини за учениците од основните училишта во Општина Центар. На свечената приредба присуствуваше градоначалникот на Општина Центар господинот Горан Герасимовски кој подели пофалници за најдобрите творби од литературниот и ликовниот конкурс. Целта е учениците да развиваат љубов и чувство на припадност кон местото на живеење како и мотивација за постигнување поголеми успеси.

На ден 6.11.2025г. учениците од Vг одделение го одбележаа меѓународниот ден на писмото, преку пишување писмо до непознато другарче преку платформата е Твиннинг. Целта е учениците да поттикнат меѓусебно разбирање, почитување на различностите и свесност за значењето на писмото како средство за комуникација.

Одбележување на 13 Ноември – Денот на ослободување на градот Скопје од фашистичката окупација преку изработка на пано со пораки од страна на учениците од VII и IX одделение и други активности, учениците ја изразија својата љубов и почит кон градот Скопје, потсетувајќи се на значењето

на слободата и единството. Овој ден го одбележуваме со гордост и благодарност кон сите борци кои се пожртвуваа за слободата на нашиот град и нашата татковина.

На ден 12.11.2025г. учениците од Vг одделение беа во посета на фабриката Жито лукс каде се запознаа со процесот на производство од зрно до леб согласно програмата на слободниот изборен предмет готвење. Во вистинска пекарска атмосфера, учениците имаа можност сами да замесат леб, да научат како се произведува и пакува, и на крајот беа изненадени со вкусни подароци од домаќините.

На ден 13.11.2025г. учениците од IV одделение имаа можност да ја посетат УХМР (Управа за хидрометеоролошки работи). Целта беше учениците да се запознаат со основните временски појави и работата на Управата за хидрометеоролошки работи, да научат како се мерат температурата, врнежите и ветерот и да ја согледаат важноста на временската прогноза во секојдневниот живот.

Учениците од IVа одделение на ден 14.11.2025г. ја посетија Државната изборна комисија во рамки на предметот Историја и општество. Децата имаа можност да се запознаат со процесот на гласање, да видат како изгледа избирачко место и да научат колку е важно секој граѓанин да учествува во изборите.

На ден 14.11.2025г. учениците од IVа одделение организираа работилница за емпатија со нашата гостинка – мотивацискиот говорник, тренер и обучувач Наде Молеровиќ. Децата уживаа во инспиративната средба, научија нови начини како да ја препознаваат и изразуваат емпатијата, и добија мотивација за уште поубаво другарување и разбирање.

На ден 16.11.2025г. учениците од IIIа одделение беа во посета на редакцијата Слободен печат. Целта беше учениците одблиску да се запознаат со видовите на медиуми. Видоа како изгледа едно студио каде што се прави интервју, каде се читаат и објавуваат вестите. Исто така имаа можност и да бидат во улога на водители, презентери и камермани.

На ден 18.11 2025г. учениците од нашето училиште (од прво до четврто одделение) во придружба со нивните наставнички беа во посета на детскиот фестивал „Златно славејче“, еден од најстарите фестивали на Балканот кој се одржа во киното Милениум. Учениците имаа за цел да ја запознаат традицијата и значењето на музичкиот фестивал како и да развијат интерес и позитивен став кон детската музика. Целта е да се подигне свеста за медиумската култура, развивање на музикалноста и културните навики при посета на јавни настани.

На ден 19.11.2025г. учениците од IV одделение беа во посета на Општина Центар и остварија средба со градоначалникот. Учениците имаа можност да се запознаат со работата на општината и улогата на градоначалникот, да стекнат основни знаења за локалната самоуправа, да развијат граѓанска одговорност и интерес за активно учество во заедницата, како и да ја поттикнат љубопитноста и комуникациските вештини преку директна средба и разговор. Со големо интересирање поставуваа прашања на градоначалникот Горан Герасимовски, споделија идеи и дознаа што сè значи да се води една општина.

По повод 20 Ноември - Светскот ден на детето на ден 15.10.2025г. со учениците од IIIг одделение беше организирана работилница под наслов „Благодарам" со Ана Салтирова Давидовски каде преку интересни приказни децата учат да ја развиваат благодарноста.

На ден 21.11.2025г. учениците од IIIв одделение имаа работилница со родител –предавач стоматолог др. Афродита Стомнароска Јованоски, се со цел збогатување на знаењата на учениците за пренесувањето на заразните болести и како да се заштитиме од нив.

На ден 21.11.2025г. учениците од Vг одделение преку работилници од Медиумска писменост го одбележаа Светскиот ден на телевизијата. Целта беше учениците да ја развијат свесноста за улогата и значењето на телевизијата како медиум, да се оспособат за критичко следење и разбирање на телевизиските содржини и да стекнат одговорен однос кон користењето на медиумите.

На ден 1.12.2025г. учениците од IIIб одделение имаа работилница со родител –предавач стоматолог др. Ана Гиговска Арсова, се со цел збогатување на знаењата на учениците за одржување на оралната хигиена и последиците од неправилното и редовно чистење на забите.

На ден 1.12.2025г. учениците од Iв одделение реализираа работилница на тема: „Моето име, тоа сум јас“, во соработка со родители, каде учениците низ креативен разговор имаа можност да осознаат од каде им потекнуваат имињата и што е тоа по кое секој се разликува. Самосвест како еден од клучните елементи во развој на децата.

На ден 1 и 2.12.2025г. учениците од IV-IX одделение беа во посета на МОБ каде имаа можност да ја проследат инклузивната претстава ,,Сонот на едно дете" во изведба на ,,Еурека". Целта на посетата беше учениците да се запознаат со значењето на инклузијата, прифаќањето на различностите и еднаквите можности за сите деца преку уметнички израз. Преку следење на инклузивна танцова претстава, учениците имаа можност да развијат емпатија, толеранција и почит кон лицата со различни способности, како и да ја согледаат моќта на уметноста како средство за комуникација и изразување чувства.

Во рамките на Денови на психологијата, во периодот од 1 до 10 декември, беа реализирани работилници од страна на училишниот психолог и одделенскиот раководител на учениците од VI в одд. Работилниците „Сите сме различни - и тоа е во ред: како да поставиме граници без конфронтација“ и „Разбирање на менталното здравје и ментална хигиена“, беа насочени кон развивање на социјалните и емоционалните вештини кај учениците, унапредување на меѓусебното почитување и поттикнување здрави начини на справување со секојдневните предизвици, со цел јакнење на заштитните фактори и превенција од ризични однесувања.

По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост на ден 3.12.2025г. учениците од I одделение имаа работилница на тема “Убавината е во различностите”. Целта е да се поттикнат на толеранција, разбирање и инклузивно однесување.

По повод 3 декември Меѓународниот ден на лицата со попреченост, нашиот училишен дефектолог заедно со децата организира инклузивно украсување на новогодишната елка – настан посветен на еднаквоста, заедништвото и почитувањето на различностите. Целта на оваа активност беше да создадеме простор во кој секое дете, без оглед на своите способности, да може активно да учествува, да придонесе и да се почувствува вреднувано. Преку заедничкото украсување, ја промовираме важноста на прифаќањето, пристапноста и поддршката во нашата заедница. Елката стана симбол на инклузија, каде секој украс претставува личен печат, приказна и порака за една посветла и поеднаква иднина.

На ден 5.12.2025г. учениците од IIв одделение реализираа активност преку користење на апликацијата за анимација *Metademolab*, со што учениците научија како своите цртежи да ги „оживеат“. Активноста има за цел развивање на фантазијата како и запознавање со современи дигитални алатки на едукативен и инспиративен начин, поврзувајќи ја уметноста со технологијата.

9.12.2025г. Одбележување на 8 Декември ден на „Св.Кимент Охридски“ се реализираше преку најразлични активности. По овој повод учениците твореа и рецитираа лични творби за ликот на „Св.Климент Охридски“, а со тоа развиваа и чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ. На часовите по македонски јазик, нашите ученици од VII, VIII и IX одделение ја одбележаа годишнината од празникот „Св. Климент Охридски“. Преку истражување тие подготвија материјали за животот, делото и големото значење на овој светител за македонската историја, култура и писменост. Тие покажаа одлична креативност и знаење со изработка и презентација на едукативни постери, преку кои беа истакнати придонесите на Св. Климент како просветител и творец на Охридската книжевна школа.

На ден 9.12.2025г. учениците од Iб одделение реализираа работилница и гостување на авторот Владо Димовски (прва активност) и земање учество во меѓународниот проект European Authors Day - Read for real (Европски ден на авторите - Читај сериозно) во соработка со издавачката куќа Арс Ламина. Целта е да се развие интерес за книгата и авторот, како и да се унапреди читачката писменост преку директна средба и интеракција со авторот

На ден 10.12.2025г. учениците од Vг одделение го одбележаа денот на човековите права преку креирање на видео запис по истражување ,,Пет минути за Роза Луксембург – пет минути за подобар свет“. Целта беше ученицте да развијат свест за еднаквост, слобода и одговорност и да ги унапредат своите истражувачки, медиумски и комуникациски вештини.

На ден 11.12.2025г. учениците од IIIа одделение реализираа новогодишна работилница со учениците и родителите. Во прекрасна атмосфера, исполнета со дружба и соработка, изработуваа војничиња инспирирани од „Оревокршачка“ и новогодишни венчиња.

На ден 12.12.2025г. учениците од Iб одделение ја реализираа втората и завршна активност во меѓународниот проект -European Authors Day - Read for real ( Европски ден на авторите-Читај сериозно). Целта е учениците да се запознаат со значењето на читањето како вредност и да се охрабрат активно да учествуваат во меѓународни читачки иницијативи.

На ден 15.12.2025г. учениците од IIIг одделение реализираа новогодишна работилница со учениците и родителите. Во пријатна и весела атмосфера, со новогодишна музика и многу насмевки, со голем ентузијазам беа создадени преубави изработки по повод новогодишниот базар.

Во рамки на едукативните активности на ден 16.12.2025г. беше реализирана работилница од страна на нашиот специјален едукатор и рехабилитатор Татјана Багеска, за развивање на емоционална интелигенција кај учениците од III- в одделение. Преку презентација „Уметноста на емоциите“ низ разговор децата учеа да ги препознаваат и изразуваат своите емоции, како и да покажат разбирање за чувствата на другите. Учениците покажаа голем интерес и соработка во препознавање и изразување емоции, што ја потврди важноста на вакви интерактивни активности во училиштето.

На ден 17.12.2025г. учениците од IVб и Vг одделение беа поканети на свечен настан во Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, каде имаа чест да се сретнат со амбасадорот на Финска и претставници на финската амбасада во Белград. Настанот беше организиран по повод одбележувањето на 80 години од финската приказна и ликовите Мумин, кои со децении ги учат децата за пријателството, различностите, храброста и љубовта кон светот околу нас.Средбата беше вистинско културно доживување и инспирација за нашите ученици, кои преку литературата направија мост меѓу јазиците, културите и земјите.

На ден 18.12.2025г. учениците од Vг одделение реализираа инклузивна креативна Новогодишна работилница со уметницата Марта Башевска и дефектологот на училиштето. Заедно изработуваа уникатни светилки и мали слатки изненадувања, исполнети со љубов, боја и празнична топлина кои ќе бидат изложени на нашиот училишен Новогодишен базар каде што празничниот дух ќе блесне во полн сјај.

На ден 19.12.2025г. учениците од Vг одделение го посетија производствениот погон на Атлантик Група, каде одблизу се запознаа со целиот процес на производство на топло чоколадо и гранд кафе. Целта на посетата беше учениците преку директно искуство да научат како изгледа патот од суровина до готов производ, да ја поврзат теоријата со практиката и да развиваат љубопитност и интерес за реалниот свет на производството.

На ден 23.12.2025г. беше реализиран Новогодишен базар во нашето училиште. Учениците заедно со нивните наставници земаа учество со креативни изработки по повод Новогодишните празници а со тоа се разви и позитивно расположение каде до израз дојде и креативноста на учениците и наставниците. На овој Новогодишен настан, родителите на учениците и другите посетители имаа можност да купат новогодишни честитки и рачни изработки од учениците а средствата беа наменети за хуманитирани цели.

**Одговорен наставник: Искра Алексиевска**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 070/296-661, e-mail:ooukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ БР. 19**

**Полугодишен извештај за работата на хорот и оркестарот**

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година беше направена аудиција за нови членови и реаудиција на старите членови во училишниот хор. Во ова полугодие часовите по хор се реализираа поединечно (по хорски гласови) и групно (сите гласови заедно) за поголема ефикасност во совладување на потребниот материјал за ова полугодие. Беа поставени основите на вокалната техника преку вокални технички вежби и пеење на песните „Химна на Република Северна Македонија“, и реализација на програмата за хор.

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 хорот реализираше и повеќе воннаставни активности во соработка со Општина Центар, но и за потребите на нашето училиште.

На 1.9.2025 со училишниот хор им посакавме добредојде на нашите првачиња.

На 5.11.2025 хорот зема учество во „Свечено доделување на стипендии за наука, техника и посебни вештини на учениците од основните училишта на Општина Центар“.

Преку работата во училишниот хор учениците ги прошируваа знаењата и способностите од областа на музиката и развиваат чувство за естетика. Учениците се оспособуваат за колективна работа и заедничка презентација на вокални дела.

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година беше направена аудиција за нови членови во оркестарот и реаудиција за старите членови кои членуваа во претходната учебна година во училишниот оркестар. Наставата се одвиваше индивидуално според основната поделба на инструментите и групно сите инструменти заедно со цел полесно совладување на материјалот предвиден за оваа учебна година.

Учениците во оркестарот музицираат на инструменти кој ги имаат во нивна приватна сопственост. Со членовите се работеше на техника на поставување и држење на раката, свирење на технички вежби и свирење на скали.

Со новите членови на оркестарот почнавме со основно запознавање на нивниот инструмент и поставување на основните техники за музицирање на инструментот. Учениците успешно и постепено ги совладуваат основите на музицирање и ја реализираа програмата предвидена за училишниот оркестар во училиштето.

Преку работата во училишниот оркестар учениците ги прошируваа знаењата и способностите од областа на музиката и развиваат чувство за естетика. Учениците се оспособуваа за колективен однос и заедничка презентација на инструментална музика.

**Одговорен наставник:**
**Оливер Кузмановски**

**ПРИЛОГ БР. 20**

**Полугодишен извештај на тим за**

**,,Соработка со родители”**

**Во текот на првото полугодие, се реализираа поголем дел активности во насока на подобрување на соработката со родителите. Според предвиденото во Годишната програма за соработка со родители, истото беше и реализирано.**

- На првата родителска средба родителите беа информирани со ***Годишната програма за соработка со родители за учебната 2025/2026*** *год.* со насока за отворена соработка .
- Исто така им се посочи значењето на нивното активно учество во предложување на идеи и предлози за унапредување на работата на училиштето, активно учество во процесот на вреднување и самовреднување на работата на училиштето.

Програмата за соработка со родители во првото полугодие се реализираше низ повеќе активности и тоа:

- Беа реализирани три редовни родителски средби;
- Родителите редовно беа запознавани со проблемите, со успехот и со однесувањето на учениците и взаемно се наоѓаа начини за подобрување на истото.
- Беа реализирани индивидуални средби со родители по препорака на одделенскиот/класниот раководител или пак по иницијатива на родителот на ученикот.
- Беа реализирани посети и работилници со јавните и приватните институции и установи во кои работат родителите на учениците, а во интерес на ВОП;
- Беа организирани Новогодишни работилници на кои учениците и родителите заедно со наставниците имаа можност да се подготват за Новогодишниот Базар во училиштето.

## Табеларен приказ од реализирани родителски и индивидуални средби

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки за реализација | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општа родителска средба од I до IX одд. | Запознавање на родителите со наставниот план и програма за тековната учебна година 2024/2025. | Одделенски раководител и од I до IX одд. | Напатствија со дневен ред за состанокот. | Дискусија и разговор | септември 2025 | Реализација на предвидените активности во договор со родителите. |
| Индивидуални средби и приемни денови на наставниците од I до IX одделение. | Запознавање на родителите со успехот по секој наставен предмет | Наставници од I до IX одд. | е - дневници, записници | Разговор и дискусија | Во текот на првото полугодие | Подобрување на успехот, поведението и редовноста кај учениците |
| Општа родителска средба од I до IX одд. | Информирање на родителите за покажаниот успех и поведение на учениците во првото тримесечје | Одделенски раководител и од I до IX одд. | Одделенски дневници, записници,евидентни листи,е-дневник | Дискусија и разговор | Ноември 2025 | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението, реализација на предвидените активности во договор со родителите |
| Општа родителска средба од I до IX одд. | Информирање на родителите за полугодишните оценки на крајот од првото полугодие преку е-дневникот | Одделенски раководител и од I до IX одд. | Одделенски дневници, записници,електронски папки со изработки за секој ученик,евидентни листи,е-дневник. | Дискусија и разговор | Јануари 2026 | Подобрување на успехот, поведението и редовноста кај учениците |

**ПРИЛОГ БР. 21**

## Полугодишен извештај за реализација на воспитно-образовната програма во продолжен престој

Продолжениот престој е наменет за ученици од одделенска настава во основните училишта. Во рамки на продолжениот престој се организира редовна исхрана на учениците, активно – пасивен одмор и рекреација пред и после наставата како и активно повторување на содржините и дополнување со нови знаења.

Со реализирање на воспитно-образовните активности во продолжениот престој, се реализираа целите на продолжениот престој, односно способност на учениците за самостојна работа, самостојно проверување на сработеното, барање и давање на помош во учењето со соучениците, другарување и соработка на сите ученици со учениците од другите одделенија, почитување на правила, рекреација, ред и дисциплина, стекнување и одржување на хигиенски навики, способност на проценка на добри и лоши постапки, способност да ги задоволуваат и развиваат вештините и интересите и да се изразуваат креативно.

Во продолжен престој се реализираат и воннаставни активности со цел да им се направи престојот на учениците поинтересен, да стекнат нови знаења, умеења, вештини надвор од тековниот наставен процес.

Продолжениот престој се реализира во просторија што се наоѓа на вториот кат од училишната зграда и ги задоволува потребите за Продолжен престој.

За потребите на учениците обезбедени се: сликовници, аудио-визуелни средства, креди во боја, сложувалки, боенки, фломастери и боички, наставни ливчиња, разни ЦД-а колекции со цртани и играни филмови за деца, детски неснички од детски музички фестивали и други нагледни средства соодветни на возраста и потребите на учениците. Програмата за работа во продолжен престој во ООУ ,,Киро Глигоров" се состои од планирање на содржините и активностите на учениците од четврто одделение, кои се од различни паралелки.

### Преглед на реализирани активности

**Септември**

- Формирање на групата, адаптација и социјализација на учениците;
- Формирање на културно хигиенски навики кај учениците;
- Одбележување на Светски ден на за заштита на озонската обвивка - 17 Септември;
- Одбележување на Меѓународен ден на мирот - 21 Септември;
- Одбележување на Меѓународен ден без автомобили - 22 Септември;

**Октомври**

По повод детската недела во учебната 2025-2026 година, со учениците разговараввме за правата на детето, но и нивната одговорност кон обврските.
Исто така имавме пригодно одбележување на празниците ,, 11 Октомври“ и ,,23 Октомври“ со читање на пригодни стихотворби. Исто така се одбележаа следните датуми:
1 Октомври-Светски ден на живеалиштата (хабитати),
8 Октомври- Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата,
14 Октомври- Меѓународен ден за Е-отпад

**Ноември**

Во месец ноември учениците посветено работеа на проширување и утврдување на стекнатите знаења по сите наставни предмети, како би го потврдиле солидниот успех на редовните часови. Редовно, точно и уредно ги пишуваа домашните задачи. За секоја нејасност со која се сретнуваа поставуваа прашања, на кои добиваа јасен и прецизен одговор.
Исто така водевме конструктивни разговори за заштита од заразни болести, нивна превенција и лекување.
За 13 Ноември го опишувавме изгледот на нашиот град Скопје, по повод 81 годишнината од неговото ослободување од фашизмот.
Учениците соработуваа во заеднички активности – изработка на роденденски честитки, плетење алки од монистра и ластичиња.

**Декември**

Во месец декември учениците беа исполнителни и вредно ги пишуваа и решаваа своите домашни работи и работни обврски. Покрај работните задолженија посветено работеа и на предновогодишни активности,со цел зголемување на естетскиот момент кај учениците:правење новогодишни украси и честитки,боење на новогодишни ливчиња,украсување на новогодишна елка. Исто така активно подготвуваа новогодишни украси и лампиони за училишниот базар, кој се одржа на 23.12.2026 год. во училишниот хол.

**Одделенски наставници**

**Вилма Поповиќ**

**Даниела З. Душков**

**ПРИЛОГ Бр. 22**

**Извештај од спроведени активности на Тимот за професионален развој**

Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето и активностите на Тимот за професионален развој во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година беа превземени активности за утврдување на потребите за професионален развој на наставниот кадар, како и за споделување на стекнати знаења и искуства од меѓународни мобилности.

Сите наставници во училиштето ги изработија и доставија своите Лични планови за професионален развој (ЛППР), во кои ги наведоа компетенциите што сакаат да ги развиваат во текот на оваа учебна година. Во ЛППР се опфатени компетенции поврзани со: унапредување на наставните и методичките вештини, примена на современи наставни стратегии, употреба на дигитални алатки и технологии во наставата, унапредување на инклузивни практики( изработка на наставни средства) и работа со ученици со специфични потреби (надарени и талентирани), јакнење на комуникациски и соработувачки вештини, компетенциизa учење со учениците во природа, математичка логика и решавање на проблеми, создавање безбедна и стимулативна средина за учење, можни ресурси за соработка со заедницата и семејството, интегрирање на меѓупредметни активности.

Сите доставени ЛППР претставуваат прилози и се систематизирани и зачувани во заеднички Drive document кој е достапен за потребите на Тимот за професионален развој и раководството на училиштето.

Во рамките на активностите за професионален развој беше реализирана дисеминација на знаења и искуства од страна на група наставници кои учествуваа во Erazmus + мобилност во Италија. Темата на мобилноста и дисеминацијата беше :„Употреба на вештачката интелигенција (ВИ) во наставата “. Дисеминацијата беше реализирана за сите колеги и опфати: запознавање со основните поими и можности на ВИ во образованието, примери за практична примена на ВИ алатки во наставниот процес, придобивки и предизвици при користење на ВИ во наставата, размена на идеи и дискусија за примена на ВИ во различни наставни предмети.

Во рамки на активностите за стручно усовршување дел од наставниот кадар зеде учество на Конференцијата во Струга „ Пријатели на образованието“ која беше посветена на примена на вештачка интелигенција (ВИ) алатки во образониот процес. Преку учество на конференцијата наставниците имаа можност да се запознаат со современи примери и добри практики за користење на ВИ алатки во планирањето, реализацијата и евалуацијата на наставата , како и со начини за унапредување на ученичката ангажираност и индивидуализација на наставниот процес.

Стекнатите сознанија претставуваат значаен придонес за унапредување на дигиталните и педагошките компетенции на наставниците и се во согласност со утврдените потреби за професионален развој наведени во ЛППР.

Преку навремено изготвување на ЛППР од страна на наставниците и реализираната дисеминација од Еразмус + мобилноста, училиштето создава основа за планиран, континуиран и целисходен професионален развој на наставниот кадар. Тимот за професионален развој ќе продолжи да ги следи утврдените потреби и во второто полугодие и да предлага активности кои ќе придонесат за унапредување на квалитетот на наставата и професионалните компетенции на наставниците.

Како следна планирана активност во рамки на Професионален развој, ќе се реализира воведување и информирање на наставниците за постапката за пријавување и реализација на нагледни часови. Активноста има за цел поттикнување на меѓусебно учење, размена на добри практики и унапредување на квалитетот на наставниот процес преку директно следење и анализа на наставата.

**координатор на тимот: Б.Васиќ**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 070/296-661, e-mail: oukirogligorov@centar.gov.mk

**ПРИЛОГ Бр. 23**

**Полугодишен извештај од тимот за**

**Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Според акциониот план изготвен за учебната 2025/2026 година тимот за естетско уредување на училиштето во првото полугодие изведе активности се со цел подобрување на наставниот процес.
Активностите кои беа планирани во програмата за естетеко уредување на училиштето беа во целост реализирани во периодот од Септември до Декември 2025 година. Реализирани активности се:

Обновување, естетско и тековно уредување на дворот и приодот кон училиштето

Естетско уредување на ентериерот на училиштето со растенија и цвеќе

Естетското обликување и украсување на ентериерот на училниците

Изработка на потребни помагала и естетско уредување на холот на училиштето за пречек на новите ученици (Прием на првачиња)

Изложба на ликовни и литературни творби по повод

-Одбележување на 8 септември
-Одбележување на денот на Учителот
-Одбележување на 11 октомври
-Одбележување на 23 октомври
-Одбележување на 31 октомври Halloween
-Одбележување на 4 ноември – ден на Општина Центар
-Подобрување на естетскиот изглед на училиштето.(Изработка на новогодишни украси и уредување на училиштето и училишниите паноа по повод новогодишните празници)

Ова полугодие учениците учествуваа на ликовниот конкурс по повод денот на општината и други конкурси во соработка со локалната заедница.

**Одговорен наставник на Тимот за естетско уредување:**

**Катица Лазовска**

**ПРИЛОГ БР. 24**

**Извештај од спроведени активности на тимот за професионална ориентација и кариерен развој на ученици**

| Реализирани активности | Време на реализација | Постигнати ефекти |
|---|---|---|
| Македонски јазик - учебник<br>Обработка на текст „Јазичен детектив“.<br>**Актив петто одд.** | Септември | Самоспознавање на сопствени јазични и практични способности; учениците се запознаа со професиите „Лектор“, „Автомеханичар“ и „Детектив“.<br>Учениците го разбраа значењето на точноста и одговорноста во професиите. |
| Посета на Кабинетот на Претседателката<br>Активност на наставникот да ги<br>запознае со различни професии поврзани со државните институции, особено со улогата и одговорностите на Претседателот на државата, како и со работата на лицата вклучени во протоколот, обезбедувањето и организацијата на државни свечености.<br>**Одделенски наставник на V в одд.** | Септември | Учениците се запознаа со различни професии поврзани со државните институции, особено со улогата и одговорностите на Претседателот на државата, како и со работата на лицата вклучени во протоколот, обезбедувањето и организацијата на државни свечености. Преку средба со Претседателката, учениците стекнаа подобро разбирање за значењето на јавните функции, државните симболи и професиите што придонесуваат за функционирањето на државата, поттикнувајќи кај нив интерес, почит и мотивација за идно професионално развивање и активно граѓанство. |
| Работилница: Различни занимања – „Кога ќе пораснам што сакам да бидам?“<br>**Актив седмо одд.** | Септември | Учениците се запознаваат со светот на занимањата (видови занимања и нивни предности и недостатоци), разбираат и собираат информациии за различни видови на занимања. |
| Работилница: Спроведување на кратко интервју за професионална ориентација<br>**Актив седмо одд.** | Септември | Учениците учат да поставуваат соодветни прашања за интервју, добиваат увид во професиите и учат што е потребно за да се стигне до одредено работно место. |
| Претставување на професијата „Психолог“<br>Ученици од I до IX одд.<br>**Училишен психолог** | Септември<br>Октомври | Учениците се запознаа со професијата „Психолог“, одговорностите и начинот на работа на училишниот психолог и дека помагањето на другите е благородна работа. Научија дека доколку им треба поддршка во некои ситуации можат да се обратат за помош кај училишниот психолог. |
| Изборен предмет:<br>Театар - ументост на емоции<br>Активност на наставникот да ги запознае учениците подобро да ги разберат професиите кои произлегуваат од овој изборен предмет.<br>**Одделенски наставник V в одд.** | Прво полугодие | Учениците се запознаа и подобро ги разбраа професиите кои произлегуваат од изборниот предмет *„Театар – уметност на емоции“,* преку идентификување и именување на основните елементи на актерството и драматургијата, како и препознавање на основните елементи на приказната, со цел развивање интерес за театарската уметност, креативното изразување и можностите за идно професионално насочување. |
| Професија „Ликовен уметник“ работена во | Октомври<br>Ноември | Поттикната мотивираност за творење, развиена љубов кон уметноста кај учениците; учениците се запознаваат со детското ликовно творештво; развиен |

| | | |
|---|---|---|
| активности на неделно ниво, каде преку работилници со креативен карактер, учениците се запознаваат со професијата „Ликовен уметник“.<br>**Актив прво одд.** | Декември | естетски вкус и културно однесување; мотивација да се учествува на разни ликовни конкурси. |
| Македонски јазик<br>Посета на библиотека „Другарче“.<br>**Одделенски наставници на III г одд.** | Октомври | Учениците се запознаа со значењето на библиотеката како културно-образовна институција, со книжевното творештво и културното наследство како и со улогата на амбасадорот во меѓународната соработка, со цел да се поттикне љубовта кон читањето, културната размена и интересот за различни професии во рамки на кариерниот развој. |
| Посета на гости од СУГС „Марија Кири - Склодовска“<br>**Одделенски наставници на III б одд.** | Октомври | Учениците се запознаети со професии поврзани со хемијата (хемичар, лабораториски техничар). Децата открија дека хемијата е дел од секојдневниот живот (вода, сапун, боја, воздух). |
| Посета на банка и запознавање со работните места на вработените.<br>**Одделенски наставник на V а одд.** | Октомври | Учениците се запознаа со различни банкарски професии. Се запознаа со работата на банката и нејзината улога во секојдневниот живот, научија што се пари, штедење, сметки и камати и разбраа како се чуваат и користат парите на безбеден начин. |
| Час по музичко образование со студенти на ФОНТИС, Тилбург - Холандија.<br>**Одделенски наставник на V а одд.** | Октомври | Запознавање на учениците со професијата „Музичар“, музичката култура, традиции и современи музички правци во Холандија. Развивање на интерес и љубов кон музиката преку директен контакт со млади музичари и нивните искуства. |
| Час по ликовно образование со студенти на ФОНТИС, Тилбург - Холандија.<br>**Одделенски наставник на V г одд.**<br>**Училишен психолог** | Октомври | Учениците се запознаа со професијата „Ликовен уметник“. Преку заедничката ликовна работилница со студенти од Холандија, учениците се запознаа со елементи од холандската култура и уметност, развивајќи креативно изразување, интеркултурна комуникација и почитување на различностите, со цел проширување на културните хоризонти и поттикнување интерес за уметнички и креативни професии во рамки на кариерниот развој. |
| Македонски јази - учебник<br>Обработка на текст „Дрварска приказна“.<br>**Актив петто одд.** | Октомври | Учениците се запознаа со професијата „Дрвар“**,** ги разбраа основните задачи, алати и одговорности на ова занимање, како и важноста на безбедната и одговорна работа и грижата за природата, со цел да развиваат свест и интерес за различни професии. |
| Работилница: Моите компетенции<br>**Актив седмо одд.** | Октомври | Учениците умеат да изработат профил на компетенции за себе, како да даваат и прифаќаат повратни информации и да се обидуваат подобро да се запознаат себеси и другите. |
| Работилница: Самоспознавање – “Погоди кој сум“<br>**Актив седмо одд.** | Октомври | Поттикнување на учениците да ги идентификуваат своите способности, потенцијали, ставови и верувања, интереси, лични цели и вештини. Ученикот |

| | | |
|---|---|---|
| | | разбира дека е важно да се одржува позитивно самопочитување базирано на јасно самоспознавање. |
| Историја и општество<br>Посета на Државна изборна комисија.<br>**Одделенски наставник на IV а одд.** | Ноември | Учениците се запознаа со работните места, со задачите кои ги имаат вработените во ДИК и со значењето на „Демократијата“. Тие на едноставен и разбирлив начин научија што значи гласање и како граѓаните го избираат својот претставник. Оваа активност поттикнува чувство на одговорност, почитување на правилата и институциите на државата. |
| Природни науки<br>Професија - метеоролог;<br>Посета на Управа за хидрометеоролошки работи.<br>**Актив четврто одд.** | Ноември | Учениците се запознаа со професијата „Метеоролог“ и Управата за хидрометеоролошки работи. Разбраа што работат луѓето и дека треба да се има почит кон секоја професија, затоа што секоја професија е важна. Активноста е за развивање на сопствени интереси кај учениците и идни желби во кариерниот развој. |
| Историја и општество<br>Професија - Градоначалник;<br>Посета на Општина Центар<br>**Актив четврто одд.** | Ноември | Учениците се запознаа со тоа што значи да се биде Градоначалник, описот на работата и одговорностите кои ги има. Активноста е за развивање на сопствени интереси кај учениците и идни желби во кариерниот развој. |
| Природни науки<br>Работилница со **родител,** доктор, гинеколог, акушер - предавач **Др. Афродита Стомнароска Јованоски и одделенски наставници на III в одд.** | Ноември | Учениците се запознаа со оваа професијата и научија дека постојат доктори кои се грижат за здравјето на мајките и бебињата. Тие се запознаа со основните промени во телото во текот на растењето, како и за грижата за сопственото тело. |
| Посета на Златно славејче - активност на наставникот за професијата музички изведувач, солист, уметник.<br>**Актив прво, второ, трето и четврто одд.** | Ноември | Учениците се запознаа со професијата „Музичар“; се поттикнува љубовта кон музиката и уметноста кај учениците; учениците се запознаа со детското музичко творештво и развиваат естетски вкус и културно однесување. |
| Слободен изборен предмет: Готвење<br>Посета на „Жито Лукс“.<br>**Одделенски наставник на V г одд.** | Ноември | Преку посетата на фабриката за леб „Жито Лукс“, учениците се запознаа со професијата „Пекар/прехранбен технолог“ и со процесот на производство на леб, со цел да разберат како се создава секојдневниот прехранбен производ, да ја поврзат теоријата со практиката и да поттикнат интерес за различни занимања во рамки на програмата за кариерен развој и запознавање со професиите. |
| Работилница: Моите интереси порано и моите интереси сега<br>**Актив седмо одд.** | Ноември | Учениците умеат да споредат кои интереси ги имале порано, а кои интересите сега. Разбираат дека интересите можат да се менуваат со текот на времето. |
| Посета од гостин - стоматолог<br>Запознавање на професијата „Стоматолог“ | Декември | Учениците се запознаети со професијата „Стоматолог“ и со неговата улога, дознаа што работи стоматологот и како да се грижат за здравјето на забите. |

| | | |
|---|---|---|
| **Одделенски наставници на III б одд.** | | |
| Македонски јазик<br>Посета на гостин - **Мишо Докмановиќ професор и автор на книга „Свои на своето“.**<br>**Одделенски наставници на III в одд.** | Декември | Учениците се запознаа со професијата „Писател“. Активноста има за цел поттикнување љубов кон читањето. Запознавање со процесот на пишување - учениците учат како настанува една книга, од идеја до готово дело. Средбата со авторот ги охрабри да измислуваат свои приказни. |
| Ликовно образование<br>Посета од уметник.<br>**Гостин - уметник и одделенски наставник на V а одд.** | Декември | Учениците се запознаа со професијата „Ликовен уметник“. Кај учениците се поттикна мотивираноста за творење и љубов кон уметноста; учениците се запознаа со детското ликовно творештво и учат да развијат естетски вкус и културното однесување; се поттикна мотивација да се учествува на разни ликовни конкурси. |
| Посета на Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ на настан со Амбасадор на Финска во Белград.<br>**Одделенски наставник на V г одд.** | Декември | Преку посетата на Градската библиотека и учеството на настанот „80 години Мумини - приказна и ликови од Финска“, учениците се запознаа со професијата „Библиотекар“, значењето на библиотеката како културно-образовна институција, со книжевното творештво и културното наследство на Финска, како и со улогата на амбасадорот во меѓународната соработка, со цел да се поттикне љубовта кон читањето, културната размена и интересот за различни професии во рамки на кариерниот развој. |
| Слободен изборен предмет: Готвење<br>Посета на производствен погон „Атлантик груп“<br>**Одделенски наставник на V г одд.** | Декември | Преку посетата на производствениот погон на „Атлантик Груп“, учениците се запознаа со професијата „Технолог“, нејзината улога и значење во процесот на производство, со цел да стекнат основни сознанија за оваа професија, да ја поврзат наставната содржина со реалната работна средина и да развиваат интерес за идниот кариерен избор. |
| Работилница „Моето идно занимање“<br>**Актив петто одд.** | Декември | Учениците се запознаа со различни професии и занимања, развиваат сопствени интереси, способности и таленти и основни сознанија за значењето на професионалната ориентација/кариерниот развој. |
| **Професионална ориентација и кариерен развој кај учениците од VIII и IX одд.** | | |
| Тема: Претстави се себе како граѓанин<br>Содржина: Лични и групни карактеристики<br>**Наставник по граѓанско образование**<br>**Ученици од VIII одд.** | 22.9.2025 | Преку работилницата, учениците ги препознаа сопствените лични карактеристики и ја согледаа важноста на групните особини за успешна соработка. Активностите придонесоа за развој на комуникациски вештини, меѓусебна почит и тимска работа. Учениците се охрабрија да ги развиваат своите силни страни и да работат на подобрување на слабостите. Работилницата позитивно влијаеше врз личниот развој, самодовербата и одговорноста кај учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| Граѓански идентитет - Професионален и кариерен развој<br>Работилница „Како се гледам во иднина“<br>**Наставник по граѓанско образование**<br>**Училишен психолог**<br>**Ученици од IX одд.** | 24.9.2025 | Учениците ги идентификуваат своите предности и јаки страни во развојот и ја согледуваат потребата од планирање на својот професионален и кариерен развој |
| Професионален и кариерен развој: Пишување новинарска статија<br>Писмена вежба „Јас како иден новинар - известувач“<br>**Наставник по македонски јазик**<br>**Училишен психолог**<br>**Ученици од IX одд.** | 24.9.2025 | Учениците размислуваат за својот професионален и кариерен развој и го земаат в предвид новинарството како идна професија. |
| Индивидуални советувања на ученици во врска со професионална ориентација и кариерен развој.<br>**Училишен психолог**<br>**Ученици од VIII и IX одд.** | Континуирано | Оспособување на учениците за самостојно донесување на одлука за избор на средно образование. |
| Развој на личен профил - Претприемач: амбиција, интерес и кариера<br>**Наставник по иновации**<br>**Ученици од IX одд.** | 7.10.2025 | Учениците ја согледуваат поврзаноста меѓу личната амбиција, интересите и изборот на идна кариера. Размислуваат за сопствените способности и цели, како и за можностите кои ги нуди претприемништвото. |
| Развој на личен профил - Карактеристики на претприемач<br>**Наставник по иновации**<br>**Ученици од IX одд.** | 21.10.2025 | Учениците се запознаети со основните карактеристики на претприемачот (иницијативност, креативност и подготвеност за превземање ризик). Учениците ја разбраа одговорноста, упорноста и важноста од правилно донесување на одлуки. |
| Претставување на ПСУ „Алгоритам“<br>**Претставници од средното училиште**<br>**Училишен психолог**<br>**Ученици од IX одд.** | 24.11.2025 | Учениците се запознаети со програмата и условите во ПСУ „Алгоритам“ |
| Претставување на Меѓународно училиште „НОВА“<br>**Претставници од средното училиште**<br>**Училишен психолог**<br>**Ученици од IX одд.** | 1.12.2025 | Учениците се запознаети со програмата, условите и конкурс за стипендии за школување во средното училиште. |

**Координатор: Дијана Митевска - училишен психолог**

**ПРИЛОГ БР. 25**

## Извештај од спроведени активности на Тимот за превенција од насилство

| Реализирани активности | Време на реализација | Постигнати ефекти |
|---|---|---|
| ,,Другарството е важно’’ | 5.11.2025 | Учениците се охрабрија да ги развиваат своите силни страни и да работат на подобрување на слабостите. Работилницата позитивно влијаеше врз личниот развој, самодовербата,меѓусебното почитување и одговорноста кај учениците. |
| „Моето тело и моите чувства“ | 7.11.2025 | Работилницата позитивно влијаеше врз личниот развој, самодовербата,меѓусебното почитување и одговорноста кај учениците |
| „Формирање правила“ | 24.11.2025 | Преку реализираните активности се поттикнува разбирање, почитување на правила , развивање на емпатија и заеднички договор за ненасилна комуникација. |
| „Правата на децата“ | 9.11.2025 | Кај учениците се поттикна свесност за нивните права ,начините за нивно остварување ,но и одговорностите кои ги имаат со остварување на правата. |
| „Реагирање на насилство“ | 24.12.2025<br>26.12.2025 | Учениците се запознаети со различни начини на индивидуално и групно реагирање на насилство. Знаат дека и преку нивна реакција можат да спречат насилно однесување и да му помогнат и да го поддржат соученикот. Учениците се запознаети со начините на барање помош при појава на насилство. |
| „Врсничко и сајбер насилство“ | 22.9.2025 | Учениците се запознаваат со видови на насилно однесување. Учениците се запознаваат со правилникот за заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, трите нивоа на насилно однесување и учат адекватни начини на реагирање на истото, како и каде можат да се обратат за помош доколку се жртви на насилство. |
| „Запознавање со можни причини за | 6.10.2025 | Ученикот се запознава и размислува за можни причини и видови на насилно однесување. Учениците се запознаваат со правилникот за заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, |

| | | |
|---|---|---|
| насилно однесување“ | | злоупотреба и занемарување, трите нивоа на насилно однесување и учат адекватни начини на реагирање на истото, како и каде можат да се обратат за помош доколку се жртви на насилство. |
| „Што може да те испровоцира?“ | 15.9.2025 | Учениците согледуваат дека непријатните емоции се пречка, а пријатните поттик во односите меѓу луѓето, прифаќа дека луѓето може неоправдано да бидат жртви на туѓа лутина/бес и учи како да се справи во вакви ситуации. |
| „Ненасилно решавање на конфликти“ | 22.9.2025 | Учениците разбираат дека сме сите различни и дека треба да се прифаќаме и меѓусебно да се поддржуваме. Учениците се запознаа со начин на комуникација без конфликти, дека никогаш не знаеме какви тешкотии преживува некој па да се потрудиме да бидеме повнимателни |
| **„**Промената започнува од мене“ | 22.12.2025 | Учениците разбираат дека сме сите различни и дека треба да се прифаќаме и меѓусебно да се поддржуваме. Учениците се запознаа со начин на комуникација без конфликти, дека никогаш не знаеме какви тешкотии преживува некој па да се потрудиме да бидеме повнимателни**.** |
| „Препознавање и последици од насилството“ | 10.11.2025 | Преку реализираната работилница се зајакна свесноста кај учениците за значењето на правилното однесување, меѓусебното почитување и одговорното донесување одлуки во односите со врсниците. |
| „Ненасилна комуникација и решавање конфликти“ | 15.12.2025 | Учениците разбираат дека сме сите различни и дека треба да се прифаќаме и меѓусебно да се поддржуваме. Учениците се запознаа со начин на комуникација без конфликти, дека никогаш не знаеме какви тешкотии преживува некој па да се потрудиме да бидеме повнимателни**.** |

**Одговорен наставник: Вања Тимковска**

## Табеларен приказ на ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ во училиштето

| АКТИВНОСТИ | СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| Унапредување на нивоата на безбедност на физичката средина (двор, пристапи, сала за физичко, спортски терени) | Наставници<br>родители<br>МВР | IX-XII |
| Континуирано следење на настаните и бележење со видео надзор | Тим за заштита на учениците | IX-XII |
| Обезбедување на пристапот на училиштето во одредени периоди од денот | Тим за заштита на учениците | IX-XII |

**ПРОТОКОЛ/ИНТЕРЕН АКТ ЗА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПОСТАВУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ**

***Интервентни активности***

За да се планира и реализира на најдобар начин интервенцијата за заштита на децата потребно е да се земат во предвид следните критериуми

- дали насилството се случува или постои сомнеж за насилство;
- каде се случува - дали во училиште или надвор од него;
- кои се учесниците во насилството, злоупотребата и запоставувањето;
- обликот и интензитетот на насилството, злоупотребата и запоставувањето;

Согласно проценката на нивото на ризик се донесува одлука за начинот на реагирање:

1. случајот се решава во училиштето;
2. случајот се решава во училиштето во соработка со други релевантни установи;
3. случајот се проследува на други надлежни служби.

**СЕКОЈА ЛИЧНОСТ КОЈА ИМА СОЗНАНИЈА ЗА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ Е ДОЛЖНА ДА РЕАГИРА**

**Чекори-редослед во постапките во интервенцијата**

Чекорите се прикажани во однос на следните ситуации:

- во случаите на насилство или сомнеж дека насилството се случува **ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ;**
- во случаите кога ученикот е изложен на насилство или постои сомнеж за насилство од страна на **ВОЗРАСНА** личност **ВРАБОТЕНА** во училиштето;
- во случаите кога ученикот е изложен на насилство или постои сомнеж за насилство од страна на **ВОЗРАСНА** личност која **НЕ Е ВРАБОТЕНА** во училиштето.

**1.СОЗНАНИЕ ЗА НАСИЛСТВО - ОТКРИВАЊЕ** е првиот чекор за заштита на ученикот од насилство. Тоа во училиштето најчесто се одвива на два начина:

- набљудување или добивање на информација дека насилството е во тек;
- сомнеж дека насилството се случува врз основа на:
  идентификација на надворешни знаци или специфично однесување на ученикот и семејството, или
  доверување, непосредно од страна на самиот ученик и/или од страна на трета личност (врсник, родител, старател).

**2. ПРЕКИНУВАЊЕ, ЗАПИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО -** секој возрасен кој има сознанија за насилство (дежурниот наставник, наставник, одделенски раководител, секој вработен во училиштето) е должен да реагира така што ќе го прекине насилството или ќе побара помош (доколку процени дека самостојно не може да го прекине насилството);
**3. СМИРУВАЊЕ НА СИТУАЦИЈАТА -** се подразбира обезбедување на ученикот, раздвојување, разговор со учесниците....
**4. КОНСУЛТАЦИИ** се остваруваат непосредно по појавата на сомнеж и/или по добиена информација за насилство. Консултациите се вршат во училиштето:

- со колегите;
- со Тимот за заштита на ученикот од насилство;
- со директорот, психологот, педагогот, специјалниот едукатор и рехабилитатор…;
- во зависност од сложеноста на ситуацијата, консултациите можат да се вршат и со служби надвор од училиштето: со ЦСР, Здравствена установа, ОВР и сл.
  **Консултациите се важни за:**

▪ да се разјаснат околностите и на прав начин да се анализираат фактите;
▪ да се процени нивото/степенот на ризик;
▪ да се направи план за заштита на ученик - жртва и план за промена на однесувањето на ученик - сторител;
▪ да се избегне конфузијата и да се спречат некоординираните активности, кои можат да водат до повторно насилство.
**Во консултациите треба :**

- да се даде детален, објективен опис, без оценка и интерпретација, водејќи грижа за приватноста на ученикот и другите учесници во насилството;
- да се дефинираат улогите, задачите и одговорностите;
- да се донесе одлука за начинот на реагирање и следење на ефектите од превземените мерки.

**ВАЖНО:** Во текот на консултациите со колегите во училиштето или надвор од него, битно е да се почитува **принципот на доверливост,** како и принципот на **заштита на ученикот.**

По откривање на насилството и консултирањето со релевантните стручни лица или установи, можно е во зависност од тежината, **да се превземат следните активности:**

- Превземање на неопходни мерки на ниво на училиште (информирање на родителите за насилството или личност од доверба во случај на сомнеж за насилство во семејството, договор за заштита на ученикот.
- По потреба се вклучуваат надлежни служби: здравствена установа, ОВР, ЦСР и сл.

Поднесување на пријава на надлежни служби е обврска на директорот на училиштето. Пријавата се поднесува во усна и писмена форма.

**ВАЖНО:** Во воспитно-образовните установи нема место за истрага и докажување на злоупотребата и занемарувањето. Тие задачи се во надлежност на други служби.

**УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО**

**Раководен кадар:**

1.Запознавање со Протоколот/Интерниот акт за постапување во случај на насилство.
2. Избор на членови во Тимот за заштита на децата од насилство.
3. Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство над учениците.
4. Поднесување на пријави до надлежни институции.
5 .Следење и вреднување на превземените мерки за заштита на учениците преку постојана соработка со тимот.

**Членови на тимот:**

- учествуваат во обука за заштита на учениците од насилство;
- запознавање на учениците и родителите со Протоколот/Интерниот акт за заштита на учениците од насилство и злоупотреба;
- ја координираат изработката и реализацијата на програмата за заштита на учениците од насилство;
- организираат консултации во училиштето и го проценуваат нивото на ризик за безбедноста од насилство;
- соработуваат со релевантни установи;
- евидентирање на појава на насилство.

**Одделенски наставници:**

*Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу учениците, смирување на ситуацијата, прибирање на информации, информирање на родителите, договор за заштитни мерки, следење на ефектите на превземените мерки, следење на однесувањето на потенцијалните ученици).

*Задолжително водење на сопствена евиденција за појавата на насилство помеѓу учениците.

*Задолжително на одделенскиот час запознавање на учениците со Куќниот ред на училиштето, кодексот за однесување на учениците, како и со протоколот/Интерниот акт.
*Разговори со учениците од паралелката и проценка на нивото на ризик од насилство над нив.
**Дежурни наставници:**
*Запознавање со Протоколот/Интерниот акт и обврските за учество во интервенција.

- Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу учениците, смирување на ситуацијата, информирање на одд. раководител).
- Задолжително водење на евиденција за појава на насилство во евидентна книга на дежурните наставници.

**Други вработени во училиштето:**
*Запознавање со Протоколот/Интерниот акт и обврските за учество во интервенција.
*Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу учениците, смирување на ситуацијата, информирање на одделенскиот раководител).
**Ученици:**
*****Запознавање со Протоколот/Интерниот акт и обврските за учество во интервенција.
*Дежурните ученици го известуваат дежурниот наставник за насилство меѓу учениците во училиштето.
*Одделенската заедница го известува одделенскиот раководител, предметниот наставник во случај на насилство во паралелката.

**Табела со распределба на улоги и одговорности**

| Категорија на лица | Клучни обврски | Начин на постапување | Забелешки |
|---|---|---|---|
| Директор | Усвојување и надзор на спроведување на интерниот акт | Го следи спроведувањето, носи одлуки во сложени ситуации | Одговорен за целокупната организација |
| Стручни соработници | Контакт лица за пријави, набљудување и преземање мерки | Водат записници, работат со ученици, информираат родители | Едно лице се назначува како официјално контакт-лице |
| Одделенски раководители / наставници | Информирање на учениците, следење на динамиката во одделението | Го претставуваат интерниот акт и Правилникот на часот на одделенска заедница | Мора да водат евиденција за спроведените часови |
| Административно-технички персонал (хигиеничари, друг технички персонал, секретари и други) | Набљудување на ученичко однесување во двор, ходници и заеднички простории | При забележано сомнително однесување, веднаш ги информираат стручните лица | Мора да бидат запознаени со основните индикатори за насилство |
| Чувари или надворешно обезбедување | Препознавање ризични ситуации, спречување на насилни дејства | Подготвени да реагираат и пријават инциденти на одговорното лице во училиштето | Треба да имаат основна обука за комуникација со ученици |
| Ученици | Почитување на правилата и пријавување на насилство | При сомнеж или сведоштво, се обраќаат на наставник или соработник | Обучени на часовите на одделенска заедница |
| Родители/старатели | Соработка со училиштето, информирање за промени кај децата | Реагираат доколку детето пренесе искуство со насилство | Да се вклучат во активности за подигнување на свеста |

**ПРИЛОГ БР. 26**

**ПРАВИЛНИК И ИНТЕРЕН АКТ**

**ЗА НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК - ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се запознаат учениците со ставот на училиштето во однос на насилството во училиште | Спроведување на работилница со учениците, презентација на ревизијата, гледање филм, бура на идеи за спречување на насилството Ликовно творење и презентација, пишување пораки и пароли | Ученици од I до IX одд. | стручни соработници, одд.раководители | Прво полугодие | По два часа во паралелка (14 часа) | Училница, ЛЦД, компјутер, платно, хартија, прибор за пишување | Се добива приближно реална слика за насилството во училиштето. Учениците да се вклучат во надминување на состојбата со насилството во училиштето |

ООУ „Киро Глигоров“ Скопје, изработи Правилник и Интерен акт за начинот на пријавување и заштита на ученик - жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување врз основа на член 66 став 14 од Законот за основно образование (Службен весник на Република С. Македонија бр 161/19, 229/20, 3/25, 74/25“) и Правилникот за начинот на пријавување и заштита на ученик - жртва на било која форма на насилство, злоупотреба и занемарување, издаден од МОН (број:18-9670/1 од 07.07.2025год.). Целите на основното образование вклучуваат обезбедување на систематски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот, развивање на самодовербата и свесноста за својата индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитување за почитување на различностите и човековите права, подготвување на учениците за одговорен живот во слободно и демократско општество и унапредување на здравиот начин на живеење. Остварувањето на овие цели не е возможно доколку училиштата не се безбедни средини, доколку насилството се премолчува, жртвите се оставаат сами на себе, а сторителите не се санкционираат со што премолчено се оправдува насилното однесување.

Законот за основното образование (во натамошен текст: Законот) предвидува обврска на основните училишта да постапуваат во случаите на насилство над ученик/чки, да превземаат мерки за заштита на учениците - жртви на насилство и да спроведуваат активности за превенција од насилство.

Со Законот се предвидува забрана за дискриминација врз која било основа во сите области на дејствување во основното училиште, додека вработените се задолжуваат да ја применуваат еднаковоста и правичноста меѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

Секој вработен во училиштето има обврска да се грижи за најдобриот интерес на ученикот, да го почитува неговото достоинство и правата на детето согласно со Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации.

Според член 66 се предвидува обрвска на директорот да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба и занемарување и да спроведе мерки за заштита на ученикот - жртва.

Упатството ги уредува мерките и активностите кои ги превземаат основните училишта во случаите на насилство над ученик/ученичка. Упатството се употребува во сите случаи на каков било вид на насилство направено над ученик/ученичка, без разлика кој е сторител на насилството и без разлика каде се случило насилството, злоупотребата или занемарувањето. Секое училиште е должно да усвои одредби во постоечки интерен акт (како на пример во куќниот ред) или да усвои засебен интерен акт (на пример, политика, правила на однесување или протокол за спречување на насилство и дискриминација) со кои го пропишува начинот на однесување на учениците, вработените, родителите, односно старателите и членовите на телата на училиштето поврзани со забрана за насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.
Одредбите мора да бидат јасни, прецизни и сеопфатни, да ги предвидат различните видови на насилство, да ги опфатат сите сегменти од училишниот живот и прецизно да пропишуваат кое однесување е забрането и кои се последиците од насилничкото и дискриминаторското однесување.

ПОИМНИК:

- Насилство - сите форми на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Ученик - секој ученик или ученичка запишан/на во основното училиште;
- Ученик жртва - секој ученик за кој училиштето има сознанија или се сомнева дека доживеал или доживува насилство;
- Ученик сторител - секој ученик за кој училиштето има сознанија или за којшто постојат основни сомненија дека е сторител на насилство;
- Сторител - секој ученик или возрасен за кој училиштето има сознанија или за којшто постојат основни сомненија дека сторил насилство;
- Училиште - секое основно училиште на територијата на Р.С.М.;
- Вработени - сите вработени во основното училиште;
- Наставници - сите наставници вработени или ангажирани во основното училиште;
- Стручни соработници - сите стручни соработници вработени или ангажирани во основното училиште (педагог, психолог, библиотекар, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник и др.);
- Интерен акт - се однесува на интерен акт на училиштето кој содржи правила за начинот на однесување на учениците, вработените, родителите, односно старателите и членовите на телата на училиштето поврзани со забрана за насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација. Интерниот акт може да биде куќен ред, протокол, правила на однесување, сличен документ или дел од тој документ.
- Контакт лице - лице за пријавување насилство: стручен соработник и негов заменик назначен од директорот на основното училиште како контакт-лице за пријавување насилство во рамките на училиштето;
- Виктимизација - трпење на штетни последици од страна на лице поради превземање дејства за заштита, односно пријавување на насилство, започнување постапка за заштита, дискриминација или друга повреда на правата.

ПРИНЦИПИ

Основното училиште е должно да ги почитува основните и фундаментални принципи при спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство. Основни и фундаментални принципи при одговор на училиштето во случаите на насилство над ученик/чка се:

- Најдобар интерес на детето

- Еднаквост и забрана за дискриминација
- Почитување на различностите и правото на самоопределување
- Учество
- Приватност
- Доверливост
- Жртвата не е виновна
- Пропорционалност
- Информираност
- Стручност и одговорност
- Должно внимание
- Правата на детето
- Забрана за непотизам и корупција

При спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство над ученици, училиштето не смее да ги прекрши фундаменталните принципи, а активностите и мерките кои се превземаат не смеат да резултираат со повреда на принципите.

ВИДОВИ НАСИЛСТВО

- Злоупотреба - преставува насилство што се повторува често врз истата личност. Злоупотреба во училиштето преставува се што некој поединец или институција прави или не прави, што директно влијае или индиректно му наштетува на ученикот;
- Занемарување или негрижа - значи неуспех да се задоволат физичките и психолошките потреби на ученикот, да се заштити од опасност или да се даде медицинска грижа, регистрација во книгата на родените, кога оние кои се одговорни за грижата на учениците имаат средства, знаење и пристап до услугите за да го сторат тоа. Занемарувањето се разликува од појавата кај сиромашните семејства кога родителот, односно старателот и покрај желбата не се во состојба да му го дадат на ученикот она што му е потребно за неговиот развој. Занемарувањето во училиштата претставува негрижливо постапување, односно пропусти и недоволна насоченост и посветеност на вработените во училиштата, односно неможност да одговараат на нивните основни развојни потреби и барања;
- Експлоатација - се однесува на искористување на ученикот или на неговата работна сила од страна на родителите, односно старателите. Тоа опфаќа и киднапирање и продажба на ученик поради работна или сексуална експолатација;
- Физичко насилство - преставува однесување во кое преку употреба на физичка сила со или без други средства се посегнува по телото на ученикот. Физичкото насилство често пати има и фатален исход. Телесното казнување исто така претставува користење на физичка сила со цел да се предизвика одреден степен на болка или непријатност. Учениците со попреченост можат да бидат предмет на посебни форми на физичко насилство;

- Психичко насилство - психолошко малтретирање, вербална злоупотреба и емоционална злоупотреба. Тоа вклучува: закани, заплашување, тероризирање, искористување, не сакање, игнорирање, понижување, изложеност на семејно насилство, самица, ставање во ќош, повредување на чувствата на ученикот и друго;
- Емоционалното насилство - однесување кое доведува до моментално или трајно загрозување на психичкото и емоционално здравје и достоинство на учениците. Тоа вклучува: озборување, игнорирање, неприфаќање, манипулирање, заканување, уцена, обраќање со погрдни зборови и др.;
- Социјално насилство - одвојување на ученикот од другите врз основа на различноста, доведување во позиција на нерамноправност и нееднаквост, дискриминација, недружење, игнорирање и неприфаќање;
- Сексуално насилство - вербално, физичко или симболичко однесување од секлуална природа со кое ученикот сексуално се вознемирува, наведува или принудува на учество во активности од сексуална природа кои ученикот не ги сака, не ги разбира или нема постигнато соодветно ниво на психо – социјален развој за да може да се согласи;
- Врсничко насилство (Булинг) - збир на намерни негативни постапки, задевање или настојување да се зададе повреда или друг вид на непријатност или штета на друг ученик. Овие постапки се подолготрајни и насочени кон ист ученик или група ученици од страна на ист ученик или од страна на иста група на ученици;
- Кибернасилство – преставува облик на малтретирање и вознемирување преку користење на компјутер, мобилен телефон или слични уреди. Подразбира праќање на навредливи, деградирачки и непосакувани СМС пораки, ММС пораки, фотографии и видеоклипови, праќање на е-меил, чет и друго;
- Насилство мотивирано од омраза или предрасуди - сите видови насилстава можат да бидат мотивирани од омраза или предрасуди поврзани од личните карактери на ученикот жртва, на неговите родители, односно старатели, браќа, сестри, на родовиот идентитет, раса, боја на кожа, етничка и национална припадност и слично.

Секој одделенски раководител на паралелката е должен да го престави овој протокол/Интерен акт и Упатството на часот на одделенската заедница, веднаш по почетокот на учебната година, на начин приспособен за возраста на учениците, преку дискусија и интерактивни вежби и размена на мислења.

Училиштето е должно континуирано да работи на едукација и покренување на свеста кај учениците во врска со спречување насилство.

Директорот на училиштето во соработка со стручните соработници спроведува континуирани обуки, а најмалку два пати годишно за спречување и заштита од насилство. Училиштето ги прилагодува обуките на моменталните знаења, капацитети и потреби на вработените во училиштето. За реализација на обуките, училиштето може да соработува со надворешни експерти, образовни институции и здруженија на граѓани.

Училиштето е должно редовно, најмалку еднаш во 4 (четири) години да го ажурира Интерниот акт, согласно со потребите на сите лица вклучени во училишниот живот.

<u>ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ НАСИЛСТВО</u>

Секој е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик без разлика дали насилството се случило во училиштето, на пат до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или на кое било друго место.

Наставниците, стручните соработници и директорот се должни да го препознаат насилството. Вработените внимаваат на следните знаци, кои можат да се појават кај учениците кои се поврзани со насилство:

· На физички и физиолошки план - траги од повреди, модринки, лузни, изгореници, исекотини, искината облека, запуштен и неуреден изглед, скршени или искинати работи, проблеми со исхрана, болки во стомакот, главоболки, повраќање, скршеници, проблеми со спиењето (или претерано долго спиење).

· На емоционален план - плачливост, повлеченост или претерана активност, раздразливост, појава на невообичаени претерани стравови, агресивно и автодеструктивно однесување, молчаливост, невообичаена говорливост, гледање во „празно“, ноќни кошмари, консумирање алкохол / наркотици, страв да остане сам, страв од дружење со други луѓе, ноќно мокрење во кревет, лажење, грицкање нокти, нарушување во говор и друго.

· Однесување во училиште / однесување дома - значајно намалување на успехот, појава на неоправдани изостаноци, исчезнување на работи (како на пример: мобилен, предмети од облека, чанти, односно ранци, тетратки, пари и слично) немање концентрација за учење, доцнење, одбегнување на одговорности, не носење на домашни работи, избегнување или не учество во редовни активности, невообичаени начини на играње (кај помалите деца), избегнување на физички допир, силен страв од возрасни, манифестен страв од враќање дома или од одење во училиште, избегнување да се користи мобилен телефон или сличен уред или негово пречесто користење (кај кибернетско насилство) и слично.

Важно е да се обрне внимание на екстремностите, зачестеноста, времетраењето и повторувањето на поединечните симптоми.

ПРЕКИНУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО

Прекинувањето на насилство зависи од видот на насилството, бројот на ученици вмешани во него и нивната возраст.

Вработените се должни веднаш да го прекинат насилството. Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата за случајот или бил сведок на насилството.

Доколку станува збор за посериозна форма на насилство (тепачка помеѓу поголем број ученици, или ако се употребува нож или друго оружје), а вработените проценуваат дека не можат сами да го сопрат, веднаш повикуваат полиција.

Доколку сторител на насилството е возрасен, без разлика дали станува збор за друг вработен во училиштето, трето лице, родител, односно стрател, училиштето има обврска да повика полиција или Центар за социјална работа.

Доколку сторителот е вработен во училиштето, директорот е должен да го прекине работниот однос со сторителот, а до тогаш да изрече привремена мерка отстранување од работа на работникот се до донесувањето на одлука за отказ на договорот за вработување во согласност со Законот за наставници и стручни соработници во основното училиште и Законот за основно образование, прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи што важат за работните односи.

Во случаите кога вработените се сомневаат дека некој ученик/ученичка е жртва на каков било вид насилство, без разлика каде се случува и без разлика кој е потенцијален сторител, вработените се должни да го информираат конакт - лицето за пријавување на насилство, по што контакт - лицето разговара со ученикот, односно ученичката и/или со други лица кои би можеле да имаат сознанија.

Наставниците и стручните соработници разговараат со родителите, освен во случаите кога разговорот со родителоте не е во најдобар интерес на детето (пр. кога постои сомнеж дека родителот е сторител или на друг начин е одговорен за насилството, или пак вмешувањето на родителот би можело да предизвика насилство врз ученикот). Во овие случаи секогаш е препорачливо да се повика Центарот за социјални работи.

Доколку станува збор за насилство кое се случило во домот на ученикот или на друго место, вработените ја добиле информацијата преку видливи знаци на телото на ученикот и согласно неговото однесување, вработениот кој тоа го забележал го известува контакт – лицето за пријавување на насилство кое во соработка со другите стручни соработници и релевантни наставници можат да разговараат со ученикот/ученичката или со други лица со цел да добијат попрецезни информации. Овие случаи училиштето е должно да ги пријави во Центарот за социјални работи.

СМИРУВАЊЕ НА СИТУАЦИЈАТА

Откако насилството е прекинато, вработените превземаат мерки за смирување на ситуацијата:

- Вработениот кој го прекинал насилството задолжително го информира и го вклучува контакт - лицето (од стручната служба) за пријавување на насилство кое ја води оваа фаза;
- Кога станува збор за инцидент на насилство, без значајни последици, кој се случува првпат како наведените во табела бр.1 (ПРВО НИВО), вработениот кој го прекинал насилството не е обврзан да го повика контакт - лицето за пријавување на насилството, туку сам треба да ја смири ситуацијата. Во случај да процени дека не може самостојно да влијае или ситуацијата почнува повторно да ескалира, ќе го повика контакт – лицето;
- Кога станува збор за инцидент на насилство од табела бр.1, кој се повторува или за насилство од табелите 2 и 3 (второ и трето ниво), вработениот е должен да го повика контакт – лицето;
- Контакт - лицето може да одлучи во оваа фаза да повика и претставници од други институции, како полиција, Центар за социјална работа, Здравство или некое друго лице кое согласно експертизата и службената положба може да помогне во смирување на ситуацијата;
- Кога станува збор за случај на насилство од табела бр. 3, мора да се повикаат претставници од други институции;
- Секогаш кога повикува други институции, контакт - лицето ќе го информира директорот, освен во случаите кога поради итност мора веднаш да се повика полиција;
- Во случаите кога се вклучуваат претставници од други институции, за најголем дел од случаите е препорачливо контакт - лицето и вработените од училиштето да ги направат разговорите со учениците.

НАСОКИ ЗА РАЗГОВОР

- Трпеливо и внимателно слушајте ги учесниците, вклучувајќи ги и сведоците,
- Насочете го вниманието на конкретните постапки и однесување,
- Без осудување, согледувајте ја ситуацијата без намалување или преувеличување,

- Внимателно слушајте што ви зборуваат учениците, не само тие што трпат насилство, туку и тие кои го извршиле насилството и тие кои ги набљудувале,
- Не интерпретирајте, не менувајте, не толкувајте, не заземајте страна,
- Користете речник што ги користат и учениците кога зборуваат за насилство, злоупотреба и занемарување,
- Не подразбирајте, не претпоставувајте, прашувајте, а не тврдете,
- Проверете дали точно, правилно сте разбрале што ви кажале учениците,
- Разговарајте смирено, не реагирајте шокирано, со недоверба,
- Покажете дека верувате во тоа што ученикот ви го зборува, за да го охрабрите да ви раскаже што повеќе

ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ПРОМЕНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА СТОРИТЕЛОТ

По смирувањето на ситуацијата и добивањето информации од разговорите со сите вмешани и сведоци на насилството, училиштето одлучува дали и кои мерки на заштита ќе се спроведат.

План за заштита на ученикот жртва и промена на однесување на сторителот може да вклучува:

- Психо-социјална поддршка на жртвата од страна на училишниот психолог или други стручни соработници,
- Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот - преместување на сторителот, ограничување на заеднички активности…,
- Мерки за физичко одделување на жртвата се употребуваат само доколку е неопходно, доколку жртвата тоа го бара и доколку е во најдобар интерес ослободување од настава за одреден период, можност за привремено учење од дома…,
- Мерки за промена на однесувањето на сторителот - се применува само ако стоерителот е друг ученик или ученици. Вклучуваат психо - социјална поддршка од психолог и упатување на родителот на психоцоцијално советување во надлежната установа. Мерките преместување на ученикот, учење од дома/настава од далечина, ограничување на вклученост во вonнаставни активности или училишни настани се применуваат само во најдобар интерес на учениците и не смеат да имаат карактер на казна, туку да служат за создавање безбедна училишна средина и поддршка за развој на социјално прифатливо однесување.
- Педагошки мерки кон сторителот согласно Законот за основно образование се изрекуваат само во случаите кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати и тогаш се работи за случај на насилство од табела бр.2 и 3,
- Преместување на сторителот во друго училиште - овие мерки се користат за случаите на насилство од табела бр. 2 кои се повторуваат или случаите од табела бр. 3 и не претставува педагошка мерка, туку мерка за заштита на жртвата од насилство (во случаи кога има голема траума за жртвата со последици врз здравјето и психо - физичкиот развојот на жртвата,
- Мерки за поддршка на набљудувачите или сведоците - контакт - лицето или друг стручен соработник или друг наставник спроведува мерки за поддржување или промена на однесувањето на учениците, сведоците или набљудувачите. Овие мерки вклучуваат разговарање, објаснување на случајот и околностите, оставање простор да се покаже своето размислување поврзано со случајот.

Крајна цел на овие мерки е учениците да не го оправдуваат насилството и да разберат зошто ова однесување е штетно. Не смеат да се водат во присуство на ученикот жртва и ученикот сторител. Овие ученици не смеат да се осудуваат или обвинуваат ако не го пријавиле навремено, ако навивале и слично. Ако се однесува за насилство од табела бр. 2 или 3, тогаш им се нуди психо - социјална поддршка од психологот, може да се вклучат во едукативни активности, прадавања и работилници на теми поврзани со случаи на насилство, за ненасилна комуникација и врсничка поддршка на жртви на насилство.

Сите мерки кои се однесуваат на жртвата мора да се донесат со нејзино вклучување, согласување и земање предвид на наејзините желби и потреби.

Контакт - лицето или друго вработено лице кое е од доверба на ученикот сторител, ќе разговара со сторителот за донесените мерки, резултатот што се сака да се постигне, следните чекори кои ќе се превземат и последиците со кои ќе се соочи. Ученикот сторител не треба да се обвинува, осудува, туку треба да се влијае врз промена на неговото однесување и врз факторите кои довеле до насилничкото однесување .

Родителите, односно старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработка на Планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето.

Доколку родителите, односно старателите на учениците не се соработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштето е должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку истите се однесуваат насилнички или може да дојде до насилство, училиштето повикува полиција, а по потреба и други институции.

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот постојано се евалуира и дополнува, се оценува дали дава резултати.

Училиштето го одреди лицето Дијана Митевска - психолог, во училиштето за одговорно лице задолжено за спроведување на овој Интерен акт, а за нејзин заменик го одреди лицето Марина Стојановска - педагог.

Одговорното контакт - лице е должно да го евидентира секој случај на насилство над ученик во определен формулар.

Овој Интерен акт е презентиран на Наставнички совет, на одделенски час на паралелката, на Совет на родители и Училишен одбор и е објавен на веб страната на училиштето.

Остварувањето на овие цели не е возможно доколку училиштата не се безбедни средини, доколку насилството се премолчува, жртвите се оставаат сами на себе, а сторителите не се санкционираат со што премолчено се оправдува насилното однесување.

Секој вработен во училиштето има обврска да се грижи за најдобриот интерес на ученикот, да го почитува неговото достоинство и правата на детето согласно со Конвенцијата за првата на детето на Обединетите нации.

Според член 66 се предвидува обрвска на директорот да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба и занемарување и да спроведе мерки за заштита на ученикот - жртва.

Секој одделенски раководител на паралелката беше должен да го претстави Правилникот и Интерниот акт за начинот за пријавување и заштита на ученик - жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување на часот на одделенската заедница, веднаш по почетокот на учебната година, на начин приспособен за возраста на учениците, преку дискусија и интерактивни вежби и размена на мислења.
Училиштето е должно континуирано да работи на едукација и покренување на свеста кај учениците во врска со спречување насилство.
Училиштето е должно да обезбеди можност за анонимно пријавување на насилството преку кутија за пријава, поставена на видно и пристапно место во училиштето, со соодветно обележување и информирање на учениците дека можат да ја користат за анонимно пријавување на насилство, и онлајн формулар објавен на веб - страната на училиштето.
Наша цел е да поддржиме воспоставување на ефективен процес за идентификација и упатување во случаите на насилство врз деца, поврзувајќи ги образованието, здравството, судството, полицијата, социјалната заштита и граѓанските организации. Поддржуваме развивање и имплементација на програми и услуги за позитивно родителство заради зајакнување на професионалците кои работат со деца, родителите и членовите на заедницата.

## Табели со категоризација на насилство

| **Табела 1-Прво ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоциоонално/психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| - удирање „чврги“<br>- буткање<br>- штипење<br>- гребење<br>- кубење<br>- гризење,<br>- сопнување<br>- шутирање<br>- валкање<br>- уништување на предмети | - исмевање,<br>- омаловажување,<br>- озборување,<br>- Навредување,<br>- ословување со поогрдни имиња,<br>- пцуење,<br>- имитирање<br>- „прозивање“ | - дофрлање<br>- потсмевање,<br>- игнорирање | - дофрлање,<br>- пцуење,<br>- Негативни коментари<br>- гестикулирање со сексуална алузија | - Повремени вознемирувачки повици на телефон<br>- вознемирувачки СМС, ММС-пораки,<br>- вознемирувачки поракина социјалните мрежи итн. |
| **Табела 2-Второ ниво** | | | | |

| Физичко насилство | Емоциоонално/психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/злоупотреба | Кибернасилство |
|---|---|---|---|---|
| - Шлаканици,<br>- Удирање<br>- Газење<br>- Кинење на облека<br>- Затворање,<br>- Плукање<br>- Одземање и уништување на сопственост | - уценување<br>- казни<br>- Неправедно казнување<br>- Етикетирање<br>- Забрана за комуникација<br>- Исклучување<br>- Отфрлање<br>- манипулирање | - Сплеткарење<br>- Игнорирање<br>- Отфрлање<br>- Невклучување<br>- Неприфаќање<br>- Манипулирање<br>- Експлоатација<br>- Исклучување од групата врз дискриминаторска основа<br>- Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа | - Сексуално допирање<br>- Покажување на порнogравски материјал<br>- Покажување на интимните делови на телото<br>- соблекување | - Огласи<br>- Клипови<br>- Блогови<br>- Злоупотреби на форуми и четувања<br>- Сексуално насилство во видеоигри<br>- Снимање со камера на насилни сцени<br>- Дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност |
| **Табела 3-трето ниво** | | | | |
| **Физичко насилство** | **Емоциоонално/психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| - тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици/укажана помош од лекар,<br>- Напад со палка, нож, оружје, кој може да има хатален исход,<br>- Забрана на храна и спиење<br>- Изпожување на ниски температури. | - Застрашување со уцена<br>- Рекетирање<br>- Ограничување на движење<br>- Наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални)<br>- Вклучување во секти<br>- занемарување | - Сериозни закани за животот<br>- Изживување на група над поединци/група<br>- Дискриминација<br>- Организирање на затворени групи (кланови)<br>- Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа | - Заведување од страна на возрасни<br>- Подведување<br>- Злоупотреба на моќта<br>- Наведување<br>- Изнудување и принудување на сексуална активност<br>- Силување<br>- Полов напад врз дете кое не навршило 14 години<br>- Задоволување на полови нагони пред друг<br>- Обљуба со злоупотреба на положба | - Дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност<br>- Снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масивно дистрибуирани<br>- прикажување на порнографски материјал<br>- зроизводство и дистрибуција на порнографски материјал |

**Прилог бр.27**

**Извештај од реализирани активности кои се однесуваат на Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање,превенција од злоупотреба на алкохол,тутун,дроги и други психотропни супстанци и спречување дискриминација**

| **Реализирани активности** | **Време на реализација** | Постигнати ефекти |
|---|---|---|
| Информирање на родителите и учениците за бесплатни услуги од страна на стручни лица кои нудат стручна психолошка поддршка, во соработка со О**пштина Центар и Здружение ХОПС - Центар за рехабилитација и реинтеграција на лица кои употребуваат дроги и нивните семејства.**<br>**Директор**<br>**Стручна служба**<br>**Оделенски наставници/раководители** | **Септември** | Со информирањето на родителите и учениците за достапните бесплатни услуги за стручна психолошка поддршка се зголеми нивната информираност за можностите за навремена помош и советување. Соработката со Општина Центар и Здружението ХОПС придонесе кон зајакнување на мрежата за поддршка и унапредување на превентивниот пристап кон ризични однесувања поврзани со употреба на алкохол, тутун, дрога и други психотропни супстанции. |
| Индивидуални разговори со ученици кои припаѓаат на ризични групи.<br>**Училишен психолог**<br>**Училишен педагог**<br>**Оделенски наставници/раководители** | **Септември - декември** | Преку реализираните индивидуални разговори се овозможува навремено препознавање на ризичните фактори кај учениците. Се зајакнува довербата и отворената комуникација, што придонесува кон поддршка на учениците во донесување здрави и одговорни одлуки и намалување на ризикот од употреба на алкохол, тутун и други психотропни супстанции. |
| Обука за примена на Програма за вештини на адолесценција<br>**МОН, БРО**<br>**Директор**<br>**Актив седмо одд.**<br>**Училишен психолог**<br>**Училишен педагог** | **Октомври** | Со реализираната обука се зајакнаа стручните компетенции за примена на Програмата за вештини на адолесценција и користење на Прирачникот за вештини за адолесценција во превентивната работа со учениците. Се обезбеди единствен и структуриран пристап во спроведувањето на пред-тестот и подготовка на работилниците, меѓу другото и за превенција од употреба на алкохол, тутун, дрога и други психотропни супстанции. Обуката придонесе за поефикасна реализација на програмата и унапредување на превентивните активности во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| Едукативно предавање за зависности од дрога и игри на среќа во рамки на Неделата на борба против зависности.<br>Црвен крст - **Општинска организација Центар,** во соработка со Здружение на **Клубови на лекувани зависници на РСМ**<br>**Предметен наставник по хемија и биологија Јасмина Драгеска**<br>**Ученици од IX одд.** | **Октомври** | Активноста придонесе за зголемување на свесноста кај учениците за штетните последици од зависностите од дрога и игри на среќа, како и за јакнење на нивните знаења за ризиците по здравјето и социјалниот живот. Учениците покажаа зголемен интерес и активно учество, развивајќи критичко размислување и поодговорни ставови кон сопственото однесување, со што се зајакна нивната способност за препознавање и избегнување на ризични ситуации. |
| **Работилница „Разбирање на менталното здравје и ментална хигиена“**<br>**Училишен психолог**<br>**Одделенски раководители**<br>**Ученици од VI и VII одд.** | **Декември** | Преку реализираните работилници учениците се запознаа со значењето на менталното здравје и менталната хигиена како важни фактори за здрав и одговорен начин на живот. Се зголеми нивната свесност за препознавање на емоционалните состојби и здрави начини на справување со стрес и предизвици, со што се намалува ризикот од прибегнување кон употреба на алкохол, тутун и други психотропни супстанции. Работилницата придонесе кон поттикнување позитивни ставови и одговорно однесување кај учениците. |
| **Работилница „Изразување на емоциите“ (невербално изразување)**<br>**Актив прво одд.** | **22.9.2025** | Ученикот разбира дека одделни невербални гестови и мимики може да доведат до конфликт. Учи да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин. |
| **Искажување мислење:**<br>**Работилница „Јас мислам дека“**<br>**Актив прво одд.** | **29.9.2025** | Ученикот умее да го искажува своето мислење на различни начини, прифаќа дека секој има право на свое мислење и искажување на истото, без да чувствува притисок или непријатност, што е добар почетен показател на правилно градење на критичко мислење. |
| **Кажување лаги/вистини:**<br>**Работилница „Зборување зад грб“**<br>**Актив второ одд.** | **26.9.2025** | Ученикот умее да разликува лага од вистина и може да се воздржува од кодошење. Учениците ги знаат негативните последици од кажувањето невистини. |
| **Прифаќање и признавање на грешки:**<br>**Работилница „Кога грешам“**<br>**Актив второ одд.** | **12.9.2025** | Ученикот прави разлика меѓу намерни и ненамерни грешки во сопственото и туѓото однесување и ги согледува негативните последици од направените грешки, знае дека и ненамерните грешки имаат негативнии последици и не смеат да се игнорираат. |
| **Работилница „Омилени игри“**<br>**Актив трето одд.** | **16.9.2025** | Ученикот разбира дека слободното време може да се користи за проширување на своите знаења и умее да избере од понудените активности за слободното време. |

| | | |
|---|---|---|
| **Работилница „Моите обврски во семејството“**<br>**Актив трето одд.** | **23.9.2025** | Ученикот прифаќа дека во семејството сите имаат обврски што се неопходни за негово функционирање и учи дека треба да ги извршува своите обрвски како член на семејството. |
| **Работилница „Забрането пријателство’’**<br>**Актив четврто одд.** | **11.9.2025** | Учениците се запознаваат со чувства кога пријателството е забрането, како да ги искажат своите чувства кон своите соученици и градат доверба и отвореност да ги искажат своите чувства на родителите, наставниците... |
| **Прирачник за превенција на насилство во училиштата: Работилница „Моите чувства и јас“**<br>**Актив петто одд.** | **10.9.2025**<br>**12.9.2025** | Учениците подобро ги разбираат своите и туѓите емоции, послободно ги изразуваат чувствата и покажуваат поголема емпатија и разбирање кон другите. |
| **Прирачник за превенција на насилство во училиштата:**<br>**Работилница „Кутија на среќата“**<br>**Актив петто одд.** | **17.9.2025**<br>**24.9.2025**<br>**26.9.2025** | Учениците умеат да ја опишат сопствената визија за среќа, умеат ликовно да ја изразат сопствената визија на среќа и учат разлики меѓу материјалните и нематеријалните добра. |
| **Работилница „Врсничко и сајбер насилство“**<br>**Актив шесто одд.** | **15.9.2025** | Учениците разбираат што е врсничко, а што сајбер насилство, разликуваат видови насилство - физичко, вербално, социјално и сајбер, учат за последиците и начините на справување. |
| **Работилница „Што може да те испровоцира?“**<br>**Актив седмо одд.** | **22.9.2025** | Ученикот умее да препознае и протолкува сопствени тригери и да го препознае контекстот на настанување на конфликт во секојдневието. |
| **Работилница „Слични и различни“**<br>**Актив седмо одд.** | **29.9.2025** | Учениците умеат да ги воочат сличностите и разликите меѓу нив (да знаат што сакаат/не сакаат) и да ги почитуваат разликите и ставовите на другите. |
| **Работилница „Неуспех! Неуспех?“**<br>**Актив осмо одд.** | **15.9.2025** | Учениците го препознаваат неуспехот како дел од животот и ги анализираат различните причини за тоа. Тие учат како да се справуваат со неуспехот емоционално, но и со превентивни мерки. |
| **Работилница „Како да бидам самоуверен “**<br>**Актив осмо одд.** | **22.9.2025** | Учениците умеат да разликуваат три форми на комуникација (пасивно, агресивно и самоуверено), ги знаат главните карактеристики на самоувереното однесување и можат да ги применат во различни ситуации. |
| **Работилница „Различни, но еднакви“**<br><br>**Актив деветто одд.** | **15.9.2025** | Учениците умеат да аргументираат зошто е важно да се почитува различноста и правото на еднаквост, применуваат соодветно однесување во групна работа кое покажува соработка и почит кон другите, покажуваат емпатија преку изразување на поддршка или разбирање за врсници со различни ставови, навики или карактеристики и изградуваат позитивен став кон сопствената уникатност и кон вреднување на различноста во заедницата. |

| | | |
|---|---|---|
| **Работилница „Од зборови што болат - до зборови што градат“<br>Актив деветто одд.<br>Училишен психолог<br>Училишен педагог** | **22.9.2025** | Се поттикнува разбирање, почитување и подобрување на односите меѓу учениците од двете одделенија преку интерактивни активности, развивање на емпатија и заеднички договор за ненасилна комуникација. |
| **Работилница за врсничко насилство I дел: Причини и видови на насилство<br>Училишен психолог<br>Одделенски раководител<br>Ученици од VI а одд.** | **22.9.2025** | Ученикот се запознава и размислува за можни причини и видови на насилно однесување. Учениците се запознаваат со правилникот за заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и трите нивоа на насилно однесување. |
| **Пишување новинарска статија „Јас како иден новинар - известувач“<br>Наставник по македонски јазик<br>Училишен психолог<br>Ученици од IX одд.** | **24.9.2025** | Ученикот умее да ги идентификува своите предности и јаки страни, размислува за својот професионален и кариерен развој, ги разгледува можностите за продолжување на образованието и демонстрира позитивен став кон учењето преку примери кои што ја докажуваат потребата од доживотно учење. |
| **Работилница „Како се гледам во иднина“<br>Наставник по граѓанско образование<br>Училишен психолог<br>Ученици од IX а и IX б одд.** | **24.9.2025** | Учениците ги идентификуваат своите предности и јаки страни во развојот и ја согледуваат потребата од планирање на својот професионален и кариерен развој. |
| **Работилница за врсничко насилство II дел: Реагирање на насилство<br>Училишен психолог<br>Одделенски раководител<br>Ученици од VI а одд.** | **29.9.2025** | Учениците се запознаети со различни начини на индивидуално и групно реагирање на насилство. Знаат дека и преку нивна реакција можат да спречат насилно однесување и да му помогнат и да го поддржат соученикот. Учениците се запознаети со начините на барање помош при појава на насилство. |
| **Работилница „Не ми е убаво кога...“<br>Актив второ одд.** | **31.10.2025** | Ученикот умее да изрази незадоволство без да го навреди/повреди другиот и да согледа дека добриот збор ги одржува/подобрува односите со другите, а лошиот ги нарушува. |
| **Работилница „Како до успех?“<br>Актив трето одд.** | **13.10.2025** | Ученикот знае дека секој човек, независно од возраста доживува успех и неуспех и може да разликува сопствен успех и неуспех во учењето и работата. Го прифаќа успехот како резултат на нејзините/неговите лични залагања и труд. |
| **Работилница „Омилени игри“<br>Актив трето одд.** | **27.10.2025** | Ученикот разбира дека слободното време може да се користи за проширување на своите знаења и умее да избере од понудените активности за слободното време. |
| **Градење слика за себе како член на семејството и како ученик<br>Работилница „Секој прави по нешто“** | **14.10.2024** | Ученикот знае дека секој член во семејството има права и обврски, знае дека треба навремено да ги извршува своите семејни обврски и разбира дека почитувањето, довербата и љубовта кон семејството се важни за личниот развој на секој човек. |

| | | |
|---|---|---|
| **Актив четврто одд.** | | |
| **Прирачник за превенција на насилство во училиштата**<br>**Работилница „Мојата рака на квалитети“**<br>**Актив петто одд.** | **1.10.2025**<br>**22.10.2025**<br>**24.10.2025** | Учениците ги препознаваат и именуваат своите лични квалитети и вредности, разбираат дека секој човек има различни, но подеднакво важни квалитети и увидуваат дека позитивната слика за себе го намалува ризикот од насилно однесување и поттикнува меѓусебна поддршка. |
| **Повикување на служби за итна помош**<br>**Одделенски раководители**<br>**Ученици од VII одд.** | **13.10.2025** | Ученикот меморира клучни прашања како стратегија за пружање помош, знае и може да ги користи броевите за итен случај и учи како да остане смирен во дадени ситуации и да повика помош. |
| **Работилница „Различни ситуации, различни посатапки и чувства“**<br>**Ученици од VIII одд.** | **13.10.2025** | Учениците осознаваат дека во различни животни ситуации, различно емоционално ќе реагираат и учат да ги контролираат емоциите соодветно од ситацијата. |
| **Работилница за врсничко насилство I дел: Причини и видови на насилство**<br>**Училишен психолог**<br>**Ученици од VI в одд.** | **6.10.2025** | Ученикот се запознава и размислува за можни причини и видови на насилно однесување. Учениците се запознаваат со правилникот за заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и трите нивоа на насилно однесување. |
| **Работилница „Разбирање на менталното здравје и ментална хигиена“**<br>**Училишен психолог**<br>**Одделенски раководители**<br>**Ученици од VI а и VII в одд.** | **10.10.2025** | Учениците разбраа кое е значењето на менталното здравје и важноста од оддржување на менталната хигиена. Тие разбраа дека менталното здравје е исто толку битно колку и физичкото здравје, разбираат дека треба да се грижиме за истото и учат соодветни начини како да го направат тоа. |
| **Работилница „Залак добрина и храброст“**<br>**Специјален едукатор и рехабилитатор**<br>**Одделенски раководител**<br>**Ученици од V г одд.** | **10.10.2025** | Учениците учеа како мирно да се решаваат конфликти и создаваа пораки за добро ментално здравје под мотото „Залак добрина и храброст“. Преку работилницата се даде поддршка на индивидуите во развивање на вештини за справување со емоциите, подобро да ги разберат, да ги контролираат, да умеат да ги препознаат емоциите кај другите и да изградат подобри односи. |
| **Работилница „Сите сме различни - и тоа е во ред: да се разбереме и прифатиме меѓу себе. Како да поставиме граници без конфронтација“**<br>**Училишен психолог**<br>**Одделенски раководител**<br>**Ученици од VII а одд.** | **21.10.2025** | Учениците умеат да ги прифатат различностите, се зајакнува емпатијата, но и учат како да постават граници без конфронтација. Учениците разбираат дека сите сме различни и дека треба да се прифатиме и меѓусебно да си помагаме и поддржуваме, но и да реагираме соодветно кога ќе се преминат границите. |

| | | |
|---|---|---|
| **Работилница за врсничко насилство I дел: Причини и видови на насилство<br>Училишен психолог<br>Одделенски наставник<br>Ученици од V б одд.** | **30.10.2025** | Ученикот се запознава и размислува за можни причини и видови на насилно однесување. Учениците се запознаваат со правилникот за заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, трите нивоа на насилно однесување и учат адекватни начини на реагирање на истото, како и каде можат да се обратат за помош доколку се жртви на насилство. |
| **Разрешување проблеми преку развој на критичкото мислење.<br>Училишен педагог<br>Одделенски наставници<br>Ученици од IV одд.** | **30.10.2025** | Ученикот умее да дефинира проблем, да ги разгледа можните решенија, да ги процени можностите, да го одбере најдоброто можно решение, да развие план за спроведување на одбраното решение и да направи проценка на успехот од постигнатото. |
| **Работилница „Не ми е убаво кога...“<br>Актив прво одд.** | **10.11.2025** | Ученикот умее да изрази незадоволство без да го навреди/повреди другиот и да согледа дека добриот збор ги одржува/подобрува односите со другите, а лошиот ги нарушува. |
| **Работилница „Љубов во семејството“<br>Актив прво одд.** | **24.11.2025** | Ученикот умее да изразува љубов кон родител, брат/сестра и да согледа дека постојат различни начини на покажување љубов кон лицата што ги сакаме. |
| **Работилница „Кога и од кого можам да побарам помош“<br>Актив второ одд.** | **7.11.2025** | Ученикот знае како да замоли за помош. да научи да прима помош и за неа да се заблагодари. Може да помогне кога некој му-и бара помош и може да побара кога некој му-и треба. |
| **Работилница „Насилство - СТОП“<br>Актив второ одд.** | **21.11.2025** | Учениците ги знаат негативните последици од насилството и се оспособуваат да прават разлика меѓу пријателско и непријателско однесување. |
| **Работилница „Мојот бес“<br>Актив трето одд.** | **11.11.2025** | Учениците учат да го препознаваат чувството на бес, да разберат зошто се јавува и да развијат начини како на здрав начин да го изразат и контролираат. |
| **Работилница „Кога сум болен/болна?“<br>Актив трето одд.** | **25.11.2025** | Учениците учат како да препознаат кога се чувствуваат болни, како треба да се однесуваат во тие ситуации и како да се грижат за своето здравје и здравјето на другите. |
| **Работилница „Напаѓачко однесување“<br>Актив четврто одд.** | **25.11.2025** | Ученикот согледува дека непријатните емоции се пречка, а пријатните поттик во односите меѓу луѓето, прифаќа дека луѓето може неоправдано да бидат жртви на туѓа лутина/бес и учи како да се справи во вакви ситуации. |
| **Работилница „Безбедно користење на интернет“<br>Актив шесто одд.** | **17.11.2025** | Ученикот разбира можни последици од неправилно користење на социјалните мрежи, препознава сајбер насилство и правилно избира содржини од интернет. |
| **Прифаќање на сличности и разлики; Работилница „Храна и книги“<br>Актив шесто одд.** | **25.11.2024** | Ученикот разбира дека постојат различни приоритети во животот и дека е тешко да се радвојат потребите од желбите, но дека тоа може да се постигне со запознавање на себе, емоционално и со надоградување на знаењето, како и со прифаќање на различностите. |

| | | |
|---|---|---|
| **Работилница: Моите интереси порано и моите интереси сега**<br>**Актив седмо одд.** | **10.11.2025** | Учениците умеат да споредат кои интереси ги имале порано, а кои интересите сега. Разбираат дека интересите можат да се менуваат со текот на времето. |
| **Работилница „Слободно врме - го трошам го штедам, го користам“**<br>**Актив седмо одд.** | **17.11.2025** | Ученикот умее да направи баланс меѓу слободното и работното време, умее да си го организира слободното време и прифаќа дека слободното време е во функција на личниот развој и ефикасното извршување на работните обврски. |
| **Пред - тест (прирачник за вештини за адолесценција)**<br>**Актив седмо одд.**<br>**Училишен психолог** | **24.11.2024** | Да се дознае општото размислување на учениците во однос на комуникација, како управуваат со емоциите, какви се нивните односи со соучениците и каков став имаат кон употребата на алкохол, дгога и цигари. |
| **Работилница „Што ми дава сила? Што ме попречува?“**<br>**Актив осмо одд.** | **3.11.2025** | Учениците учат како најдобро да го менаџираат времето и да изнаоѓаат механизми кои ќе им даваат енергија при извршување на секојдневните обврски. |
| **Работилница „Мажи и жени. Кој/а сум јас?“**<br>**Актив осмо одд.** | **17.11.2025** | Учениците ја истражуваат тесната поврзаност помеѓу нивниот идентитет и ги воочуваат разликите помеѓу нив. |
| **Работилница за врсничко насилство II дел: Реагирање на насилство**<br>**Училишен психолог**<br>**Одделенски наставник**<br>**Ученици од V б одд.** | **3.11.2025** | Учениците се запознаети со различни начини на индивидуално и групно реагирање на насилство. Знаат дека преку нивна реакција можат да спречат насилно однесување и да му помогнат и да го поддржат соученикот. Учениците се запознаети со начините на барање помош при појава на насилство. |
| **Работилница за емоции „Сите имаме чувства“**<br>**Училишен психолог**<br>**Одделенски раководител**<br>**Ученици од VI б одд.** | **4.11.2025** | Кај учениците се зголеми свесноста за сопствените емоции и чувства, но и за емоциите и чувствата на другите. Тие станаа посвесни за потребата да бидат внимателни во однос со другите. |
| **Работилница „Сите сме различни - и тоа е во ред: да се разбереме и прифатиме меѓу себе. Како да поставиме граници без конфронтација“**<br>**Училишен психолог**<br>**Одделенски раководител**<br>**Ученици од VI г одд.** | **18.11.2025** | Учениците умеат да ги прифатат различностите, се зајакнува емпатијата, но и учат како да поставaт граници без конфронтација. Учениците разбираат дека сите сме различни и дека треба да се прифатиме и меѓусебно да си помагаме и поддржуваме, но и да реагираме соодветно кога ќе се преминат границите. |

| | | |
|---|---|---|
| **Работилница „Развивање емпатија“<br>Училишен психолог<br>Одделенски раководител<br>Ученици од IX б одд.** | **25.11.2025** | Учениците разбираат дека сме сите различни и дека треба да се прифаќаме и меѓусебно да се поддржуваме. Учениците се запознаа со начин на комуникација без конфликти, дека никогаш не знаеме какви тешкотии преживува некој па да се потрудиме да бидеме повнимателни. |
| **Работилница „Кога грешам“<br>Актив прво одд.** | **9.12.2025** | Ученикот препознава грешки во сопственото однесување и умее да се извини. |
| **Работилница „Имам право да ги знам моите права“<br>Актив прво одд.** | **23.12.2025** | Ученикот знае дека постои книга (меѓународен документ) во која се запишани детските права. |
| **Работилница „Како против насилство?“<br>Актив второ одд.** | **5.12.2025** | Ученикот умее да побара помош кога е жртва на насилно однесување, знае каде треба да се обрати и знае кое однесување е прифатливо, а кое не. |
| **Работилница „Љубов во семејството“<br>Актив второ одд.** | **12.12.2025** | Ученикот умее да изразува љубов кон родител, брат/сестра и да согледа дека постојат различни начини на покажување љубов кон лицата што ги сакаме. |
| **Работилница „Самопочитување - Свест за себе“<br>Актив трето одд.** | **4.12.2025** | На учениците им се помага да ја препознаат својата вредност, да развијат позитивна слика за себе и да научат како да покажуваат самопочитувањето, да ја зајакнат позитивната слика за себе и да се поттикне меѓусебна поддршка. |
| **Работилница „Малата локомотива што можеше“<br>Актив трето одд.** | **23.12.2025** | Ученикот умее да ги препознава и да се справува со сопствените грешки и да прифати дека верувањето во себе е важно за успешно реализирање на задачите. |
| **Работилница „Можам, не можам, знам, не знам“<br>Актив четврто одд.** | **25.12.2025** | Децата разбираат дека постојат сличности и разлики меѓу нив во однос на физички изглед, способности и потекло, но и разбираат дека разликите кои постојат се позитивна придобивка и дека е битно да си помагаат меѓусебно и да го подобрат своето сопствено живеење и однос со другите луѓе, наспроти дискриминацијата заради различните способности или знаења. |
| **Работилница „Што видовте денес?“<br>Актив петто одд.** | **3.12.2025<br>5.12.2025** | Учениците умеат да забележуваат и опишуваат детали од својот ден, ги изразуваат своите мисли и чувства преку зборови и цртеж, споделуваат и слушаат мислења на другите со почит и развиваат свесност за секојдневните активности и доживувања. |
| **Работилница „Рака на допаѓање“<br>Актив шесто одд.** | **15.12.2025** | Учениците развиваат позитивни ставови кон себеси и другите и умеат да ги изразат своите мисли. |
| **Почеток на тинејџерскиот период: патот на адолесценцијата; Работилница „Ориентација и запознавање“<br>Актив седмо одд.<br>Училишен психолог** | **15.12.2025<br>22.12.2025** | Подобро запознавање меѓу себе, како и подобрување на концентрација, трпението и фокусот. |

| | | |
|---|---|---|
| **Работилница „Уметноста на емоциите“ Специјален едукатор и рехабилитатор Одделенски наставници Ученици од III в одд.** | **16.12.2025** | Низ разговор децата учеа да ги препознаваат и изразуваат своите емоции, како и да покажат разбирање за чувствата на другите. Учениците покажаа голем интерес и соработка во препознавање и изразување емоции, што ја потврди важноста на вакви интерактивни активности во училиштето. |
| **Работилница „Воспоставување правила на однесување“ Актив седмо одд.** | **29.12.2025** | Воспоставување правила за да се создаде безбедна средина во која учениците се грижат едни за други и заемно се почитуваат. |
| **Работилница „Што му е потребно на моето тело?“ Актив осмо одд.** | **15.12.2025** | Кај учениците се зголемува свеста за здраво тело и за стекнување на здрави навики кога поминуваат низ фазата на пубертет. |
| **Работилница „Моето срце, моите граници“ Актив осмо одд.** | **29.12.2025** | Учениците дефинираат што им значи љубовта. Добиваат увид во значењето на сексуалноста и развиваат здраво чувство за блискост и дистанца. |
| **Работилница „Сите сме различни - и тоа е во ред: да се разбереме и прифатиме меѓу себе. Како да поставиме граници без конфронтација“ Училишен психолог, Одделенски раководител, Ученици од VI в одд.** | **2.12.2025** | Учениците умеат да ги прифатат различностите, се зајакнува емпатијата, но и учат како да постават граници без конфронтација. Учениците разбираат дека сите сме различни и дека треба да се прифатиме и меѓусебно да си помагагаме и поддржуваме, но и да реагираме соодветно кога ќе се преминат границите. |
| **Работилница „Разбирање на менталното здравје и ментална хигиена“ Училишен психолог Одделенски раководител Ученици од VI в одд.** | **4.12.2025** | Учениците разбраа кое е значењето на менталното здравје и важноста од оддржување на менталната хигиена. Тие разбраа дека менталното здравје е исто толку битно колку и физичкото здравје, разбираат дека треба да се грижиме за истото и учат соодветни начини како да го направат тоа. |
| **Работилница „Наша училница - наши правила“ Училишен педагог Одделенски наставници Ученици од V одд.** | **17.12.2025** | Работилниците беа насочени кон развивање на компетенциите: личен и социјален развој и демократска култура/учество и граѓанство. |
| **Работилница „Правилно однесување и почитување на основните принципи кај децата“ Родител: Анета Велковска Училишен психолог Одделенски раководител Ученици од IX а одд.** | **24.12.2025** | Преку реализираната работилница се зајакна свесноста кај учениците за значењето на правилното однесување, меѓусебното почитување и одговорното донесување одлуки во односите со врсниците. Вклучувањето на родител придонесе кон унапредување на соработката помеѓу семејството и училиштето, како и поттикнување отворена комуникација и доверба помеѓу децата и родителите. |

**Прилог бр.28**

**ЕТИЧКИ КОДЕКС**
**ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО**
**ООУ „Киро Глигоров“ - Скопје, Центар**

**1. Основни норми**

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот и стручниот работник треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, за да ги знае своите правила и одговорности и разноликоста на задачите, да биде флексибилна личност која ќе знае да работи со поединци и група, да се прилагодува на новите барања и да го користи сето свое професионално знаење и умеење.

Во својата професионална работа наставникот, односно стручниот работник се обврзува:

- својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- воспитанието и образованието да му преставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- при вршење на својата професија не смее да прави дискриминација која е заснована на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, попреченост, возраст, родов индентитет, здравствена состојба, политичко уверување, религија и верско уверување, имотна и општествена положба;
- да ја почитува личноста на своите ученици, нивните родители или старатели и своите колеги, соработници;

**2. Професионалниот лик на наставникот, односно стручниот работник и струката**

Наставникот, односно стручниот работник треба:

- да биде високо стручен за работата што ја врши и да има визија за неа;
- да има современа, општо етичка и општо културна изразеност и педагошки осет;
- постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата;
- да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- секогаш секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен и јасен;
- секогаш да служи за пример со својот изглед, однесување и естетски навики кај своите ученици;
- да внимава на својот морален лик;
- да има одговорен однос спрема средствата и условите со кои ја реализира својата дејност;

- својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува (за лична корист, при што не смее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди, кои можат да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност, кредибилитет и достоинство);
- да биде личност во која може да се има доверба, а во училиштето и пошироката средина да има углед како добар работник и добар човек;
- постојано да работи на своето стручно педагошко усовршување;
- да го популаризира својот предмет и надвор од училиштето, преку учество во јавни трибини, стручни трудови книги и слично;
- да иницира и да се ангажира во проекти на основното училиште и надвор од него.

**3. Наставникот и часот**

Извршувајќи ја својата работа наставникот:

- треба навреме да го започне часот;
- треба редовно да го евидентира часот, како и отсутните ученици;
- да нема пореметување на планираната работа на часот со соопштенија, разговори и посети;
- добро да го планира секој наставен час за да овозможи агажирање на сите ученици за постигнување на максимум;
- часот треба да го изведува според современата наставна технологија, квалитетно поучување и рационална организација на наставата.

**4. Наставникот, односно стручниот работник и ученикот**

Наставникот, односно стручниот работник спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена на постапки кои се во духот на современите педагошки норми и при тоа:

- ја почитува личноста на секој ученик;
- професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман, објективен и не пристрасен без оглед на полот, возраста, бојата на кожата, верата, националноста, расата и општествено - економската положба;
- со учениците да избегнува стил на комуницирање недоличен за професијата што ја обавува;
- секогаш да ја потикнува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот, преку современи методи и активна настава;
- го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигнувања;
- реално оценување на знаењето на ученикот со изградени критериуми, при што се труди да го открие степенот на знаење на ученикот и притоа редовно го информира ученикот;

- бара ученикот навремено, редовно и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- со учнците не смее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност, депресивност, не комуникативност, болна самоувереност, болна амбициозност, ослабени механизми на однесување;
- никогаш да не го казнува ученикот телесно, не го малтрерира психички и не се служи со плашење, уцена, заканување и слично;
- избира и води вонаставни активнисти во кои се смета за најинвентивен и преку кои ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да го развиваат својот талент;
- ги познава социјално-економските и другите услови во кои учениците живеат и учат;
- должен е редовно да им помага на учениците кои заостануват во совладување на наставата;
- бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано да се однесуваат;
- за секој вид на девијантно однесување реагира со укажување;
- должен е да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати за совет или помош во решавање на лични проблеми;
- должен е да го упати ученикот на стручна помош кај лица во училиштето доколку има потреба;
- во работата со учениците не смее да ги искажува своите политички уверувања и определувања;
- со личен пример и со средства се бори против причинителите на болести од зависност и другите негативни појави, дрогата, алхохолот, пушењето, криминалот и слично;
- меѓу учениците постојано гради однос на другарство и меѓусебно разбирање;
- со ученикот остварува соработка и почитување.

**5. Наставникот, стручниот работник и родителот**

Наставникот, односно стручниот работник е во постојана комуникација со родителите, односно со стрателите на учениците и притоа:

- се грижи соработката со родителите да биде што поефикасна и непосредна;
- го потикнува интересот на родителите во решавање на проблемите на учениците;
- за прашањата од личниот и семејниот живот води сметка за потполна дискреција;
- со целосно внимание и одговорност се однесува спрема оние родители кои не пројавуваат нужен интерес за соработка и недоволно се грижат за однесувањето на своите деца;

- навреме и објективно ги информира родителите;
- ги почитуваат аргументите на родителите;
- бараат соработка и ангажман на родителите во решавње на проблемите доколку настане или постои некој проблем;
- упатува на помош од компетентни лица и установи кога тој не е во состојба да помогне.

**6. Меѓусебен однос на наставниците и стручните соработници**

За ефикасно воспитно-образовно иформирање на учениците како и во интерес на угледот и достоинството на професијата и училиштето, наставникот, односно стручниот соработник е должен да се грижи и да придонесува за градење и развивање на позитивни професионално коректни односи со своите колеги, при што:

- е должен да го почитува секој свој колега врз основа на другарство, искреност и отвореност со што се обезбедува услов за креативност и конструктивна работа;
- меѓусебната соработка да ја темели врз взаемно договарање, разменување на искуство, одлучност и совесност, ефикасно извршување на договорените задачи;
- во комуникацијата со учениците, родителите и со други лица да ја цени стручноста и достоинството на своите колеги и се воздржува од изнесување на слабостите и озборувањето;
- во личен разговор или стручен состанок добронамерно и без тендициозност да укажува на слабостите на своите колеги со што ги штити угледот на професијата и на училиштето;
- ги почитува и спроведува ставовите и одлуките на мнозинството изградени врз слободна и јавна расправа;
- солидарен е со својот колега особено кога станува збор за решавање на социјални и здравствени проблеми;
- им помага на младите колеги со пренесување на своето педагошко и стручно искуство и знаење.

**7. Наставникот, односно стручниот работник и училиштето**

Наставникот и стручниот работник додека се наоѓаат во училиштето се на должност цело време и при тоа се обврзуваат:

- да го почитуваат работното време и траењето на наставниот час;
- активно да учествуваат во реализацијата на сите планирани и програмирани задачи на стручните органи и тела;
- да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за училницата во која изведува настава;
- да ги почитуваат правилата од куќниот ред на училиштето;
- да се придржуваат на правилата од куќниот ред на училиштето;

- да се однесуваат како добар домаќин со внатрешниот имот на училиштето.

**8. Наставникот односно стручниот работник и општествената заедница**

Во совремeните демократски времиња наставникот, односно стручниот работник се раководи исклучиво од установите и законските определби при што:

- се придржува кон меѓународните стандарди, договори и конвенции за слободите и правата на човекот, а особено Конвецијата на ООН за правата на детето;
- има право и должност да се залага и да се бори за достоинството и професијата просветен работник;
- се залага и се бори за достојна материјална положба на образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално фукционирање како основен услов за квалитетно организирање на едукативниот процес;
- се залага и се бори за соодветен материјален статус на професијата и наградувања на неговата работа што ќе му овозможи целосно да се посвети на квалитетно, стручно и одговорно извршување на неговите работни задачи.

**9. Завршни одредби**

Секој наставник односно стручен работник се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс.

**10. Прекршок**

За непочитување и непридржување на Кодексот за однесувањето на наставниците и стручните соработници одговорен е прекршителот лично.

**Училиштен одбор на ООУ „Киро Глигоров“ - Скопје**

**ПРИЛОГ БР. 29**

**ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР (КУЌЕН РЕД)**

Учениците, родителите и наставниците се стремат кон унапредување на воспитно-образовниот процес преку почитувањето на правилата за однесување во училиштето. Правилникот ги содржи основните начела на однесување во училиштето и училишниот двор, што е предуслов за непречена и успешна работа. Правилата се видливо истакнати во училишната зграда, така што родителите и учениците имаат можност постојано да имаат увид и училиштето да биде пријатно катче во кое постојано ќе се развива успешна соработка меѓу учениците, родителите и наставниците.

Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своите права и одговорности.

Правила за однесување на учениците:

· Секој ученик треба да стигне 10 минути пред почетокот на часовите
· Да се почитува времето за почеток на часовите според распоредот на ѕвонење
· Пред секој час ученикот да го подготви потребниот прибор за работа
· По завршувањето на часовите работните простории да се остават уредни
· Учениците за време на наставата да не носат со себе вредни предмети (техничка опрема, накит, поголема сума пари и сл.) бидејќи за губење на истите училиштето не сноси одговорност
· Забрането е користење на мобилен телефон за време на часовите (телефоните да се остават кај одделенскиот/класниот раководител, односно во просторија наменета за тоа).
· Ученикот не смее без одобрение на наставникот да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории и ходниците
· Учениците се должни да се однесуваат пристојно и со почит кон другите ученици, наставно-воспитниот, раководниот, административниот и помошниот персонал во училиштето
· На учениците не им е дозволено влегување во наставничката канцеларија без дозвола од наставник
· Учениците се должни да го чуваат редот, дисциплината и хигиената во училишните простории и училишниот двор
· Ученикот секојдневно да се грижи за личната хигиена
· Учениците учествуваат во уредувањето на училниците, ходниците и училишниот двор
· Дежурните ученици се одговорни за редот, дисциплината, хигиената и обезбедуваат непречена реализација на наставата (чиста табла, сунѓер, креди), ги пријавуваат отсутните ученици и други појави во училницата
· Дежурниот ученик останува во училница кога останатите ученици имаат друга активност надвор од училницата или ја заклучува училницата кога учествува во активностите
· Задолжително чување на училишниот инвентар

**Кодекс на облекување на учениците:**

- Задолжително носење на училишна униформа.
- Облеката која ја носат учениците треба да биде чиста и уредна.
- Облеката не треба да содржи обележја, натписи, фотографии и сл. кои би ги навредувале чувствата на другите во однос на етничката, верската, половата или пак друга припадност.
- Кога учениците се во училиште не треба да носат капи и качулки, премногу накит и пирсинг (обетки на носот, усните и образите).
- Не е дозволено да се носат куси здолништа, куси пантолони , куси маици, високи потпетици и облека која е тесно прилепена на телото, како и широко отворени деколтеа.
- Задолжително носење на долги пантолони (важи за девојчиња и момчиња), без разлика на временските услови.
- Не треба да се имаат неуредни и предолги нокти со упадлив лак на нив, а исто така не треба да се има шминка.
- Се забранува носење на остри предмети.

Правила за однесување на родителите:

· Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
· Секогаш и секаде да внимава на своето однесување и комуницирање со детето и наставниците, кое треба да биде коректено, јасно и достоинствено;
· Секогаш да служи за пример за својот изглед, однесување и да гради култура и естетски навики кај своите деца;
· Да внимава на својот морален лик
· Да има критички однос кон негативните постапки на своето дете, со цел правилен развој на детето
· Да го навикне детето навреме да поаѓа на училиште;
· Да не ја пореметува работата на часот со ненајавени и ненавремени разговори и посети;
· Родителот-старателот е должен редовно да присуствува на родителските средби, а во случај на спреченост навремено да го најави своето отсуство
· Родителот-старателот има обврска да го најави и оправда отсуството на ученикот со медицинска потврда, потврда од натпревар или некоја манифестација
· Родителот-старателот континуирано го следи напредокот и дисциплината на ученикот, индивидуално се консултира со одделенскиот раководител, предметните наставници, училишниот психолог
· Родителот има право активно да се вклучи во воспитанието на ученикот и градењето на позитивна личност

**Правила за однесување на наставникот:**

· Секој наставник да има соодветни етичко - морални и естетски квалитети
· Секој наставник е должен редовно да доаѓа на настава 15 минути пред почеток на часот
· Наставникот е должен редовно да ги одржува часовите и навремено да го најави своето отсуство
· Дежурниот наставник ја организира работната дисциплина во училиштето за непречено реализирање на наставата

· Дежурниот наставник прима странки, им дава инструкции или ги упатува на определено место
· Наставникот не смее да го напушти часот заради посета од родител
· Средбите со родителите ги одржува во посебна просторија
· Секој наставник е одговорен за нагледните средства во училиштето како и за училишниот инвентар
· Наставникот има обврска навремено да го информира педагогот/психологот во училиштето за секое несоодветно однесување на учениците во училиштето и училишниот двор.

**Кодекс на облекување на наставникот:**

- Не е прикладно да носат тексасни пантолони со апликации или пак тексасни пантолони кои се искинати.
- Непристојно е да се носат куси пантолони, дури не е во ред да се носат истите и за време на летниот период додека учениците се на летен распуст, а наставниците сè уште доаѓаат на работа.
- Не е во ред да се носат маици или кошули без ракави (маици со тенки прерамки).
- Здолништата кои ги носат наставничките не треба да бидат куси, прифатлива должина е онаа која нема да биде 2 см. над нивните колена.
- Во училиште не треба наставникот да доаѓа по папучи.

**Куќен ред на училиштето**

1. Наставата започнува во 8 часот, а завршува во 13:25 часот за учениците од петто одделение, додека за учениците од одделенска настава, завршува во 15:00 часот.
2. Во училиштето за учениците од целодневна настава е организирано прифаќање и згрижување на учениците од страна на дежурен наставник, во временски период од 15:15 до 17:00 часот.
3. Учениците се должни да доаѓаат во училиште 10 минути пред почетокот на часот.
4. Учениците треба да го напуштат училиштето по завршувањето на наставата и да не се задржуваат во училишните простории.
5. Учениците се должни внимателно да ја следат наставата, активно да учествуваат на часот, редовно да носат училиштен прибор и да ги изготвуваат домашните задачи.
6. За време на одморите, учениците треба да се однесуваат пристојно, без непотребно задржување во ходниците.
7. Помеѓу вториот и третиот час, учениците имаат голем одмор, кој се користи за ужинка и релаксација, а се одвива во училишниот двор. Доколку временските услови се неповолни, учениците остануваат во училиштето, почитувајќи го редот и мирот во училиштето.
8. За време на часовите, мобилните телефони се предаваат на одделенскиот наставник, односно се чуваат во посебна просторија.
9. Учениците треба да се грижат и чуваат училишниот инвентар.
10. Секое намерно уништување на училишниот инвентар, го надоместува ученикот т.е. родителот на ученикот .
11. За безбедноста на учениците во училиштето се грижат наставниците и другите вработени, како и лице од Агенција за обезбедување

**ПОЧИТУВАЊЕТО НА КУЌНИОТ РЕД ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОГОЛЕМА ХАРМОНИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО**

**ПРИЛОГ БР. 30**

## ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

### ВОВЕД

Планот за заштита од загрозеност на ООУ „Киро Глигоров”Скопје, Општина Центар, од природни непогоди и други несреќи се заснова на реалната проценка за можната загрозеност на вработените, учениците и други лица кои ќе престојуваат во училиштето и на просторот околу него.

### 1.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- ЛОКАЦИЈА

ООУ „Киро Глигоров” – Скопје, Општина Центар, се наоѓа на ул. Адам Мицкиевиќ, бр. 14, како самостоен јавен училиштен објект со подрум наменет како јавен паркинг, приземје и два ката, со вкупна површина од околу 9500м2, и спортска сала од 1200 м2, круг на ООУ со површина од околу 12000 м2.

Во училишниот објект има три излези. Кругот на училиштето од сите страни е ограден со метална ограда и има два влеза, од северната страна од ул. Васил Ѓоргов, од каде има и влез за паркиралиштето во подрумот на училишниот објект. Главниот влез е од источната страна од ул. Адам Мицкиевиќ. Загревањето на училиштето е со радијатори поврзано со градското затоплување (БЕГ). Има поставено 30 ППА С-9, 4 ППА ЦО2-5, во подрумот-јавниот паркинг има 5 хидранти и хидрантска опрема за гаснење со пена. Има вградено внатрешна хидрантска мрежа со 6 ѕидни хидранти на приземје, 5 ѕидни хидранти на прв кат и 5 ѕидни хидранти на втор кат. Има автоматски и рачен систем за дојава на пожар со панични светла и сирена за тревожење, има класична громобранската инсталација.

- **КЛИМАТСКО ХИДРОЛОШКИ УСЛОВИ КОИ ИМААТ ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗАГРОЗЕНОСТА ОД ПОЖАРИ**
- Клима

Во Р. Северна Македонија се судруваат два основни климатски типови: медитеранска и континентална клима.

- Хидрографија
- Територијата на Р.С. Македонија располага со задоволителни количества вода. Во нашата земја има многу природни и вештачки акумулации од кои покарактеристични за Скопје се Матка и Козјак.

### 1.2. ДЕЈНОСТА И НЕЈЗИНО ВЛИЈАНИЕ НА МОЖНОСТА ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НА НЕПОГОДИ И НЕСРЕЌИ

ООУ „Киро Глигоров**” -** Центар, Скопје врши образовна настава за ученици од прво до деветто одделение. Дејноста со која се занимава училиштето не претставува опасност за предизвикување на природни и други несреќи. Одредена опасност за појава на пожар доаѓа од електричната инсталација, од сервер собата, кабинетите, лабараторијата. Опасноста не е голема поради самиот карактер на дејноста.

**1.3. ВЛИЈАНИЕ НА НЕСРЕЌИТЕ И НЕПОГОДИТЕ ВО ОБАВУВАЊЕТО НА ДЕЈНОСТА**

Природните и други непогоди можат да предизвикаат негативни последици по обавување на дејноста. Како последици од земјотреси, пожари, експлозии и други несреќи може да дојде до појава на урнатини, прекини на довод на електрична енергија, вода и телефонски врски, опожарени простории, дефекти на канализационите мрежи, урнатини и друго. Во потешки случаи може да дојде до појава на повредени ученици и вработени, па дури и до човечки загуби.

**1.4. ОБЈЕКТИ И КАПАЦИТЕТ**

ООУ „Киро Глигоров” – Скопје е самостоен новоизграден училиштен објект, изработен по светски стандарди во врска со сигурноста и заштитата.

**1.5. Густина на изграденоста на Училишните и други објекти**

Растојанието меѓу објектите на изградената локација е према урбанистичкиот план и ги задоволува позитивните норми од тој аспект.

**1.6.СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Сообраќајната инфраструктура до ООУ „Киро Глигоров” и околу објектот на училиштето, ги задоволува пропишаните безбедносни и други стандарди за сообраќај на специјалните возилата за заштита.

**1.7. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ**

Во ООУ „Киро Глигоров” има вработено вкупно 61 лица: директор, административен и наставнички кадар, лица за одржување и опслужување на училиштето. Учат вкупно 863 ученици од прво до деветто одделение.

**2. ПРОЦЕНКА НА МОЖНИ РИЗИЦИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПРИРОДНИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ**

-**Загрозеност од земјотреси**: Имајќи ги во предвид евентуалните земјотреси во град Скопје, со вработените и учениците два пати годишно се изведува симулациска вежба.

**-Засолништа:** Училиштето има подрум за адаптирање на засолништа.

**-Евакуација:** По дознавањето за настаната опасност веднаш се дава сигнал за опасност - евакуација и истата се изведува според планот за мобилизирање на вработените и учениците.

-**Загрозеност од поплави:** Веднаш да се превземат мерки за превенција и заштита според Планот за заштита на природни непогоди.

**-Загрозеност од урнатини:** Превентивни мерки и активности се планираат и спроведуваат со урбанистичкото планирање.

**-Загрозеност од снежни намети и луњи:** Во текот на зимските снежни денови редовно чистење на снегот и попрскува со сол и песок така да пристапноста да е редовна.

**-Загрозеност од пожари и експлозии:** Да се придржува кон мерките и Планот за евакуација и заштита.

**-Загрозеност од неексплодирани убојни средства:** Во таков случај вработените се должни да ја известат Дирекцијата за заштита и спасување на РСМ како и полицијата

**-Прва медицинска помош:** Сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места. Доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување. Повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација.

**-Загрозеност од епидемии на заразни заболувања:** Од страна на Заводот за Здравствена заштита - Скопје, редовно се врши надзор на квалитетот и бактериолошката исправност на водата во училиштето, како и санитарно - хигиенски надзор на работните површини и хигиена на вработените во училиштето. Надлежна служба од Заводот по барање на Установата, врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просториите во сите објекти

**-Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација:** При евентуални случаи на радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, спроведувањето на постапка за детекција, дозиметрија и деконтаминација ќе се остварува во соработка и содејство со:

- Министерство за здравство;
- Дирекцијата за радиациона заштита;
- Дирекцијата за заштита и спасување;
- Управата за хидрометеоролошки работи;
- Министерството за одбрана;
- Републичкиот завод за здравствена заштита;
- По потреба и со други органи и институции

Евакуацијата се извршува доколку со другите мерки не е можно да се спречат последиците од евентуалните природни и други несреќи. По дознавањето за настаната опасност веднаш се дава сигнал ,,опасност- евакуација“ со долго и непрекинато ѕвонење од 30 секунди на училишното ѕвонче или со сирена, а во вонредни случаи и усно со сигнал. Потоа се врши мобилизирање на Штабот за ЗС, Универзалната Единица составена од две Универзални одделенија и обучените поединци за ЗС. Мобилизацијата ја врши Директорот-Командантот на штабот за ЗС на ООУ. Во моментот на непогодата наставниците кои одржуваат настава им кажуваат на учениците како да постапат: да се засолнат под клупи, маса (биро) или под отворот на врата, да не создаваат паника, да не го користат лифтот, а доколку се надвор од објект за време на земјотресот - да се одалечат од згради, електрични столбови, стаклени површини и др. Под надзор, вработените им помагаат на испаничените, и во најголем ред да го напуштаат објектот по предвидените правци за евакуација. Приоритет се дава на учениците и повредените, а истата треба да се врши со помош на скали од страна на Универзалната Единица за ЗС на училиштето и Општинскиот штаб за Заштита и спасување и обучените поединци вработени и наставничкиот персонал кои треба да бидат добро обучени за спасување со помош на скали. Ако при пребројувањето има некој од учениците или вработените останат во училишниот објект се активира Единицата за ЗС и врши пребарување спрема насоките за безбедност од спасување од урнатини-рушевини. Лицата задолжени за спроведување на евакуација ги превземаат неопходните мерки за пружање помош и давање упатство на загрозените лица и последни го напушта загрозеното место.

Во случај на земјотрес, со цел ублажување на последиците, вработените кои се наоѓаат во објектот, потребно е: да ги извлечат и обезбедат материјалните добра од урнатините и оштетените објекти, да организираат прифат и помош на настраданите, плакарите, рафтовите, витрините, предметите и сл. да бидат прицврстени за ѕидот или подот, за да во случај на земјотрес не дојде до нивно паѓање и до повредување на лицата при евакуација, да не се предизвика паника меѓу луѓето и да се засолнат под маса (биро) или под отворот на врата или под некој цврст стабилен предмет. Во услови на природна непогода, многу често се наметнува потребата за евакуација на подвижните имоти, било со цел спасување на истите, спречување на ширење на природните непогоди што претставува препрека на учесниците во акцијата за ЗС.

Во случај на појава на урнатини од било кој вид и обем, заради заштита и спасување на учениците и вработените, потребно е, покрај превентивни мерки за ЗС од урнатини (прибирање на податоци за можната опасност, известување на вработените и силите за заштита и спасување на можната опасност, зголемена готовност на одговорните лица и силите за ЗС, проверка на алармите за тревожење, по потреба дислокација на дел од опремата и материјал на побезбедни места, проверка на исправноста на МТС и опрема, по можност и набавка на нови и ажурирање на планските документи за ЗС од урнатини), да се планираат и мерки за заштита од последиците од урнувањето, и тоа: по можност да се даде знак за тревога до собирањето на составот на УЕ за ЗС, одговорниот (Директорот) да ги организира вработените кои се на работа (обучени поединци) или да ја дополни УЕ со присутните вработени кои се обучени за ЗС и ја започнува акцијата за ЗС, извидување и пребарување на урнатините и извлекување на затрупани лица и нивно сместување во собирното место. Постапност на акцијата за спасување од урнатини:

- **Прва фаза -** Извидување и згрижување на површински и лесно затрупани жртви, пред се преку самопомош и помош на најблиските
- **Втора фаза** - Пребарување на лесно оштетени објекти (се дејствува организирано, силите се делат по екипи, а се ангажираат сите вработени)
- **Трета фаза** – Пребарување на потешко оштетени објекти каде може да има и жртви.
- **Четврта фаза** – Пребарување на тешко оштетени објекти (движењето по објектите треба да биде многу стручно и внимателно. Потребно е потпирање и осигурување на премините за спасувачите и нивна добра обученост).
- **Петта фаза** – Потполно расчистување на урнатините по констатација дека се спасени или извлечени сите затрупани, пружање на прва медицинска помош на повредените, исклучување на електричната енергија во загрозените објекти, преземање на други мерки за спречување на дополнителни последици (пожари, експлозии, поплави, НУС).

За отстранување на последиците, потребно е да се превземат следните мерки и активности: асанација на теренот и објектите – Во соработка со Центар за јавно здравје Скопје, расчистување на урнатините, РХБ деконтаминација (по потреба), санација на подрачјето и објектите зафатени со несреќата, спроведување на здравствено и хигиено-епидемиолошки мерки, соработка со Центар за јавно здравје Скопје, процена на штетите и последиците, анализа на учеството во спроведувањето на мерката и доставување извештај за спроведување на евакуацијата до Подрачно одделение за заштита и спасување за употреба на силите за ЗС и ангажираните служби.

Во сите објекти континуирано се превземаат мерки за заштита и од површински води кои можат да настанат при обилни врнежи и нагло топење на снег. Изградена е атмосферска канализација и одводни канали околу училиштата и објектите. Заради ефикасна ЗС од поплави се одредуваат критичните места на кои може да дојде до навлегување на водата во дворното место на училиштето и во приземјето на училиштето. Прва и основна задача е заштита на животите и здравјето на Учениците - децата и вработените, така да прва мерка е евакуација на побезбедни (повисоки) места, согласно Планот за евакуација. Во случај на поплава, со цел ублажување на последиците од истиот, прва и основна задача е заштита на животите и здравјето на учениците и вработените т.е. евакуација на побезбедни (повисоки) места на катовите, согласно Планот за евакуација, да се обезбеди дихтување на влезните отвори на приземјето со вреќи со песок за да се спречи првиот бран на надојдени води. Во случај на екстремно голема количина на вода, ако евакуацијата не е можна, вработените и учениците треба да се качат на катот и да побараат помош. Откако учениците ќе бидат обезбедени, Штабот за ЗС, Универзалната единица и обучените поединци за ЗС, пристапува кон спасување на материјални технички средства согласно Планот за евакуација. Со цел ублажување на последиците од поплава во ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, потребно е: доколку подрачјето е подлежно на чести поплави и интензивни врнежи од дожд, порано да се напушти објектот, да се затвори главниот вентил на водоводната и хидрантската мрежа, да се изврши добро дихтување на прозорците и вратите од приземните простории, да се побара помош како

советодавна така и техничка од Дирекцијата за заштита и спасување на Скопје и со оглед на тоа дека по подот на училиштето има разни кабли под напон и постои опасност по животот на луѓето од спроведување на струја преку надојдените води (поплавата), потребно е благовремено исклучување на електричната струја од главната склопка од лицето одредено за тоа или од лице за обезбедување на ООУ. За настанот, последиците преземените мерки и активности се известува Центарот за управување со кризи на телефон 112. По завршувањето на поплавата да се ангажира едно УО од Единицата за ЗС, со крпи, џогери и канти да се собере водата и да се изврши санација на поплавениот дел.

За заштита и спасување од пожари, потребно е да се превземат следните превентивни мерки и активности: вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа, изработка на Правилник за заштита од пожари и експлозии, набавка, контрола, одржување и сервисирање на МТС и опрема за гасење и заштита од пожари, придржување кон законските одредби кои ја регулираат областа за заштита и спасување од пожари (пред сé: Законот за заштита и спасување од пожари дел за ППЗ и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон, а се однесуваат на ПП апаратите, хидрантите и другата ПП опрема и средства за гасење на пожари, односно уредите и инсталациите за заштита од пожари), соодветна обука на вработените за заштита од пожари (согласно Законот за пожарникарство истакнување на видливи места на знаци и натписи за предупредување забрани и известување за можни опасности и постапка во случај на опасност), редовна контрола на поставеноста и исправноста на ПП апаратите и хидрантите од овластен вработен, редовно сервисирање и проверка на исправноста на ПП апаратите кај овластено правно лице, редовно одржување, сервисирање и испитување на уредите и инсталациите за откривање и гасење на пожари-кај овластено правно лице, проверка на исправност, комплетност и притисок кај хидранти, редовно косење на тревата во училишните дворови, редовна проверка и чистење на оџаците, парните котли и димоводните канали соглано правилникот од Сл.весник на РМ бр.146/10, со записник, во ООУ да се одржува хигиена без никаков запалив материјал, да се обезбеди природна и вештачка вентилација и да се применат сите позитивни прописи предвидени во нормативните акти за резервоари и котлара на нафта, сите излези и премини да бидат секогаш и во секое време слободни за непречено поминување (препречувањето на овие места е забрането), електричните инсталации и уреди во сите делови на објектот мора да бидат изведени според техничките прописи. Во случај на настанување грешки (дефекти) на електричните инсталации и уреди, поправка можат да вршат само лица со соодветна квалификација и стручна оспособеност, целокупната електрична инсталација по завршувањето со работа, треба да се исклучи, односно вклучени да останат само уреди како што се: панично и помошно светло, други критични потрошувачи како вентилација – климатизација, пристапните патишта околу објектот во секое време треба да бидат проодни за непречен пристап на противпожарната техника и опрема во случај на потреба, грејните уреди од системот за затоплување на просториите во објектот може да се користат само ако се технички исправни, периодичните прегледи и испитувања на јакострујните електрични инсталации, громобранската инсталација, сигурносните уреди од инсталации и сите други сигурносни уреди и инсталации да се вршат според техничките прописи и правилата усвоени со правилата на техничката практика. За успешна и ефикасна заштита од пожари, посебно внимание треба да се посвети на урбанистичките и градежните мерки и тоа во однос на: микролокација на

објектите, вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожари, изградба на сообраќајници и патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција, намалување на пожарна осетливост на објектот, мерки кои овозможуваат локализација и спречување на ширење на пожарот, мерки кои овозможуваат успешна интервенција при гаснење на пожар и спасување на луѓе, материјалните и други добра, забранета е употреба на грејни тела (греалки, решоа, печки, пегли и сл.), а во случај на употреба обавезно да не се оставаат без контрола, односно да има присутно лице, сите врати во ООУ преку кои може да се врши евакуација, да бидат одклучени се додека има ученици и вработени во училиштето, до грејните тела на растојание од 1 метар да не се остава никаков запалив материјал, изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција, воведување на систем за автоматска и рачна дојава на пожар и исправна громобранска инсталација.

Во случај на пожар, со цел ублажување на последиците од истиот, потребно е: лесно запаливите материи да бидат сместени на посигурно место, да се употреби противпожарен апарат и хидрант, да се провери изворот од каде доаѓа огнот, лицата зафатени од пожар да се движат спротивно од огнот, правците за евакуација да се видно означени, да се слободни во секое време, да се определени алтернативни правци за евакуација (во такви услови струјата обавезно да се исклучи од одредено лице за тоа), на собирното место да се врши пребројување на евакуираните лица со цел проверка дали сите се евакуирани од загрозениот објект, доколку е неопходно движењето во правец на огнот или чадот, лицето/та да се покријат со водено ќебе или крпа, особено во делот на носот и устата (дишните органи) и по напуштањето на опожарениот објект да не се враќаат во него, а доколку оние кои се наоѓаат во опожарениот објект не можат истиот да го напуштат, да се соберат во една најбезбедна просторија, вратите да се задихтуваат со мокра крпа, ќебе и сл, да не влегува дим, да се отвори прозорот и да се сигнализира својата положба.

Во случај на пожар Штабот за ЗС, Универзалната Единица со две Универзални Одделениа и обучените поединци - вработени се должни: да пристапи кон гаснење на пожарот со ПП Апарати и хидранти, да се јави во ТППЕ на Скопје и да побара помош ако е потребно, да се придржува кон мерките од Правилникот за заштита од пожари и експлозија, да се придржуваат на планот за заштита, спасување и евакуација, да го лоцираат пожарот, да не им се кажува на учениците дека има пожар, да ја исклучи електричната струја од главната склопка, учениците и загрозените да се упатат кон излезите кои се обележани на планот за евакуација со забрзани чекори со мокра крпа на дишните органи, без паника наставниците да ја спроведат мерката евакуација преку излезите и алтернативните излези и да извршат пребројување на учениците и другите лица дали сите го напуштиле објектот и се на безбедно место.

Во случај на пронаоѓање на НУС или било каков сомнителен преглед, веднаш се оддалечуваат учениците - децата и вработените на безбедна далечина и на безбедно место, каде нема директна визуелна линија кон предметот, односно во безбеден објект. Истовремено (на безбедна оддалеченост) се поставува стража која нема да дозволи пристап. Веднаш се повикува полиција на телефон 192 или Центар за управување со кризи тел. 112 или Дирекција за заштита и спасување надлежна за НУС тел. _______________. Се превземаат навремено и континуирано заради ефикасно

спроведување за во случај на активирање на оперативни мерки: оспособување на Штабот за ЗС, Универзалната единица и обучените поединци за ЗС за пружање прва помош, одржување вежби, обезбедување неопходни количини на санитетски средства, лекови и помагала и нивна одржување во испрана состојба односно рок на траење, обезбедување стручен кадар во работен однос обучен за давање прва медицинска помош и определување собирни места за повредени, сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места, доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување, повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација по правила, за лицата со потешки повреди после укажаната медицинска помош, се повикува прва медицинска помош која ќе ги транспортира до здравствените установи (Градска болница, Итна медицинска помош, Клинички центар - Скопје) до кои што од училиштето на ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, водат брзи сообраќајници.

И покрај подобрениот степен на водоснабдување, подобрување на санитарно-хигиенската состојба, урбанизација на населените места, степенот на здравственото воспитание на населението и вкупниот развој на превентивната медицинска заштита имаат огромно влијание врз намалувањето на заразните заболувања, но сепак епидемиолошката состојба во РМ е сеуште несигурна. Во самиот објект, како и во околината може да дојде до загрозеност и појава на епидемии и заразни заболувања доколку вработените и учениците не се придржуваат кон прописите за одржување на хигиена, и избегнување на блиски контакти со инфицирани лица и другите лица кои престојуваат и доаѓаат во ООУ, од канализациони системи и кои може да допринесат до загадување на водите кои се користат во одредени процеси.

Современите услови за живеење и работа, како и посериозниот техничко-технолошки развој, во голема мера придонесуваат за зголемување на степенот на загрозување од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, како и од акциденти со опасни материи. Загрозувањето од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација на ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар, може да претставува евентуално екстерно загрозување и хаварија или пожар во рафинеријата за нафта ОКТА. При евентуални случаи на радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, за спроведување на постапка за детекција, дозиметрија и деконтаминација ќе се остварува соработка и содејство со: Министерство за здравство, Дирекцијата за радиациона заштита, Дирекцијата за заштита и спасување, Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за одбрана, Републичкиот завод за здравствена заштита, а по потреба и со други органи и институции,

Согласно Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04 и 49/04), извршена е проценка на потребите и можностите за организација и раководење со заштитата и спасувањето и организирање на сили за заштита и спасување во ООУ „Киро Глигоров”–Скопје, Општина Центар. Раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување е организирано хиерархиски, по вертикала, ШТАБ-КОМАНДА-ПОМОШНИЦИ-ИЗВРШИТЕЛИ. Наредбите на повисокиот старешина, за извршување на определени мерки и активности уредени со Планот за заштита и спасување, се задолжителни за обврзниците во силите за заштита и спасување од понизок ранг.

Организацијата на раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување во ООУ, формиран е: Штаб за Заштита и спасување и Универзална Единица за заштита и спасување во ранг на вод со две Универзални одделенија и обучени поединци за прва медицинска помош, гаснење на помали и почетни пожари, спасување од рушевини и поплави, спасување, евакуација и згрижувања на загрозени лица, отстранување на последици од техничко-технолошки и несреќи од помал обем.

Опремувањето на ООУ, со опрема за заштита и спасување од природни и други несреќи, извршено е согласно Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување, донесена од Владата на Р. Македонија бр.19-5482/1 од 21.11.2006 год. како и согласно Техничките прописи за изградба. Исто така опремувањето е фундирано и врз основа на проценката на особеностите за опасностите од природни и други несреќи. Таа е опремена и да се доопреми со: ПП апарати за гасење на пожар, хидранти помошни алатки, скали и гумени обувки носила и санитетски материјал и друго.

Се спроведуваат редовни контроли и сервисирање на противпожарните апарати, исправноста на хидрантите, водоводната мрежа, и електричната инсталација. Да се постави систем за автоматска и рачна дојава за пожар. Систем за мониторинг обезбедување нема. Да се изврши поправка на громобранската инсталација према позитивните законски прописи. Во сите деловни простории да има поставено знаци за забрана , известување и предупредување од аспект на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи.

Во ООУ има вработено вкупно 61 лице, и учат вкупно 863 ученици од прво до деветто одделение. Наставата се одвива во прва смена од 7,30- до 15,00 часот. Во објектот има 30 ППА С-9, ППА С-50 – 4парчиња и 4- ППА ЦО2-5 распоредени по сите катови. Во подрумот-јавниот паркинг, има 5 хидранти и хидрантска опрема за гаснење со пена. Има вградено внатрешна хидрантска межа со 6 ѕидни хидранти на приземје, 5 ѕидни хидранти на прв кат и 5 ѕидни хидранти на втор кат. Има автоматски и рачен систем за дојава на пожар, громобранската инсталација да е во исправна состојба.

**Преглед на реализирани активности од Тимот за самозаштита**

| Реализирани активности | Време на реализација | Постигнати ефекти |
|---|---|---|
| Наставна содржина „Основни поими и видови на природни и технолошки опасности“<br>Наставата се реализира со прилагоден пристап според возраста и периодот во образование.<br>**Одделенски наставници/раководители**<br>**Ученици од I до IX одд.** | Септември | Ученикот умее да ги дефинира поимите „опасност“, „природна опасност“ и „технолошка опасност“, да дискутира за можните последици врз луѓето и природата, да препознае опасности во локалната заедница и да предложи мерки за самозаштита.<br>Учениците развиваат знаења и вештини за препознавање на ризиците, превентивно делување и правилно постапување во реални ситуации. |
| Наставна содржина „Земјотреси - препознавање, последици и мерки за заштита“ | Октомври | Ученикот умее да го објасни поимот „земјотрес“ и неговите основни карактеристики, да наведе последици од земјотрес врз луѓето, природата и инфраструктурата, да разликува природни катастрофи по нивните последици, да применува практични мерки на заштита во училишна или |

| | | |
|---|---|---|
| Наставата се реализира со прилагоден пристап според возраста и периодот во образование.<br>**Одделенски наставници/раководители**<br>**Ученици од I до IX одд.** | | домашна средина, да развие чувство на одговорност и дисциплина во случај на опасност. |
| Повикување на служби за итна помош<br>**Одделенски раководители**<br>**Ученици од VII одд.** | Октомври | Ученикот меморира клучни прашања како стратегија за пружање помош, знае и може да ги користи броевите за итен случај и учи како да остане смирен во дадени ситуации и да повика помош. |
| Наставна содржина „Поплави и лизгање на земјиште - превенција и постапување“<br>Наставата се реализира со прилагоден пристап според возраста и периодот во образование.<br>**Одделенски наставници/раководители**<br>**Ученици од I до IX одд.** | Ноември | Ученикот може да ги дефинира поимите „поплава“ и „лизгање на земјиште“, да објасни кои се причините и последиците од овие појави, да ги наведе мерките за превенција и заштита пред и за време на овие несреќи, да разликува правилно и неправилно однесување во вакви ситуации и да развие одговорно однесување и подготвеност за колективна акција. |
| Наставна содржина „Пожари - причини, последици и мерки за самозаштита“<br>Наставата се реализира со прилагоден пристап според возраста и периодот во образование.<br>**Одделенски наставници/раководители**<br>**Ученици од I до IX одд.** | Ноември | Ученикот умее да го објасни поимот „пожар“ и неговите основни карактеристики, да ги наброи и класифицира причините за пожари, да наведе последици од пожари врз луѓето, природата и имотот, да објасни мерки за самозаштита пред, за време и по пожар, да применува практични активности за самозаштита (евакуација, известување, користење на апарат за гаснење), да развие одговорност и дисциплина за заштита на заедницата. |
| Евакуациска вежба<br>**Директор, стручна служба, одделенски наставници/раководители, предметни наставници, администрација, техничка служба и обезбедување.**<br>**Ученици од I до IX одд.** | Ноември | Учениците се запознаа со постапките за безбедна и навремена евакуација во случај на опасност, се зголеми нивото на свесност и подготвеност за соодветно реагирање во вонредни ситуации, се унапреди дисциплината, координацијата и одговорното однесување при колективна евакуација, директорот и стручниот кадар ја провери функционалноста на планот за евакуација и меѓусебната соработка. |
| Наставна содржина „Експлозии и индустриски несреќи - основни правила за постапување“<br>Наставата се реализира со прилагоден пристап според возраста и периодот во образование.<br>**Одделенски наставници/раководители**<br>**Ученици од I до IX одд.** | Декември | Ученикот умее да ги дефинира поимите „експлозија“ и „индустриска несреќа“, да ги наброи причините и последиците од експлозии, да објасни правилно однесување во случај на експлозија, да разликува превентивни мерки од мерки за постапување, да примени практична вежба за евакуација или прва помош, да развие одговорно однесување за безбедност на себе и другите. |
| Физичка самозаштита - едноставни движења и избегнување на опасност. | Декември | Учениците се запознаа со едноставни движења за самозаштита и избегнување на опасност, се зголеми нивната свесност за личната |

| | | |
|---|---|---|
| **Одделенски наставници/раководители Ученици од I до III одд.** | | безбедност и правилно и смирено реагирање, се поттикна самодовербата и чувството на сигурност кај учениците. |

**ПРИЛОГ БР. 31**

## План за евакуација

Во случај на итност обезбедени се потребен и прописен број на евакуациони коридори, т.е можност за оддалечување од просторот на објектот за најкратко и најбрзо време, без било какви препреки и во најнеповолен случај кога би дошло до опожарување на дел од објектот. Во случај на евентуален пожар обезбеден е прописен број на излези од објектот согласно бројот на присутни во објектот (500) при што:

- овозможена е евакуација на вработените и учениците на излезите.
- Редвидениот број на излези и коридори за евакуација, прегледноста на евакуацуионите патишта, излезните врати кои се со пропиени димензии и голема пропусна моќ, овозможуваат брзо и непречено напуштање на објектот во случај на итност, директно на слободен и безбеденпростор.
- Патиштата за евакуација се прегледни, широки и релативно кратки во согласнсот со архитектонското решение како и бројот и локацијата на излезите во случај пожар.
- Како главна комуникација по која се одвива движењето е предвидено средишното скалишно јадро.
- Излезните врати од просторот, како и на внатрешни комуникации и патиштата за евакуација ќе бидат означени и осветлени со нужно и сигурносна панично светло, кое ќе свети мин. 2часа и дава осветленост од 1lx на висина од 20 см од подот.
- На елементите од сигурносните панични светилки ќе има ознаки со одредена големина, кои се видливи и јасно ќе ги означуваат излезите и правците на излезите во случај на итност.

**Излези и патишта за евакуација на загрозени лица и материјални добра од пожари и експлозии**

По сите евакуациони комуникации и над излезните врати ќе се постават сигурносни панични светилки со натписи (пиктограми) кои ќе ги прикажуваат излезите и правците за движење во случај на опасност.

Покрај општото светло во објектот е проектирана и панично светло со поставени светилки со вграден акумулатор. Овие светилки се во случај на испад на мрежен напон го покажуваат најкусиот пат за евакуација.
Надворешните и внатрешните комуникации обезбедуваат брза и сигурна евакуација на загрозените лица и материјалните добра.
Вработените и учениците во случај на пожар ќе се евакуираат преку ходниците и скалите кои се со соодветна широчина и излезите надвор од објектот. Истите се така организирани да евакуацијата е можна од секоја просторија кон надвор по најкраток пат.
Внатрешните патишта за евакуација се долж ходници и низ главното скалишното јадро изведено од армирано бетонска конструкција со пожарна отпорност од 3-4 часови.
Согласно капацитетот на училиштето предвидени се два излези за евакуација



Собирното место по евакуација на присутните од објектот, треба да биде оддалечено на околу 20 метри од објектот.

За објектот треба да се изготви план за заштита и спасување во случај на пожар како присутните без паника и гужва би го напуштиле објектот.





Насоката на евакуација во објектот е дадена на мапите за евакуација.


ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - ЕВАКУАЦИЈА
ОУ КИРО ГЛИГОРОВ
основа на прв кат
ЛЕГЕНДА НА ГРАФИЧКИТЕ СИМБОЛИ
- ВИЕ СТЕ ТУКА
- НАСОКА НА ЕВАКУАЦИЈА
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЧЕН АПАРАТ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР "S9"
- ПРОТИВПОЖАРЕН ХИДРАНТ Ф2
- РАЧЕН АПАРАТ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР "СО2-5"
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
РТ - РАЗВОДНА ТАБЛА
ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР
- ВЕДНАШ ПО ЗВУЧНИОТ АЛАРМ НАПУШТЕТЕ ГО ОБЈЕКТОТ;
- ЗАТВОРЕТЕ ГИ ВРАТИТЕ ПО ИЗЛЕГУВАЊЕ;
- ДОКОЛКУ ИМА ЧАД ОСТАНЕТЕ ДОЛУ КАДЕ ШТО ВОЗДУХОТ Е ПОЛАДЕН И ПОЧИСТ;
- ДОКОЛКУ НЕМА ЗВУЧЕН СИГНАЛ НА ПАТОТ ЗА ЕВАКУАЦИЈА, ВКЛУЧЕТЕ ГО НАЈБЛИСКИОТ АЛАРМ;
- ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР, НЕ ГИ КОРИСТЕТЕ ЛИФТОВИТЕ;
- КОГА СТЕ ВЕЌЕ ИЗЛЕЗЕНИ, НЕ СЕ ВРАЌАЈТЕ НАЗАД;
- ДОКОЛКУ ГОРИ ВАШАТА ОБЛЕКА, ЗАСТАНЕТЕ, ЛЕГНЕТЕ И ТРКАЛАЈТЕ СЕ;
- БРЗО ОЛАДЕТЕ ГИ ИЗГОРЕНИЦИТЕ СО ВОДА И ПОБАРАЈТЕ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ.
192 - ПОЛИЦИЈА
193 - ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА
194 - БРЗА ПОМОШ


ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - ЕВАКУАЦИЈА
ОУ КИРО ГЛИГОРОВ
основа на приземје
ЛЕГЕНДА НА ГРАФИЧКИТЕ СИМБОЛИ
- ВИЕ СТЕ ТУКА
- НАСОКА НА ЕВАКУАЦИЈА
- ПАНИЧНО СВЕТЛО
- РАЧЕН АПАРАТ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР "S9"
- ПРОТИВПОЖАРЕН ХИДРАНТ Ф2
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР
- РАЗВОДНА ТАБЛА
ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР
- ВЕДНАШ ПО ЗВУЧНИОТ АЛАРМ НАПУШТЕТЕ ГО ОБЈЕКТОТ;
- ЗАТВОРЕТЕ ГИ ВРАТИТЕ ПО ИЗЛЕГУВАЊЕ;
- ДОКОЛКУ ИМА ЧАД ОСТАНЕТЕ ДОЛУ КАДЕ ШТО ВОЗДУХОТ Е ПОЛАДЕН И ПОЧИСТ;
- ДОКОЛКУ НЕМА ЗВУЧЕН СИГНАЛ НА ПАТОТ ЗА ЕВАКУАЦИЈА, ВКЛУЧЕТЕ ГО НАЈБЛИСКИОТ АЛАРМ;
- ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР, НЕ ГИ КОРИСТЕТЕ ЛИФТОВИТЕ;
- КОГА СТЕ ВЕЌЕ ИЗЛЕЗЕНИ, НЕ СЕ ВРАЌАЈТЕ НАЗАД;
- ДОКОЛКУ ГОРИ ВАШАТА ОБЛЕКА, ЗАСТАНЕТЕ, ЛЕГНЕТЕ И ТРКАЛАЈТЕ СЕ;
- БРЗО ОЛАДЕТЕ ГИ ИЗГОРЕНИЦИТЕ СО ВОДА И ПОБАРАЈТЕ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ.
192 - ПОЛИЦИЈА
193 - ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА
194 - БРЗА ПОМОШ

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Скопје, Центар
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14  1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 02/6142-744, 070/296-661,  e-mail: oukirogligorov@centar.gov.mk

**Полугодишен извештај за работа на ООУ „Киро Глигоров“  во учебната 2025/2026 година**

**Тим кој учествувал во изработката на Полугодишниот извештај за работа на училиштето:**

- Билјана Билбиловска - директор
- Марина Стојановска - педагог
- Дијана Митевска – психолог
- Татјана Багеска-специјален едукатор и рехабилитатор
- Жане Шаркова – библиотекар
- Сања Пејчиновска Крстиќ- предметен наставник
- Павлинка Цонева – предметен наставник

Скопје, 4.2.2026 год.    **МП**    **Директор**

______________________________    ___________________________

**Претседател на Училиштен одбор**    **Билјана Билбиловска**

**Александра Анчева**